ГЕОРГИ ХРИСТОВСКИ

ДНЕВНИКОТ

Мојата борба во егејскиот дел на Македонија (1946 – 1949)



Сотир (Сем) Ристовски е роден на 11.6.1937 во с. Турје, Леринско, Егејска Македонија. Како дете-бегалец во 1948 год. бил одведен во Бела Црква на југословенско-унгарската граница. За време на Граѓанската војна во Грција татко му бил учител по македонски јазик во ослободените територии. Во 1950 ја напуштил бела Црква и се прибрал кај родителите во Скопје каде завршил основно училиште. Во 1954 год. со родителите и двајцата браќа Стојче и Ставре се преселува во западна Австралија, а во 1960 се сели во Мелбурн, каде по неколку години отвора сопствен бизнис од областа на градежништвото. Од 1965 година, па наваму активно учествува во животот на Македонската заедница во Австралија, а пред се во црковните организации каде има значајни функции, како и во организациите на децата бегалци. Во 1992 година избран е за делегат на Првиот светски македонски конгрес на децата бегалци. Тој е носител на првиот издаден пасош на Република Македонија во 1992 година. Учествува како организатор во бројни патриотски и хуманитарни активности на Македонците во Австралија.

ГЕОРГИ ХРИСТОВСКИ

ДНЕВНИК

Мојата борба во егејскиот дел на Македонија (1946-1949)

АВТЕНТИЧНИ СВЕДОШТВА ЗА БОРБАТА НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД ВО ЕГЕЈСКИОТ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА ВО ПЕРИОДОТ ОД 1946 – 1949 ГОД. ЗАПИШАНИ ОД УЧЕСНИКОТ ВО ТИЕ БОРБИ ГЕОРГИ ХРИСТОВСКИ

GEORGI HRISTOVSKI

DIARY

My fight in the Aegean part of Macedonia (1946 – 1949)

AUTHENTIC TESTIMONY OF THE STRUGGLE OF THE MACEDONIAN PEOPLE IN THE AEGEAN PART OF MACEDONIA IN THE PERIOD OF 1946 – 1949. WRITTEN BY THE PARTICIPANT IN THOSE FIGHTS GEORGI HRISTOVSKI

ГЕОРГИ ХРИСТОВСКИ

ДНЕВНИК

Мојата борба во егејскиот дел на Македонија
(1946 – 1949)

Приредил:

Сотир РИСТОВСКИ

Издава Македонското литературно друштво
„Григор Прличев“
P.O. Box 227 Rockdale NSW 2216 Australia
За издавачот: Душан Ристевски
Рецензент: Александар Донски
Техничко уредување и корица: Александар Донски

Објавувањето на оваа книга во целост е финансирано од приредувачот на книгата Сотир Ристовски од Мелбурн, во чест на својот брат Георги Христовски

GEORGI HRISTOVSKI

DIARY

My fight in the Aegean part of Macedonia (1946 – 1949)

Published by the Macedonian Literary Association
“Grigor Prlichev”
P.O. Box 227 Rockdale NSW 2216 Australia
For the publisher: Dushan Ristevski
Reviewer: Aleksandar Donski
Technical Editor and Cover design: Aleksandar Donski

National Library of Australia card number and
ISBN 978 0 6454209 8 2

2022 год.

ДНЕВНИК СО НЕПРОЦЕНЛИВА ИСТОРИСКА ВРЕДНОСТ

Дневникот од Георги Христовски претставува материјал од голема историска вредност. Тоа е еден од ретките дневници со толку детални автентични записи од случувањата во егејскиот дел на Македонија за време на Граѓанската војна во Грција, но и извесен период од пред и потоа. И тоа дневник пишуван од сведок и учесник во важни историски событија од тоа време. Георги Христовски како командир и комесар на македонските единици во егејскиот дел на Македонија бил сведок и лично учествувал во голем број вооружени судири на Грамос, Вичо, Олимп и други делови од Македонија, каде неколку пати бил и ранет. Држел и говори на македонски јазик на митинзите во македонските, комуницирал со клучните функционери од тие событија села и нуди вредни податоци за случувањата и секојдневнието на македонските и грчките борци во редовите на ДАГ. Практично се работи за сведоштва од македонски херој кој досега не беше доволно познат во македонската јавност. Во неговиот Дневник во детали се опишани најзначајните воени судири на планината Вичо и на други места во кои Георги лично учествувал, но и податоци за внатрешната организација на македонските единици, за нивната соработка со грчките демократи, за голготата по поразот на ДАГ и сл. Сигурни сме дека отсега па натаму овој Дневник ќе биде незаобиколна историска литература за

сите идни истражувачи на периодот на Граѓанската војна во Грција кога се случи последната вооружена борба на Македонскиот народ во егејскиот дел на Македонија со цел обезбедување основни национални права. Овој Дневник автентично бил пишуван на грчки јазик, а во 1988 година од страна на авторот е преведен на македонски. Една година пред својата смрт (1992 година) Георги го дал ракописот на својот брат и приредувач на оваа книга Сотир Ристовски, кој пред извесно време го ставил во компјутер, а за потребите на ова издание се направени ситни лекторски интервенции со цел текстот да биде претставен на македонски литературен јазик без да се наруши неговата содржина. Да се надеваме дека овој Дневник ќе придонесе за заслужено валозирирање на улогата на херојот Георги Христовски во македонската историја.

Александар Донски

АВТЕНТИЧНИ ЗАПИСИ И СВЕДОШТВА ОД МАКЕДОНСКИОТ БОРЕЦ ГЕОРГИ ХРИСТОВСКИ

Роден сум во 1916 год. во село Турје во сиромашно работничко семејство. Во 1937 год. служев војска во градот Кожани 22 месеци.

На 10.07.1940 год. со посебна покана бев мобилизиран во Солун во артилериска дивизија каде што вежбавме за да можеме да го спречиме нападот што се очекуваше од италијанската фашистичка војска.

На 28 октомври 1940 год. за време на нападот од Италија на Грција јас се наоѓав во Солун со 320 артилерци со кои заминуваме за Атина.

Во Атина во Кралскиот парк нѐ пречекаа англиските команданти од противоздушната артилерија тип визер-88 со електронско управување, а командантот беше Вокс Баитис.

По едномесечно вежбање се оформија 12 противоздушни батерии, а јас бев во 10 батерија која се состоеше од 4 топа и тоа како нишанџија по хоризонтала, додека командир ни беше капетан Буас Павлос.

По одржаните вежби сите 12 батерии се построивме близу пристаништето Пиреја.

Во присуство на грчки и англиски генерали тука направивме пробно стрелање на авион на кој врзана врекѓа со жица 300-400 метра долга.

По извршената проба од 12 батерии останавме 3 меѓу кој и јас, а останатите заминаа за Северна Грција.

Трите батерии се стациониравме во Пиреја, каде до последниот момент водевме

борба против италијанските и германските авиони односно до 28 април 1941 год. кога капитулира Атина.

Во овој период на борби имаше доста дезертерства, односно од 85 борци останавме 28, еден поручник и капетанот командир Вуас Павлос. Откако ги покривме топовите и другата опрема го минавме пристаништето и влеговме во Атина.

Тука командантот ни даде на сите преостанати борци потврда оверена од англискиот полковник дека сме се бореле до крај и дека сме одликувани.

По краток двенеделен одмор облечени во цивилна облека јас со уште двајца борци од Леринско тргнаме пеш за дома во Лерин. По големи перипетии по патот преправајќи се во сè и сешто стигнавме во Лерин на 20 мај 1941 год.

Кога пристигнав во селото бев пречекан од моите родители и мојата сопруга која беше во црнина бидејќи на албанскиот фронт загина братучедот Тодор Лазаров

Планините околу селото беа полни со оружје кое Грчката војска го остави по поразот од Италија. Тоа оружје ние го прибравме и го сокривме по колибите и плевните.

Во овој период економската положба на нашето семејство беше многу лоша, па затоа одевме во битолските села за да работиме.

Таму бевме фатени од Бугарите, кои нè принудија да извадиме лични карти за слободно движење во вардарска Македонија.

Во 1942 год. во нашето село се појавија партизански единици на ЕЛАС меѓу кој беа и

Илија Димовски - Гоче, Ставре Мангов, Вера Балова и други.

Со нивното доаѓање сите младинци од селото се организиравме во резервните единици на ЕЛАС и земавме активно учество во борбите против окупаторот.

Во мај 1943 година нашето село беше опколено од Германците бидејќи пред тоа на планината Чаулата, борците на ЕЛАС се судрие со Германците, а во селото најдоа крв, па мислејќи дека во селото има ранети партизани фатија 14 селани и ги поставија да ги стрелат ако не кажат каде се ранетите партизани.

Меѓутоа со големи маки селаните успеаја да им објаснат дека крвта што ја видоа е од скопено куче, а не од ранети партизани и така ги ослободија селаните.

Со добра организирана активност на чело со Илија Димовски - Гоче, Мичо Топурковски, Танас Коровошев и други, ние зедовме активно учество во борбите против Германците.

Во септември 1944 год. дојде до судир внатре во ЕЛАС за Македонското прашање, па ние преминавме во село Драгор (Битолско) каде се формира еден батаљон со борци од егејска Македонија по што повторно влеговме во нашите села.

При судирот со ЕЛАС ни загина делегатот Перо од вардарска Македонија. По овие борби нашата единица влезе на албанска територија, а потоа во Преспа и во Ресен каде се најдовме со други борци.

Раководители беа Наум Пејов, Михаил Керамитчиев и други. Овде се случи реорганизација на нашата бригада. Јас влегов

во специјалниот батаљон каде командант беше Крсте Мангов, а јас бев комесар на чета.

Во Гостиварско, Кичевско и Тетовско водевме борба со балистите. Таму јас станав командир на чета, а комесар ми беше Кирјако Цолев.

Во овој период во неколку места во Гостиварско разоружавме доста балисти и заробивме 28 души.

По ослободувањето на Битола, Скопје и други градови во Македонија и Југославија, на 9 мај јас се најдов во валандовските села. Тука се расформираа бригадите од егејска Македонија и влегоа во единиците на вардарска Македонија.

Јас презедов функција Комесар на чета, командир остана Шалевски Блаже од Прилепско, а командир на батаљон Кировски Ристо.

Ние се распоредивме покрај границата бидејќи во овој период бегаа усташи, четници и балисти за Грција.

Во јуни со посебна покана заминав за Струмица каде привремено бев назначен за командант на пешадиска единица.

Овде се стретнав со мојот командант Боро Коровешов. Бидејќи јас добро ја познавав артилеријата, по донесувањето на хаубиците од СССР бев назначен за командир на артилерија во 41 дивизија.

Со руската опрема вршевме обука на младите артилерци, па во Струмица останав до јануари 1946 год.

Од Струмица по наредба заедно со 35 војници и офицери заминавме за Штип во артилериските единици.

Со расформирањето на 41 дивизија јас дојдов во Скопската артилериска единица.

Во март 1946 год. се демобилизирав и се вработив во Окружното инжинерство, каде работев како раководител на материјалните складови, односно градевме мостови во Битола.

Во мај 1946 год. ја преминав грчката граница без дозвола и си го доведов семејството од Грција (жена и ќерка) во Битола.

На 2 септември 1946 год. по деректива, заедно со 120 борци од егејска Македонија преку Албанија влеговме во Грција.

Во Грција, т.е. егејска Македонија во близина на селото Вмбени комплетно се вооруживме.

Групата што раководеше со оружјето ја водеше младиот Лазо Ковачев. Потоа се сретнавме со Михаил Керамитчиев, кој нѐ раздели 120 борци во 2 одреди со по 60 борци. Со едниот раководеше Атанас Ангеловски-Гарефи, а со другиот јас Христовски Георги Фотинос. Потоа јас се споивме со одредот на Калков Георги од Вишени и формиравме единствен одред партизани со командант Калков Георги, а комесар останав јас. Тогаш почна Граѓанската војна во Грција во која најголемите жртви ги даде егејска Македонија.

Граѓанската војна заврши во август 1949 година, а јас бев жив и сведок на тие настани.

Како што спомнав, во 1946 год. бев вработен во Битола во Окружното битолско инжинерство како заменик на шефот по

снабдување. Директор на ова претпријатие беше Геоги Младенов.

Во тоа време во градот дејствуваше и работеше Одбор на егејците, на кој одговорен беше Ставро Мангов од село Дмбени.

Еден ден тој ме инфомира дека имал разговор со Гоче (Илија Димовски) и дека сакале да испратат една единица егејски Македонци на Вичо планина каде се воделе крвави борби, а затворите и островите биле полни со припадници на нашиот народ.

На 4.9.1946 год. дојде Гоче и нè собра околу 120 борци, а мене ми даде писмо за Михаил Керамитчиев. Потоа нè одведоа со камиони до албанско-југословенска граница кај Отешево. Таму се изврши контрола при што ги оставиме сите документи, воени книшки, лични карти и сл.

Кога видоа дека сум офицер на ЈНА ме поканија посебно, а потоа нè советуваа да не кажуваме од каде сме дојдени во Грција. Ни рекоа дека нашите документи ќе останат во Битола и доколку решиме да се вратиме, ќе можеме да си ги земиме.

Јас му реков на надлежниот дека имам жена и девојче од 8 години, кои останаа во Битола и му ја дадов адресата.

Пристигнаа и други камиони од Албанија, нè товарија сите и нè префлија на грчко-албанската граница близу село Дмбени.

Овде нè пречека Лазо Ковачевски со неговата група и нè праша кој е одговорен. Му одговорив дека сум јас, но дека има и други офицери меѓу кои и Атанас Гарефи, Атанас Казев и други. Се формира одред при што на

секој десетти борец му дадоа еден италијански пушкомитралез, а ни дадоа и шмајзери автомати. За мене не остана оружје и јас им реков: „Мене што ќе ми дадете? Овчарски стап за да пасам овци?“ Надлежниот ми рече: „Не се секирај, имаме оружје и на друго место, ќе најдеме нешто и за тебе“.

Следниот ден стигнавме во Малимади над селото Смрдеш. Таму нè пречека Михаил Керамитчиев. Му го дадов писмото од Гоче и го прашав што пшишува? Тој се насмеа и ми кажа дека пишувало оти во груипата имало југословенски офицери. Му реков дека тоа сме ние, но дека сме егејски Македонци. Тогаш тој нè подели и формира две групи. Јас имав 50 борци. Прво се отспавме и убаво се одморивме. Потоа Гоче ми даде еден италијански пиштол, по што заминавме на Вичо.

Додека одевме по планинските села луѓето бегаа од нас и се плашеа. Стигнавме над трсјанските планинии каде се одморивме. Селаните ни донесоа храна. Со нас беа и Ристо Барута, Ило Пејов Киатипо, Ило од Арменско, Поп Лазаров Лазо и други.

На другиот ден тргнавме и поминавме низ селото Трсје. Ни јавија дека грчката жандармеријата побегнала. Минавме преку трсјанските шумни гори и излеговме на Турјанската пресека од каде се гледаше селото. Наредив борците да се подготват бидејќи не знаевме што има во селото.

Тргнавме по патеката покрај манастирчето „Св. Илија“. Слушнав дека во селото Турје лаат кучињата, па презедов мерки за претпазливост. Свртев лево и почнав да се доближувам кон

селото. Видов една жена Стефанка Шишкова како ми мавта со црна шамија.

Свртев лево и заземав позиција кај манастирчето „Св. Танас“. Отворив рафален оган со пушкомитралезот над селото.

Во паника побегнаа 10 грчки жандари на чело со капетанот Стати од Коломнати. Почекав да се стемни, по што испратив една мала група да проверат каква е состојбата во селото. Ми рекоа дека нема никој и влеговме целиот одред. Излегоа мајка ми, татко ми и тројцата малолетни браќа. Мајка ми плачејќи низ солзи ми рече: „Ти си ги одведе жената и детето, што бараш сега овде?“ Дојде и дедо ми Коле (татко на мојот татко) и ми рече: „Ти бре куче кога ќе ја ослободиш Македонија?“ Сите ме гушнаа и плачеа. Многу познати дојдоа да се видиме. Откако борците се одморија, тргнавме за Вичо планина.

7.9.1946

Вечерта пристигнавме во подножјето на Вичо планина. Се сретнавме со Калко Георги од село Вишени со кого имаше 40-45 борци Македонци. И нему му дадов порака од Михаил Керамитчиев, по што направивме реорганизација.

Овде ги сретнав и Цали од Дмбени, како и младите партизани: Каротолев Ламбре, Поп Илиев Ставре, Ендриев Коле и други борци.

Одредот имаше три германски митралези, еден чешки, три англиски и три француски, додека другите беа италијански. Командир на одредот беше Калко Георги, а комесар Христовски Георги. Имавме курири, готвачи,

саботери и сите меѓусебно се запознаа и се радуваа. Три дена таму се одмаравме.

Грчката полиција дознала за нашето формирање. Јас ги замолив борците да ми дадат некој прекар, т.е. конспиративно име. Крена рака Ламбро Каратолев од Вишени, кој предложи да ме викаат Фотинос. Се согласив и така станав „Грк од Тесонел“. Ова го направив затоа што во селото Турје беа татко ми, мајка ми и трите браќа. Полицијата секој ден доаѓаше во селото, па ако дознаеја дека сум таму, ќе го доведев во опасност моето семејство.

Со формирањето на одредот оживе и отпорот на нашиот Македонски народ. Почнаа да се пријавуваат млади партизани од многу села. Постојано бевме во движење и ги контролиравме селата, поставувавме заседи на преодните патишта и пресеки, како на пример кај Рунгел, Буф, Арменско. Се сретнавме и со малите одреди на Лефтер, Гарефи, Кизе и Карапера.

На Вичо овој период беше формирана една мала партизанска единица исклучиво од Грци и по некој Македонец. Раководител беше Пандо Војната од Сребрен. Се појавија и некои раководни лица од ГКП во северна Грција како што се: Тодор Ефтимијадис, Кацакос Лефтерис и други. Јас постојано бев во контакт со нив и водевме дискусии за обединување на одредите и политичките организации.

25.9.1946

Една банда полицајци го нападна село Блаца под Вичо планина и почнаа да го малтретират и тепаат народот. Едно овчарче ни

кажа за ова додека бевме на Вичо и веднаш нашите два одреда (мојот и на Калко Карапера), го заобиколиме селото.

Борбата почна околу 12 часот. По првите рафали од нашите пушкомитралези полицијата прсна да бега по патот. Ние влеговме во селото и најдовме три шинели обесени во собата на еден селанец.

Се собравме во селото двата одреда и направиме мал митинг. Прв пат јас зборев на македонски јазик. Се радуваа младите и веднаш тројца од нив од село Блаца се јавија како доброволци да дојдат со нас партизани.

11.10.1946

Нашиот одред падна во заседа на патот од Вишени за Тиолишта. Се судривме со полицијата и ни заробија 30 борци кои ги однесоа во Костур. Бевме предадени од некој шпион од село Вишени, кој јавил на жандармеријата по што дојде полиција од костурските села. Борбата почна рано, ние отстапивме и заседовме позиција над селото Тиолишта.

Полицијата повторно се врати во село Вишени, каде запалија девет куки, меѓу нив и куќата на Калко Георги. Гледавме како над целото село се идигнува чад. Георги гледаше во мене со насолзени очи. Со нас беа и Ламбо Каратолев, Ендриов Коле и други.

Забелешка.

Направив прекин во водењето на дневникот, но од 16.10.1946 редовно пишувам секој ден до 17.10.1946 год.

16.10.1946

Единиците се стационираа на подножјето на Вичо планина. Овде се формира друг партизански одред. Бевме 75 партизани во три вода и една мала група. Командир на одредот е Атанас Кузев од село Нерет а командир сум јас Христовски Георги „Фотинос“ од село Турје.

18.10.1946

Двата партизански одреда се стационираа источно од планината Вичо. Монархо-фашистичката војска и жандармерија се подготвуваа за напад.

Во 10 часот сабајле од пресеката Бапчор-Лаген од едната страна, од западна страна, откај село Прекопана пристигнаа курири кои нѐ известија за доаѓањето на жандармеријата од Костур.

Источно од Вичо бев јас со Кизе Атанас. Југозападниот дел го држеа Георги Калков и Цали. Нападот почна од двете страни, минофрлачи, пушкомитралези, војска, полиција, со мене се Пандо Шиперко, Михаил Карамитџиев и други.

Офанзива, контра-офанзива, нападнати сме од 3-4 илјади војска и полиција. Зедов тројца партизани и еден пушкомитралез и се спуштивме во една нива зад една стена камен. Стигна војската и почна жестока борба.

Непријателот беше на 150-200 метри од мене, но се гледаше дека се војска, а не жандармерија. Пристига и друга единица и виканаа: „Удрете!“ Во тој момент еден рафал ме погоди во левата страна со три куршуми во колкот, но коската ми остана неповредена.

Возвративме и ние со пушкомитралези. Испратив војник да му соопшти на Атанас Кизев оти сум ранет. Кузев даде наредба да се повлечеме нагоре и така јас се спасив, се прибрав кај Михаил Керамитчиев, каде ме преврзаа и на еден коњ вечерта се повкелов од Вичо. Стигнавме во Малимади над село Смрдеш. Во овој судир ние имавме четворица ранети, а непријателот, како што дознавме, имал шесмина убиени и неколку ранети. Бил убиен и еден потпоручник.

9.11.1946

Јас сум ранет и се наоѓам во одредот на Георги Калков. Пред неколку дена бев на албанската територија заради преврска, по што пак се вратив. Коската на колкот не е повредена. Времето е магливо и се наоѓаме близу село Бесвена. Во 12 часот нѐ нападна полицијата од Желево. Имавме преземено мерки со две десетини, но магливото време овозможи полицијата да нѐ нападне токму кога бевме построени за ручек.

Овде имавме двајца загинати и тоа: Коста Бранчев од село Арменово и Христо Калапута од Нестрам. Беше ранет Мичо Аџиовски од село Герман, кого го испратвме во Југославија.

Успеавме да фатиме еден полицаец жив, него го фати Пандо Ефтов од моето село Турје кого го стрелавме во Бесвинска арамиска дупка.

15-16.11.1946

Одредот на Калков се наоѓаше на Трсјанските планини. Овде беа Гоче, Карамитџиев и Наум Пејов, кои дискутираа за организирање Н.О.Ф. Овие денови полицијата ја

запали куќата на Георгиев Минчев Стојан во село Турје.

17-19/11/1946

Одредите на Калков, Кизе и Лефтер и една партизанска единица од 40 души со командир Ангеловски Атанас Гарефи пристигнаа во село Бапчор. Останаа само одредот на Карапера Сињачко во Прекопана Вичо како стража на јужниот дел на Вичо.

Овие три дена се историски за нашиот Македонски народ од егејска Македонија. Реакцијата доцна дозна за овој собир. Почнаа да нѐ клеветат по весниците дека сме бандити и арамии. На прво место пристигнаа делегати од политичките организации и партизански одреди, сите Македонци. Некои од нив се:

1	Паскал Митровски	
2	Керамитчиев Михаил	
3	Поплазаров Лазо	
4	Вангел Којчев	село Баница
5	Виктор Којчев	село Баница
6	Вера Балова (Фотева)	село Дмбени
7	Гоче Димовски Илија	село Статица
8	Хистовски Георги (Фотинос)	село Турје
9	Михаил Апостолски (гранити)	
10	Олевки Лефтер	село Баница
11	Боцев Ташо	село Екши су
12	Мангов Вангел	село Жупанишча
13	Патката ???	село Асаново
14	Тодор Николов	село Котори
15	Боцев Андреа	село Ајтос
16	Мати Булев	село Екши су
17	Манго Ставрев	село Дмбени

18	Калко Филков	село Дмбени
19	Наум Пејов	село Габреш
20	Пандо Шепеков	село Смрдеш
21	Калко Георги	село Вишени
22	Ангеловски Атанас Гарефи	село Лабаница
23	Џугоманова Софја	село Баница
24	Уранија Јурикова	село Изелаби
25	Раковски Павле	село Раково
26	Тоали Цалев	село Дмбени
27	Цилангата ?	село Загоричени
28	Поп Илиев Ставре	село Ајтос
29	Ѓакида Ламбр(травела)	село Сребрени
30	Ковачев Лазо	село Смрдеш
31	Кузов Атанас	село Нерет

и други активни борци Македонци од кои најголем дел херојски загинаа во таа света Граѓанска војна.

Од страна на Грците присутни беа:

1 Тодор Ефтимијадис
2 Касандро Слобода
3 Аминдас Станос Кузмас
4 Кацакос Лефтерис
5 Фоти
6 Сократи
7 Македона Неделков Георги, доктор
8 Спартакос
9 Ригас
10 Стратос

Состанокот имаше голем успех, се донесе решение за формирање Штаб на Вичо во кој влегоа следните другари:

1) Пандо Шеперков (Командант на Штабот, Македонец).

2) Аминдас Козмас-Спанос (Грк).
3) Гранити Михали Апостолев (интендант, Македонец).
4) Македона Неделков Георги, диафотистис (Грк доктор).
5) Христовски Георги Фотинос (задолжен за агитација и пропаганда, Македонец).
6) Фоти од Псодери (секретар).

Значи тројца Македонци и тројца Грци, влегоа во Штабот. Како штабни офицери беа назначени: Сократи, Ригас и Кацакос Лефтери. Оттогаш единиците почнаа да дејствуваат организирано и обеденети и да ги чистат територите во Леринско, Костурско и Воденско.

20/11/1946

Се изврши реорганизација на одредот на Пандо Војната, кој се пополни и сега имаше 70-75 борци. За Комесар на одредот беше назначен Стојан Мичов Димитров од село Буф.

Забелешка

Во штабот како *диафотистис* (агит-проп) јас бев од 18.11.1946 до 1.1.1947 година. По загинувањето на Стојан Мичов Димитров ја презедовв функцијата Комесар на Третиот партизански одред на Пандо Војната (види воена книшка Штаб Вичо ДАГ број 117).

21.11.1946

Два одреда се наоѓаат во Прекопана. Овде сме и ние со Пандо Шиперков и Аминда. Организиравме митинг сред село, на кој јас зборував за успехот на нашите единици. Зборував на македонски јазик, но во

селото имаше една група кои се занимаваа со шпионажа,

Следниот ден грчките весници од Солун пишуваа дека на Вичо имало „бандити од Југославија“.

Ние направиме план како да го ликвидираме командирот на грчката полиција во селото Мокрени по име Делис, кој беше убиец на многу наши Македонци во тој реон.

22.11.1946

Едно одделение од 15 души ги поставив како заседа во местото Дауло. Добивме информација дека Делис со неговата група ќе оди во Екши су. Борците се поставија од сите страни. Јас, Лефтер, Цавела и Галани бевме близу до мостот на џадето. Околу десет часот се појави жандармеријата облечени во униформи.

Ние не можевме да разбереме кој од нив е Делис командирот. Се движеа внимателно на 10-15 метри еден по друг. Еден полицаец викна: „Командире гледај горе во шумата има еден со пушка.“ Тој го извади автоматот и почна да пука по партизанот, но во тој момент Галани пукаше во него со шмајзерот и полицаецот падна во нивата.

Пукавме и ние со Лефтери и ранивме друг полицаец, кој избега во нивата и се сокри. Командирот Галани отрча по него и го фати жив ранет. Кога го извади на џадето видовме дека тоа е Делис. Тој почна да вика: „И јас сум демократ“, но Галани го покоси со еден рафал. Дојдоа и останатите партизани, го соблекоа, зедоа сѐ што имаше и тргнавме.

Галани остави лист со запис над голиот труп на Делис на кој пишуваше: „Вака ќе пцовисате сите убици на нашиот народ“. Во тој миг стигна една жена од с. Мокрени со едно магаре, го позна телото и ни рече: „А бре деца го исчистивте ова куче. Елајте да ви дадам едно теленце“. Ние ѝ рековме: „Бегај бабо дома, сега ќе дојде војска и полиција, па да не настрадаш и ти“.

По еден час стигна полиција и војска од Костур и почна борбата која траеше до вечерта, но немаше ниту еден ранет. Следниот ден сите грчки весници пишуваа за смртта на нивниот диктатор Делис.

25.11.1946

И натаму се наоѓам во Калковскиот одред. Рано наутро го нападнавме селото Невеска, каде беше стационирана полициска станица и доброволци контраши од други села.

Удривме и со противтенковско и со малокалибарско оружје, но немавме успех. Им пристигна помош со полицајци и војска од другите села. Се повлековме во прекопанските долини и водевме борба до вечерта. Овде загинаа Петре Цигуловски од село Бапчор и едно младо момче од село Железник.

27.11.1946

Јас, Пандо Шиперков и Аминда се наоѓаме во одредот на Пандо Војната во Штабот на Вичо. Овде е и секретарот на КПГ Теодор Ефтимијадис (околија Леринско-Костурска).

По извештајот за нашите единици, се отвори дискусија од секретарот Тодор за некој раскол и дејствување на некои Македонци кои не се согласувале со нашето обединување, при што се предложи тие единици и групи да се разоружаат и да се фатат.

Пандо Шиперко, Пандо Војната и јас не се согласивме и рековме дека таа работа не е наша одговорност, туку на политичките и партиски органи.

По завршувањето на состанокот командантот Пандо Шиперков ми постави задача, ако се најдат такви групи веднаш да ги префрлиме во Југославија.

Забелешка:

Една таква група јас најдов во село Прекопана. Ги предупредив и ги протеравме. Но, некои се сретнале со Грците во нашиот штаб и се дозна за ова. Потоа Тодор ладно се однесуваше спрема мене и Шиперков.

30.11.1946

Стигнавме во село Турје со Калковскиот одред. Со нас се и Шиперков, Аминда и Гранити. Овде во селото се мајка ми и татко ми и други селани. За прв и последен пат направивме митинг во селото.

Зборував за ситуацијата во Грција и за нашата борба. Ги предупредив селените дека во село Коломнати некој соработува со грчката полиција и ги замолив да не се занимаваат со шпионски работи. Им реков: „Јас сум овде заради вас, а ако дознаете нешто, ќе бидам зад Каменик планина“.

Потоа заминав од селото и се поздравив со мајка, татко, дедо и другите селани. Го предупредив татко ми: „Ако видите дека сте во опасност, бегајте во Битола во Југославија“.

1-2.12.1946

Нашиот одред и одредите на Олевски и Лефтер (преспанскиот одред) се наоѓаме во село Трсје. Се одмараме и правиме план за напад на месноста Бигла Псодери. Вечерта поставивме заседа и ја нападнавме полициската станица.

Војската веднаш им пристигна на помош од Лерин. Водевме борба до вечерта. Двата одреди заробивме четири војници и ранивме еден војник. Ние имавме еден убиен партизан од село Арменско, Лерин и еден тешко ранет по име Мавро од село Баница кој почина од раните по два дена.

17.12.1946

До овој датум јас два-три пати ги менував одредите. Заедно со Пандо Шиперков, Гранити и други постојано сме во движење по планинските села Бапчор, Прекопана, Белкамен и други.

Постојано одржуваме врска со позадинските единици. Времето е снежно. Планираме да добиеме некое тешко оружје минофрлачи, панцери и друго.

Имаме и нови борци, младинци и постојано држиме собири и митинзи. Јас секогаш зборувам на македонски јазик, но поради мојот псевдоним „Фотинос“ на некои им беше сомнително и мислеа дека сум Грк.

17.12.1946

Стигнавме во Прекопана. Известени сме од Лазо Ковачев (позадински партизан), за движењето на еден батаљон војска и жандари од селата Тиолишта и Шештево.

Веднаш тргнавме двата одреда на Калков Георги и Атанас Кузев, а со нас се и Пандо Шеперков и Аминда.

Во 12 часот почна борба во планините над село Черешница. Напаѓаме од сите страни. Гори планината, а непријателот почна да се повлекува.

Тргнавме во офанзива и заробивме еден војник и запленивме два коњи на офицери, но имавме четворица ранети партизани.

Вечерта отстапивме во село Прекопана, каде се одморивме. Партизаните мене ми го подарија белиот коњ, а црвениот го зеде Аминда. (Постои фотографија со мене и курирот Колче Едриов од село Вишени кој подоцна загина во борбите).

10.1.1947

Штабот се наоѓа во Прекопана. Информирани сме од позадинските борци Тодор, Којчев Вангел, Виктор и други дека дошле новинари Англичани, кои сакале да се сретнат со нас. Пандо Шиперков (командант на Вичо) испраќал курири по одредите да се подготват, да го исчистат оружето и да се избричат борците.

Стигнаа Македона доктор, Фоти, Рига, Гранити, Лефтер Олевски, Гакидас Хараламбоу, Гарефи Атанас, Димитров комесар на Пандо Војнов и други партизански борци.

Целиот штаб и одредите пристигнавме во Белкамен и ноќта презедовме мерки на внимателност. Одредот на Калков се наоѓа во село Лаген на планината и го контролира патот од Лерин.

11.1.1947

Раното се формира една чета со командирот Војната, а комесар Димитров вооружена исклучително со англиско оружје. Ги сокривме руските автомати, оставивме само некој германски и италијански пушкомитралези.

Околу 12 часот ме повикува Пандо Шиперков и докторот Македона (Неделков Георги) за да ги пречекам гостите кои доаѓаа со три коњи од Горно Котори.

Се доближија до селото, ги прашавме дали имаат оружје, а една жена преведувач ни одговори на грчки. „Ние сме Англичани дојдовме да ве видиме и немаме оружје“.

Ги пречекавме со почит и со построена чета. Го видоа оружјето и ги слушнав како се смеат. Еден Англичанец ги виде англиските пушкомитралези и ми рече:„Овие се направени од мојот труд, ние даваме данок за вооружување, кој ви ги даде вам?“ Пандо му одговори: „Ние ги зедовме од вашите сојузници“.

На тоа преведувачката ме предупреди да внимаваме што зборуваме затоа што тие биле дописници на „Дејли Маил Њуз Кроника“.

По ручекот се собравме во една одаја десетина одговорни командири и комесари. Комесарот почна да зборува за целите на

нашето војување. Еден го праша Шиперков: „Вие сте командант на Вичо, по заземањето на владата, што ќе бидете: генерал или министер?“ Пандо се насмеа и одговори: „Јас сум терзија и не излегов во планините за да станам генерал. Прашајте ја грчката власт колку има наш народ по затворите, по островите и колку има невино цивилно население убиено?. Ние сме сите овде за да се спасиме од оваа диктатура. Вие сте Англичанец новинар и можете ова самиот да го проверите“. Другиот дописник ме праша мене: „Вие се гледа дека не сте Грк, дали сте Србин?“ Во тој момент доктор Неделков ми стапна на ногата. Јас одговорив: „Да, не сум Грк, јас сум Македонец. Северна Грција тоа е Македонија. Седумдесет проценти се Македонци, ние немаме право ни да зборуваме, ни да пееме на нашиот јазик“. Тогаш извадов топографска карта и му го покажав селото Турје: „Таму се татко ми, мајка ми и браќата. Јас во 1940 и 1941 година бев војник во вашите англиски единици во Пиреја и во Атина“. Потоа го замолив за тоа што зборувавме да не дознае грчката жандармерија. Разговорот траеше два дена и тие беа задоволни. Се смееја и постојано зборуваа: „Овие не се никакви бандити“.

14.1.1947

Одредот на Пандо Војната постави заседа на патот близу Сребрено. Таму бевме и јас и Гранити. Пристигна војска од Лехово, но ние не отсапивме. Тргнавме во напад и запленивме еден англиски минофрлач со 40 гранати. Вечерта се повлековме во Прекопана. Имавме двајца ранети, од кои едниот тешко

ранет, командир на вод по име Лијако од Бесвина, го префрливме во Албанија на лекување.

16.1.1947

Одредот на Пандо Војната, јас, Шеперков, и Аминда се наоѓаме во Прекопана, каде дознавме дека на 14.1.1947 загинал комесарот на Војната по име Димитров Стојан Мучов од село Буф, Леринско. Така функцијата Комесар на одредот ја добив јас Христовски Георги - Фотинос.

20.1.1947

Вечерта тргнавме од Прекопана со одредот на чело со Пандо Војната и јас како комесар. Стигнавме и го заобиколивме селото Лехово. Таму имаше една чета војници стационирани во четири куќи. Во едната од нив имаше осум војници со офицер потпоручник.

Имавме врска со два војника кои требаше да ни дадат сигнал кога да се приближиме за да ни се предадат, но ние задоцнавме. Стигнавме во 10.20 часот. Нивните стражари отворија оган, но ние со Пандо извршивме јуриш на двете куќи каде војнците веднаш се предадоа. Заробивме 21 војник сосе оружје кои ги префрливме во Прекопана. Запленивме и еден англиски минофрлач со триесет гранати, три пушкомитралези бренд и два автомати „Томсон“. Борбата со останатите војници продолжи до сабајле. Овде загина Сотир Урдов од село Шестево.

3-6.2.1947

Одредот тргна кон југословенската граница. Овде кај селото Негочани зедовме скриено оружје, гранати и друго. Минавме низ селата Каленик, Врбени и Неокази. Непријателот е во паника, водиме борби секаде по заседите од полицијата.

5.2.1947

Овој ден стигнавме во село Плешевица населено со грчко насаеление. Се советувавме со Пандо што да правиме. Јас не се согласував да ноќеваме во ова село затоа што реакцијата и војската ќе дознаат. Се договоривме да вечераме, да се одмориме и да заминеме. Се договоривме и да се испратат двајца селани за да му соопштат на населението оти овде ќе ноќеваат партизаните.

По два часа тргнавме од Плешевица и пристигнавме во село Горно Котори. Се стационираме на околните планини Негован и Белкамен. Испратив курир до Штабот до Пандо Шиперков и до село Лаген до одредот на Калков Георги.

6.2.1947

Времето е ведро. Во 11 часот војската и жандармеријата нѐ нападнаа од сите страни. Во селото Горно Котори прв пат се појави и авијација која стрелаше во селото. Јас бев во селото на десната страна и мене ме напаѓаше полицијата од Лерин. Моите партизани ископаа дупки ниско кај крајните куќи и дејствуваа врз целото поле. Пристигна и еден англиски минофрлач со кој раководеше борецот Суљо (добар нишанџија). Напаѓаше и Калков од Лагенските планини.

Во Лерин почнале да пристигнуваат ранети полицајци и војници. Цел град излегол надвор на патот мислејќи дека ќе видат заробени партизани, но војниците почнале да им викаат: „Бегајте, ова се корофилаки и војска“.

Пред да се стемни војската се повлече од бојното поле оставајќи двајца убиени полицајци во нивата на Горно Котори. Во оваа борба ние немавме ниту еден убиен, само една жена Елена Кацута од Горно Котори беше ранета од авијацијата. Во село Белкамен од авијацијата бил ранет Ефтимијадис Петрос.

12.3.1947

Се состанавме со Штабот на Вичо каде добивме информација дека овие денови по патот Сорович-Костур требало да помине мисија од Организацијата на Обединетите Нации. Подготвивме материјал што требаше да го поднесиме до комисијата, но налетавме на заседа. Нашите одреди зазедоа положба во планините Желенич-Сребрено, но непријателот нè нападна од сите страни. Околу 10 часот од Лехово за Костур помина колона со руско знаме. Ние испукавме еден рафалл над колоната, излегоа Русите и нè поздравија со рацете и со црвеното знаме.

23.3.1947

Одредот се наоѓа во месноста Радос близу село Ајтос. Овде е Пандо Шиперков командант во Штабот на Вичо, Аминда, доктор Македона и други раководители.

Добивме информација дека од Лерин со возот за Солун ќе тргне еден потполковник од монархофашистичката војска со двајца мајори. Направивме план да ја минираме железничката

пруга кај месноста Церево, но близу Баница имаше еден мост каде чуваа стража 15 војници и еден офицер потполковник.

Ноќта ја минавме линијата и се сокривме на оддалеченост од 200 метра. Јас и Пандо Војната се маскиравме, но бевме оддалечени еден од друг 300 метра паралелно со пругата.

24.3.1947

Осамна утрото и видовме седуммина селани кои дојдоа кај минираното место на пругата. Отидоа и ја известија војската во станицата од Цереово. Војниците стигнаа и седнаа да се одмараат на сонцето.

Околу 8 часот добивме информација дека возот од Лерин тргнал. Јуришавме ние со еден вод на Петре Поп Георгиев и со еден рафал го убивме офицерот, но тешко го ранија и Петре.

Стигна возот во Баница, а ние тргнавме во напад. Возот застана до минираното место.

Пандо Војната влезе со пиштолот во возот за да го фати потполковникот, но тој прсна да бега, го остави и шинелот во нивата. Се вративме назад заробивме 11 војници и 7 цивили. Пристига војска од Кожани, но дојде и Галани и една група партизани. Пристигна војска и полиција и од Лерин, од Баница и од други места. Се појави и авијација и артилерија. Водевме борба и се повлековме. Пристигна и одредот на Гарефи Атанас кој зазеде позиција зад нас. Дадовме наредба за повлекување. Вечерта стигнавме во подножјето на Невеска.

24.3.1947

Одредот е на истото место, ги проверуваме нашите загуби. Некој предложи да се стрелаат седумте селани, но јас и Пандо Војната не се согласивме. Раното ги преслековме единаесетте војници, им ја зедовме воената облека и им дадовме цивилна, по што ги пуштивме да си одат дома сите 18 заробени.

Во оваа борба херојски загинаа:

1) Петре Поп Георгиев село Ошчима
2) Бецов Андреа село Ајтос
3) Петре Рузвелт село Сребрени
4) Кујос Димитриос село Екши су
5) Лолиос Андреас
6) Манолопулос Петрос

Имавме и двајца ранети, а еден партизан од село Бапчор го заробија.

Забелешка:

Петре Поп Георгиев од Ошчима го фатија ранет од монархофашистичката војска, му ја отсекле главата и набиена на кол ја носеле во Кајлари, Кожани и други места.

27.4.1947

Одредите на Пандо Војната и Карапера се наоѓавме во село Черешница. Овде се јави еден репортер од Костур и почна да фотографира. Пандо ме предупреди дека е сомнителен, па кога ќе заврши да му ги земам негативите.

Вечерта јас и Пандо Војната го нападнавме село Загоричини. Полицијата се сокри во црквата, каде не можевме да се пробиеме, па така се повлековме. Овде беше

тешко ранет Пандо Војната, па за командир беше поставен Ламбо Џавела.

29.4.1947

Штабот и партизанските одреди се наоѓавме во село Прекопана. Овде се реорганизиравме и се формираа две чети. На едната командир беше Џавела Ламбро Гакидов, а комесар Христовски Георги Фотинос. На втората чета командир беше Пецо.

Вечерта ги нападнавме полицијата и војската во селото Невеска. Немавме успех првата вечер, но добивме наредба да не отстапуваме.

Дента останаме во селото двете чети на Пецо и Џавела. Непријателот почна офанзива од сите страни на селото. Во планините беа останатите единици на Карапера, Гарефи, Кизе и други.

Се стемни. Втората вечер повторно извршивме напад, но пак немавме успех. Дејствувавме со панцер „Фаус“, уништивме еден бункер. Командосот Спургити ја минира црквата по што војската се предаде, но полицијата не сакаше да се предаде. Некои се криеја во камбанаријата и почнаа со рачни гранати да се бранат, но пристигна Спургитис и ја запали камбанеријата, па поради во чадот се предадоа и тие. Овде заробивме пет војника и четири полицајци, меѓу кои и командатот на полицијата Маноли Тромократ и двајца од село Раково, Леринско. Мобилизираните „тромократи“ од село Зеленич ги ослободивме, а сите 4 контраши беа стрелани. Од нашите единици имавме само еден ранет од село Жервени.

Забелешка:

Сите заробени четворица беа затворени во село Прекопана. Раното ги нападнале селените и ги тепале во едно одајче. Ние со Пандо се одмаравме во една собичка, кога дојдоа партизаните за да нѐ молат да ги избркаме селаните. Пандо се разбуди и ми рече: „Оди ти Георги, тоа е твоја работа, ти се занимаваш со политика.“ Излегувам јас, а борците ми велат: „Капетане, комесаре што да правиме?“ Отидов кај заробените и тие почнаа да ме молат да ги ослободиме. Велеа дека имале деца во селото. Јас им реков: „А кој ве донесе овде? Земавте пушки, се криете во камбанаријата и фрлате рачни гранати врз нас? Сепак јас нема да ве убијам, нека ви суди народот што го имате испраќано по логори и затвори“. Во една падина источно од село Прекопана беа стрелани сите четворица промократи.

1.5.1947

Четата Џавела-Фотинос се стациониравме во планината над село Невеска. Полицијата од соседните села нѐ нападна, но ние имавме еден англиски минофрлач, па кога отворивме оган тие прснаа да бегаат, оставајќи еден загинат и четворица ранети. Истиот ден авијацијата го нападна селото Прекопана со пушкомитралези, но немаше жртви.

7.5.1947

Ноќта бевме во село Бесвина, заедно со Штабот на Вичо, Пандо Аминда и други.

Правевме план за напад на Микролиани (Лак). Гавела зазеде позиција кај село Псодери и направивме заседа на Бигла. Се распоредија сите единици, Олевски Лефтер-командирот од Желево и другите.

8.5.1947

Во 11 часот дење удривме на Микролиани (Лак). Ламбро Џавела, Лефтер Олевски, Калков Георги, Пандо од Желево. Настана паника во војската. Селото од сите страни беше обиколено. Војската прсна да бега покрај езерото, но веднаш ги заробивме сите војници.

Во Лак имаше еден мајор Павлос Тсамис од Псодери, имавме информација дека во неговата војска 90% се демократи, па затоа бргу ги кренаа рацете и се предадоа.

Јас преземав позиција на патот Желево-Оровник со една чета 40-45 души. Борбите се разгореа на сите страни: Бигла, Желево, Оровник, Лак...

Во Бигла запаливме пет камиони, запленивме минофрлач, пушкомитралези и друго. Заробивме единаесет војници, меѓу нив и еден потпоручник, и убивме седум корофилаци и војници во оваа борба.

Забелешка:

На страница 177 од книгата „Етники Антистаси Емфилиос полемос“ од авторот Аминда Козмос има подробности за оваа борба и подробности за сите паднати борци.

1 до 5.6.1947

Се наоѓаме во Прекопана и во село Блаца. Во селото Вишени се направи реорганизација на единиците. Добивме и нови борци, се формираа две чети со командири Џавела и Пандо од Желево, а јас останав во Штабот на Вичо.

Другиот ден бевме во село Трсје, тука е штабот на Пандо и Аминда. Добивме информација дека полицијата и војската се готват да го испразнат селото Желево. Тргнавме ноќта од Трсје и пред да осамне заземавме позиција над Желево.

Ги контролираме сите патишта, но кога осамна не најдовме никој, војската и полицијата заминале за Костур. Ние се одморивме и во 12 часот направивме мал митинг сред село.

Прво зборуваше Аминда на грчки јазик, а потоа зборував јас на македонски јазик. Овде ја променив мојата должност и пак бев во Штабот на Вичо како диафотисмис.

Отворивме дискусија и ми покажаа едно писмо од Штабот на Грамос од Гјанули кој бараше војници, офицери и подофицери партизани за да се формира артилерија и да заминат на Грамос.

Од Желево пристигнаме околу 300 партизани во Псодери и од тука дење тргнавме по планините и стигнавме на југословенската граница.

Овде ме повика Пандо Шиперков и ме советуваше да земам десет војници и да воспоставам врска со границата. Јас не се согласив со тоа и го зедов само мојот курир Колче Андреев, па отидовме двајцата.

Партизаните свртија десно во планината на Раково. Јас одев напред, а Колче со автоматот по мене. „Стој! Рацете горе!“, викнаа граничарите. Им реков: „Не викајте, ние сме партизани“. Тие се доближија, дојде еден офицер, се тргнавме настрана и јас му кажав каков ни е планот. Му реков: „Известете ги сите на границата дека вечер ќе го нападнеме Раково. Таму има полиција и војска и ве молиме ранетите да ги примите вие во Југославија“. Му кажав и дека сум офицер артилериски капетан и имам жена со две дечиња во Битола при што му дадов две слики да ги даде на мојата жена Петра. Потоа се вративме со курирот кај штабот и ги информирав другарите дека сите погранични единици се подготвени. Им реков дека тие помислија дека ние сме монархофашистичка војска, но потоа се договоривме да ги примаат нашите мртви и ранети.

Околу 12 часот ноќта ги нападнавме село Раково и село Опсирина. Водевме борба до сабајлето, пристига војска од Лерин и имавме доста ранети. Сулјо од Черешница и други беа префрлени во Југославија. Сабајле пак се вративме кај германските планини и од таму влеговмме во село Герман.

Таму направивме митинг, зборувавме Аминда и јас. Селаните радосно го слушаа говорот на македонски. Од ова големо село тој ден ни се придружија 25 нови партизани кои во најголем број херојски загинаа во Граѓанската војна во планините Грамос, Коница, Олимп и други.

6-17.6.1947

Четите и штабот поминаа низ селата Рамби, Папли, Габреш, Дреновени, Поздивишча, Брежница и други. Една чета постави заседа во селото Лабаница, но немавме успех затоа што војската побегна. Беа заробени само двајца војници и беа запленети 15 гранати за англиски минофрлачи.

Јас со една чета влегов во село Коломнати, а од таму појдовме во моето село Турје. Таму се видов за последен пат со татко, мајка и со трите малолетни браќа. Се поздравивме и сите плачеа. Мајка ми ме праша како сум со раните, а јас ги советував да заминат во Југославија. Тргнавме назад по селата Поздивишча и Габреш и стигнавме во село Смрдеш. (Мајка ми и татко ми со брат ми во март 1948 сите заминаа во Битола).

19-22.6.1947

Батаљонот, четите и штабот се стационираа во село Смрдеш. Овде примив 14 борци артилерци и се подготвивме да тргнеме за Грамос кај Гианули.

Го замолив Пандо Шиперков да ми го даде курирот Колче (има слика со мене и Колче со белиот заробен коњ во село Черешница), но тој не се согласи. Тргнавме 14 борци без пушки, само еден борец имаше една пушка.

Стигнавме во село Лабаница, ја поминавме реката Нестрамска. Таму паднавме во заседа, но бргу се снајдовме и излеговме во планините близу селата Фтелја и Оморфоклисја.

Таму на едно ритче близу една црквичка најдовме еден партизан заспан со пушкимитралез. Партизанот се уплаши и некој предложи да го пријавиме кај командантот, но јас не се согласив. Му го дадовме пушкомитралезот и го замоливме да внимава бидејќи непријателот се доближуваше.

Следниот ден пристигнавме кај Гјанули командант на Штабот Грамос. Му ги претставив 14-те борци и јас 15-ти, тој добро ме пречека. Се одморивме, но немаше топови, не беа стигнати, па Васил Карафо ми предложи со овие 14 артилерци да одиме во батаљонот на Илијади комесар Мичос-Македона за да бидам привремено комесар на една чета (1453 командир чета Катсим Харис), па така со оваа чета јас и со моите артилерци учествувавме во сите борби на Грамос, Гревена и други до добивањето артилерија.

4.7.1947

Батаљонот на Илијади е комплетиран, јас и командантот примавме тешко оружје пушкомитралези. Добивме информација дека непријателот се движи надвор од градот. Нашата чета постави заседа. Четата на Валијако околу 12 часот го нападна непријателскиот батаљон, но без успех. Почна да нè бомбадира артилеријата, па рано се повлековме во планините со петмина борци ранети, а мртви немавме.

6.7.1947

Во раните утрински часови почна големата офанзива на монархофашистичката војска на

Грамос, јас со мојата чета бев над селото Спилеон. Со другата чета десно беше командант Валиакос. Од селото Скалхори се појави непријателот и почна борбата со моите единици. Од Лаханскипо околу 11 часот непријателот се судри со еден мој вод со тешко оружје кое беше добро маскирано. Се појави и авијацијата, биеше артилеријата, но ние не отстапивме ни педа назад. Водот на Манио беше потиснат, имавме ранети, еден мој борец Васил Гасев од Шестево се дигна простум и викна на грчки: „Каде ќе одите кучиња, тука ќе пцовисате“.

7.7.1947

Целата чета се наоѓаме на височината Орлија, еден мој вод го држи местото Ставро-Костанофито, а другиот вод Пасаскео Потропулаки. Борбата почна од рано од двете насоки: Орлија и Одрија. Артилеријата и авијацијата нѐ бомбардираа. Слаби се нашите позиции, цел ден водиме борба, но не се повлековме ни педа. Останав сам и немам врска со штабот.

Имам 35-40 партизани, добив наредба да го држам ова ритче за да се стационираат и закрепнат зад мене борците. Дадов наредба да отстапиме и се сместивме на камениот рид. Во тој момент непријателот отвори силен оган со артилеријата на нашата претходна позиција.

Повторно дадов наредба да отстапиме од ритчето и да се стационираме во шумата. Се извлековме со ранетите. Таму ги проверив сите пушкомитралзи како стојат со муниција.

Не поминаа ни 30 минути, а пристигна авијацијата. Го бомбардираше ридот пред нас, Борците се радуваа и се смееја. Ми велеа: „Браво Фотине, нѐ спаси сите, нека тепаат муви авионите“.

По бомбардирањето грчката војска изврши офанзива и го завзеде ридот. Се движеа како на свадба. Ние бевме скриени во буковата шума. Отворивме оган со германските пушкомитралези, паднаа ранети и убиени војници, а останатите се повлекоа.

Дадов наредба да се вратиме на ридот. Бргу се искачивме назад во планините и се соединивме со останатите борци. Горе пристигна храна, се одморивме, а ноќта ги префрливме ранетите во болницата близу албанската граница.

8-15.7.1947

Мојата чета се стационира кај месноста Портес ниско во планините. Овде сум јас лично со три вода и со цело оружје. Поставивме заседа од рано за да го пречекаме непријателот. Еден вод зеде Хари командирот и се стационира во местото Агиос Константинос.

Раното почна да бие артилерија, се појави и авијацијата. Непријателот почна офанзива, но цел ден немаше движење на пешадијата.

Имаме и загинати. Херојски загина командирот на втората чета.Тешка борба се водеше, а ние немавме храна и при крај ни беше муницијата. Се стационираме кај месноста Горуша, непријателот презеде офанзива. Овде загина мојот курир Атанас Танасаки од село Лефки.

16.7.1947

Со батаљонот сум на чие чело е командирот Илијади и комесарот Македона. Командирот Хари ја презеде четата Тсафара. Напаѓани сме од артилерија и авијација. Десетина борци од втората чета останаа изолирани.

Зад нив имаше една висока карпа и височинка на селото Котили. Околу два часот авијацијата го погоди мајорот Илијади во главата. Јас бав до него на три метри. Веднаш го пренесоме зад планините со две девојки, но по патот умре.

Околу четири часот презедовме офанзива каде што беа десетината изолирани. Сите десетина беа ранети или убиени, а двајца партизани се фрлиле од карпата прегрнати при што викнале: „Збогум другари, поздравете ги нашите мајки, да живее КПГ!“

Забелешка

Во мојот дневник пишува дека на 16.7.1947 се самоубиле скокајќи од карпата од височина од 100-120 метри:
1) Ване Доровски (Доров) од село Шестево
2)Танасаки од село Лефки.

Од 1 до 17.7.1947 загинаа следните другари:

1) Кирос Константиноу син на Томе од село Костанофито. Загина на 15.7.1947 на ридот Хару.

2) Китцидис Николаос Јорданис, село Коромилија. Загина на 15.7.1947 на ридот Хару.
3) Михаилидис Фотеов син на Георгиоу село Орово Преспа. Загинат на 16.7.1947 на ридот Пирго Котели.
4) Цанопулос Никос Констандино од село Калистрати. Загинат на 15.7.1947 на ридот Пирго Котели.
5) Митоглес Зитас син на Христоу од село Трихона, Лерин. Загинат на 12.7.1947 кај Пирго Котели.
6) Теафарас Трајанос, село Кристалопиги. Загинат на 12.7.1947 кај Пирго Котели.
7) Лолиос Пантелис Јоани од село Антиртико. Загинат на 23.7.1947 кај Калирахо.
8) Параскевопулос Костас Јордани од село Аспрогиа. Загинат на 23.7.1947 кај Калирахо.

16.7.1947

Загина и курирот на командирот мој (види слика)

До 24.7.1947 имавме ранети 24 борци, 6 борци дезертираа, а за 5 борци не знаевме ништо.

Забелешка

Во 1958 година во СССР прочитав во едно списание на грчки јазик објавено во Чехословачка од грчки политичари, каде пишуваше дека „Славно загинаа двајца Грци партизани на ридот кај село Котоли, скокајќи од 120 метра висока карпа, за да не се живи предадат. Притоа викале: „Да живее

Комунистичката партија на Грција! Поздрав до татковците наши“.

Јас напишав реакција објаснувајќи дека тие не беа Грци, туку Македонци и дека тоа го знам оти тогаш водев дневник.

17-23.7.1947

Батаљонот се најде во Ливадотопи-Мировлити. Борбата ја презема Карапера, а ние ги одведовме ранетите во Албанија. Дојде и командатот на Штабот од Грамос Гианули.

Се преместивме на друга позиција. Му испратив еден вод како помош на Карапера. Околу 4 часот јас и Карапера појдовме во офанзива и потиснавме од ридот една непријателска чета, која се повлече оставајќи на место осум убиени војници.

Четите се прибраа во месноста Оксиа. Овде се сретнавме со четите на Каравида и Булгури. Извршивме реорганизација со цел да се комплетираат четите. Имавме запленето доста воено оружје главно пушкомитралези. Јас презедов една чета со моите артилерци, а Гјанули ми вети дека ќе донесе лесно противтенковско оружје.

Дојдовме на планините Денско-Фурка, каде се сретнавме со батаљонот на Ризопулос. Дојде и Самарина и овде се најдов со Атанас Кузев командир на чета и Џапона Ристо од Презница комесар на една чета.

Сретнав и еден мој соселанец од село Турје по име Пандо Ефтов. Се одморивме во планините. Направивме реорганизација, пристига дополнителна храна и оружје.

Јас формирав две мали групи, добив две мали топчиња противтенковсо оружје и четири маски товарени со гранати 37 мм. Борците се добро подготвени, храбри, се одморија во шумите, но непријателот бил известен за нашите подготовки, па секој час авијацијата ни врти над главите.

23.7.1947

На овој ден бригадата од Грамос е стационирана во месноста Анаврика, овде е командантот Гианули, околискиот секретар на КПГ и ДАГ Ефтимијадис Теодорос и други раководители.

Организиравме состанок во шумата со присуство на сите командири на батаљони и чети. Околу 12 часот се појави авијацијата на непријателот и нѐ бомбардираше од сите страни каде имаше наши борци.

Командантот Гјанули нѐ распредели и ни ја објасни ситуацијата во градот Гревена.

Дотрча курирот од мојата чета и ме информира за жртвите и ранетите од редвите на моите и другите борци.

Од мојата чета беше ранета и една девојка Аспасија (Зоја), која крварела, но не сакала да ја превржат. Ме барала лично да дојдам кај неа. Веднаш отидов и ја ставив нејзината глава на мојот скут. Потоа ја превржаа и веднаш ја испратија во Албанија. Отрчав кај другиот тешко ранет Пандо од село Желево. Го кренавме, а тој ме погледна во очите и ми рече: „Георги те молам ако останеш жив посети ги моите три деца.“ Потоа главата му климна и ми умре на рацете.

Тој ден имав двајца загинати и дванаесет ранети. Атанас Кузев командир на чета имаше двајца загинати и девет ранети. Овде загина и Коста од село Аспрула. Од ова бомбардирање имавме четворица загинати и 21 ранети.

24.7.1947

Единиците се стационирани близу месноста Калирахи. Добивме наредба да заземиме положба близу градот Гревена. Јас бев испратен десно од градот (гледано од аспект на градот). Имам и два лесни противтенковски топа 37мм и се стационирав на ниските ритчиња близу патот од град Кожени.

Пред мене се маскирани борци со панзер-фаус противтенковски гранати од единиците на командирот Видра.

Во три часот извршивме напад врз градот Гревена. Веднаш пристигна авијацијата и тенкови од Кожани кои напаѓаа офанзивно. Отворивме оган, а врз тенковите удрија панзер-фаус борците. Кај тенковите настана паника. Се стемни, јуришаат единиците од сите страни. Внатре влезе цел батаљон на Барба Кичо. Се водеше крвава борба.

Имаше еден вод со седум девојки, но сите загинаа. Командирите Видра, Ригас и Атанас Кизев останаа внатре во градот. Околу 200 борци тешко ранети и мртви останаа во градот. Вечерта ги зедовме ранетите и се повлековме, но авијацијата и натаму нѐ бомбардираше. Се повлековме разочарани. Не постигнавме никаков успех, непријателот беше добро инфомиран од шпионите.

25-31.7.1947

Вечерта се повлековме од планината Калирахи. Стигнавме во селата Доцко и Самарина близу албанската граница. Сите ранети ги испративме во Албанија.

30.7.1947

Пристигнавме во месноста Калирахи, овде дојде и Генералот Маркос. Одржавме состанок и поднесовме извештај за неуспехот во нападот на градот Гревена. Присутни се и дописници од нашиот весник. Слушавме радио од цела Грција за нашите жртви и нашите командири.

1-18.8.1947

Од 1 до 18.8.1947 четите и батаљоните се наоѓаат на планината Грамос кај селата Врбјани, Оксија, Асимохорис, Хионадес, Горгопотамос, Пилкади, Ланкадос, Теотоку и Прсовјани. Имавме мали судири со непријателот.

14.8.1947

Јас со два вода пешадијци учествував со единиците на Мавранџи и Коста Палеологи кај месноста на патот Прсовјани-Коница каде нападнавме една стационирана непријателска единица. Заробивме шест војници, неколкумина убивме, а останатите избегаа. Запленивме 2 минофрлачи, 12 пушки и многу муниција. Потоа се повлековме и стигнавме во селото Герман. Овде се сретнав со батаљонот на Пандо Војната, кој се враќаше од Хашгија, се видовме со моите соборци од нашите леринѕки и костурски села, се сретнав и со

моите соселани од село Турје, Јани Пејов, Пандо Ефтов и други.

18.8.1947

Се расформира мојата пешадиска чета, зедов 12 артилерци и тргнав за штабот на Гјанули каде пристигнав во планината. Таму чекавме да пристигнат и другите артилерци.

Од Атина дојде командантот Кичос Христос, кој дезертира од монархофашистичката војска, а пред тоа служеше во англиските единици.

Дојдоа уште 60 артилерци, се снабдевме и со превозни средства, маски за артилерија и друго. Се одмаравме, вежбавме и чекавме да се појават топовите од Албанија на Грамос.

Дојде Васил Батакојас Карафотијас (од 1937 до 1939 год. со Васил служевме заедно во Деветтата артилериска дивизија во Кожани, јас како десетар, тој како потпоручник, тој беше добар и способен борец и офицер, а сега беше артилериски мајор).

10.9.1947

Добивме два 75 милиметарски топчиња од италијанско производство. Се формира артилериска батерија со Стефанопулос Христос како командир.

По три дена имавме пробно стрелање со командирот Христо со италијанските топови и германски гранати ѓулиња. Немавме успех, беа опасни за употреба. Двата топа ги вративме во Албанија, од каде добивме четири топчиња од германско производство со 75 милиметарски калибар со сите инструменти и почнавме обука. По неколку дена добивме и добиток за

пренос на топовите и маски за артилеријата. Почна вежбата која траеше повеќе од еден месец. Имаме недостиг на борци артилерци.

7.11.1947

Дојдовме со Првата артилериска батерија во село Смикси. Овде се одморивме, вежбавме и се готвевме да удриме со артилерија против монархофашистичката армија. Во ова село се сретнав со осум млади борци од село Турје:
1) Стојан Т.Кочов, 2) Ристо Атанас Ефтов, 3) Ване П. Котев, 4) Павле Ристо Попов, 5) Стојан Филе Божинов, 6) Сотир З. Спиров, 7) Стасе А. Донев и 8) Стојан П. Котев.

Од нив само тројца останаа живи: Ристо Ефтов, Стојан Кочов и Сотир Спиров.

13.11.1947

Се наоѓаме во месноста Каливија Децико. Времето е добро, па авијацијата ги бомбардира селата. Во еден часот тргнуваме со двете топчиња од 75 мм. Јас и командирот Христос Кичос дојдовме во месноста Пану-Пигади-Пендалофос, каде заседовме позиција, ги маскиравме топчињата и се подготвивме да отвориме оган.

Стрелбата почна во пет часот попладне. Јас одржувам телефонска врска со Кичос командирот. Овде е и командирот на пешадиската бригада Коста Палеологу. Прв пат се применува артилерија на Грамос. По првите плотуни непријателот во паника прсна да бега оставајќи тешко оружје.

Следниот ден Радио Атина јави дека „бандитите“ примениле артилерија добиена од комунистичкиот лагер. Вечерта се вративме во село Жужелци. Сите се радуваме, расположени се и борците.

17.11.1947

Целата батерија се стационира во село Хриси. Овде добивме уште осум 75 милиметарски топа од германско производство.

Се формира дивизија, но немаме кадри офицери, подофицери и војници артилерци. Испративме еден курир до село Бапчор со моја покана да се јави и да дојде Коле Пејков (подофицер Лохиас од 9-та дивизија во 1937 год. во Кожани), а исто и до единиците на Вичо и Грамос од каде побарав да се јават артилерици. За кратко време се оформи дивизија, но недостасуваше добиток за пренес на топовите.

Бевме известени од командантот на бригадата Коста Палеологу дека непријателот напредува од град Гревена во насока кон месноста Доцко. Таму водеше борба батаљонот на Карапера.

Тргнавме и ние со една артилериска батерија на чело со командирот Кичос, додека јас (Фотинос) сум назначен како комесар и командир за стрелба на батеријата. Стигнавме на планината Нудруса.

Коста Палеологу нареди Карапера да се повлече и да сврти десно кон планината. Го известив дека ние сме подготвени за напад со артирелија од 4 топа.

Околу четири часот попладне отидов кај набљудувачкиот пункт на една височинка од каде се гледаше целиот реон во кој напредуваше

монархофашистичката војска. Овде дојде и Софијаното од штабот на Гианули.

Околу пет часот отворивме артилерски оган со сите топови. Непријателот се збуни.

Од десната страна напад изврши батаљонот на Карапера, а од нашата страна нападна Коста Палеологу. Ги оставив и јас топовите и тргнавме во напад со еден вод.

Војниците без отпор се предадоа, запленивме 40 маски, три минофрлачи и два радиоапарати. Се предадоа четири војници. Им го запленивме и казанот полн со манџа. Еден офицер во паника бегаше по полето. Партизаните и војниците вечераа заедно. Јас прашав: „Да не има некој отров во манџата?“, а тие сите се смееја.

Забелешка:

За оваа успешна борба во Демократската армија се пееше песната „ Душмано во Нидрузи не помина“.

27.11.1947

Се повлековме кај Колибити Дуцико каде ни ги доделија сите запленети коњи, маски и целото тешко оружје. Се формираа некои пешадиски одделенија за минофрлачи.

Овде е и командантот на бригадата Коста Палеологу и други командири. Партизаните беа расположени. Пристигна и храна.

Се појавија и првите вести на Радио Атина за повлекување на војската. Велеа дека „бандитите“ примиле оружје од комунистичките земји и сл.

23 - 24.12.1947

Тргнуваме од Страцони и заземаме положба на Амирандес. Таму се сретнавме со еден вод артилерци на 75 милиметарски топови. Времето е облачно. Вечерта го поминаваме мостот и заседовме положба со четири топови близу непријателот кај Коница.

На 24.12.1947 во два часот попладне нè информираа од Штабот дека била формирана привремена влада на чело со Претседателот Маркос Вафијадис. Привремената влада била формирана со надеж да се заземе градот Коница и да стане центар на ДАГ.

Вечерта се собравме борците. Јас сум комесар и офицер за стрелба на 4 топа. Командир на батеријата е Стефанопулос Христос Кичос (поранешен Капетан Лохогос) од Атина, кој служеше во англиските единици од каде дезертира и се јави на Грамос - писмен и способен офицер - имам и негова книга Прирачник за стрелање со топови.

Забелешка.

Овие денови влегов на албанска територија со два мој војника артилерци. Таму се сретнавме со офицери Албанци кои знаат грчки јазик. На растојание од 200 метри имаше стационирано тешка артилерија руски топови. Ме прашаа дали можат да се извлечат преку мостот. Јас предложив да не одат сега до таму, туку да останат до мостот каде има место да се сместат и да се маскираат, а во случај ако градот се ослободи потоа ќе се префрлат преку мостот.

За ова го информиравме и штабот на нашите единици и командирот Кичос.

25-29.12.1947

Почна Офанзивата на ДАГ во град Коница. Ние сме стационирани северозападно од градот. Нашата пешадија по првите напади успеа да завладее некој височинки близу градот Коница. Се појавија и првите заробени војници.

Отвори оган непријателската артилерија од градот. Отворивме и ние и го задушивме нивниот оган, но јужно од градот пристигна тешка артилерија и почна да бие по височинките каде беа нашите војници. Се појавија и наши ранети.

Следниот ден презедовме офанзива од наша страна во месноста Мармарас. Имаше тешки борби, се појави и авијацијата, но до вечерта нашите борци успеаја да го заобиколат градот Коница.

27.12.1947

Борбата продолжува. Нашите единици се во градот. Нас нѐ информират да пазиме да не ги повредиме со нашата артилерија. Се водат тешки улични борби.

Надвор од градот кружи авијацијата, некои пунктови не се целосно заземени. Од јужната страна доаѓа помош на монархофашистичката војска во артилерија.

Состојбата е тешка. Овој ден загинаа многу борци. Нашето раководство е очајано. Се појавија и првите падобрани со храна и лекови за опсадената војска, но повеќето од тие материјали паднаа во нашата зона.

28.12.1947

Борбата продолжува. Нашите единици се борат за секој кварт. Непријателот зазема некои важни височинки, па состојбата се усложнува. Севено од градот непријателот држи една височинка. Добивме информација од нашите дека некој бригаден мајор од монархофашистичката војска е тешко ранет.

Нашата радио станица нè информира дека некои наши другари избегале од затворот, а меѓу нив и Папаригас и Парцалидис.

Попладнето јас со некои мои борци и добитокот го поминавме мостот за да земам гранати и храна од нашиот штаб. Другарите беа нажалани затоа што немаме успех, а имаме многу мртви и ранети.

29.12.1947

Непријателот се приближи со еден батаљон близу нашите единици. Ние се префрливме источно од градот Коница и од тука отворивме оган по една височинка. Во градот по една офанзива нашите единици го заземаа непријатеското ритче, но од другата страна војската го зазеде ридот спроти камениот мост, па ние останавме изолирани со снабдување. Нашите ранети ги префрливме источно по реката. Состојбата се усложни и почнавме да се повлекуваме на сите страни.

30.12.1947

Батеријата е стационирана источно од градот близу селото Ахион Никавров. Јас и Кичос појдовме до пунктот за набљудување каде се информиравме за положбата на нашите партизани.

Таму дознавме за успехот на една наша партизанка. Во еден бункер бил нејзиниот брат како припадник на монархофашистичката војска. Нашите не можеле да го освојат. Таа се доближила и викнала на грчки: „Брату, не пукај оти ќе ме убиеш мене сестра ти.“ Братот се збунил и во тој момент нашите се нафрлиле и го заробиле, но сепак не го стрелаа, иако имаше убиено и рането наши партизани.

Ова село беше бомбардирано од авијацијата и ние бевме во опасност, па затоа се повлековме назад од фронтот.

Забелешка:

Овде за последен пат се видов со мојот другар Гоче (Илија Димовски). Тој ги прашал моите борци: „Чија е оваа артилерија?“ Тие му одговориле: „На Кичос и на Фотинос“.

Ме повикаа од пунктот за набљудување, се сретнавме и се прегрнавме. Очите му се наполнија со солзи и си замина со коњот и курирот со следните зборови: „Чувај ги Георги нашите Македонци. Нема да успееме, мене штабот и владата ме истераа и си одам назад во Југославија“. Гоче повеќе не го видов. Јас заминав за СССР во 1949 година.

1.1.1948 до 15.2.1948

Се наоѓаме во селата Кастањани, Пефкофито, Хриси и други. Одржуваме состанци со сите раководни офицери. Борците се разочарани и натажени.

15.1.1948

Се наоѓам во село Жерман каде се сретнав со мои соселани кои ме известија за загинувањето на наши борци од село Турје:

1 Митре Марков (мој прв братучед)
2 Христос Константинов Павле (загинал на Грамос)
3 Андони Шишков, син на Диме (загинал на Грамос)
4 Лазор Павле Константинов (загинал на Грамос)
5 Митре Трајков Новачков на возраст од само 16 год. (загинал на Грамос)
6 Павле Ристо Попов на возраст од 17 год. (загинал на Грамос)
7 Коле Коста Филипов на возраст од 17 год. (загинал на Грамос)

Го положија својот живот овие млади момчиња во борбите на Гревена и Грамос од моето изгорено село Турје.

16-2-1948

Батеријата се наоѓа во село Аелија, овде е и штабот на Грамос Гианули, Коста Палеологу и други.

Извршивме реорганизација на единиците, бригади, батаљони и чети. Беа формирани и еден артилериски вод со 75 милиметри калибар и еден вод пешадија со три германски пушкомитралези, 20 маски за пренос на топовите и гранатите, два коња и друго .

На новоформираната единица за командир е назначен Артил Флорос (поранешен артилериски офицер од грчката војска). Комесар на пешадиските водови е Логодели (Грк), а комесар на комплетната артилерија сум јас Фотинос.

Забелешка:

Командирот Флорос имаше мала единица одбрана од добри борци која влезе во состав на 16-та бригада. Овде во еден пешадиски батаљон е и Калков Георги како помошник командат на батаљон.

17.2.1948

Бригадата тргнува од селото Аелиос комплект со сите средства: три батаљони, една младинска чета од 120 борци, еден артилериски вод со пешадија и добиток од 18 маски. Вкупно беа 1.200 партизани, а командант на 16-та бригада е Коста Палеологос. Беше и Химарос Арианос од Штабот Грамос и други.

Цел на ова патување исполнето со борби, ранети, и загинати беше да пречекаме 450 невооружени младинци кои сакаа да пристигнат кај своите татковци и роднини на слободната територија на Грамос. Времето е студено со 50 сантиметри снег во планините.

Од село Аепија минавме низ селата Спилеон, Амигдалија, Критсодели и Крицопадес. Овде постојано напаѓаме. Ноќта заробивме дваесет контраши, а тројца се предадоа.

Рано тргнуваме и пристигаме во месноста Синокерасо. Овде налетавме на заседа и од четата на Палеологу имаше двајца ранети партизани и двајца загинати. Младинската чета зароби двајца контраши.

Следниот ден се состанавме со Коста Палеологу јас, Флорос и Логодели и направивме план како да го поминиме патот, каде непријателот нè чекаше. Ги растоваривме маските и заседовме положба со артилеријата. Се појави авијацијата и двапати нè бомбардираше. Јас бев добро маскиран. Овде

изгубивме три маски. Од пешадијата имаше тројца убиени партизани и петмина ранети.

26.2.1948

Во утринските часови се повлековме и се преместивме заземајќи положба спроти патот. По нашето повлекување војската нападна и го зазеде ритчето. Но тогаш пристигна авијацијата и почна да ја бомбардира сопствената војска. Кај нив се создаде паника. Почнаа да пукаат во водух со сигнални ракети. Нашите борци се смееја од својата нова положба.

Овде бевме изненадени од еден маскиран непријателски пушкомитралез, но немавме жртви. Само беше отепана една моја маска.

Следниот ден се преместивме на друго место. Нашата пешадија се движеше во две насоки. Почна борбата од двете страни.

Стигна војска од Кожани и од Лариса. Јас поставив еден топ на патот наспроти Олимп, а другиот топ го поставив југозападно. Моите борци командирот Пандо Којчев од село Герман и другите ме бранеа и мене и себеси.

Се појавија тенковите. Отворив оган со топовите. Еден тенк е погоден и остана на место, додека другиот се повлече. Цел ден водиме борба. Дојде и авијацијата. До вечерта го поминавме патот целата бригада, артилерија и младина на подножјето на планината Олимп.

Стигнавме до една мала река, времето е студено. Наредив борците да ги соблечат алиштата и да ги собујат чевлите и чорапите, па или на гаќи и или голи да ја поминат реката. Имавме и една партизанка

девојка, која ја качив на еден коњ и така ја преминавме реката. По нас пешадијата влегла во реката сосе алишта. За нашето преминување дозна Коста Палеологу и другите другари и почнаа да се смеат, но сепак моите борци останаа со суви алишта, а нивните се тресеа од студ со мокри алишта.

1-8.3.1948

Бригадата помина низ селата Локово, Морно, Ритини, Милија, Скотерна, Ано Милија, Санаторија и други. Борците се добри и немаме никакви жертви. Постојано над главата ни лета авијацијата. Сабајле се појави еден авион - Галата го викаа борците. Како што дознавме некој од нашите везисти го информирал непријателот за нашата положба.

Едно сабајле на другата страна источно од Олимп рано стигна еден авион. Командирот на батаљонот стрелаше по него со една пушка и го погоди, по што авионот се урна во карпите и никој жив не се најде.

Дојдовме во месноста Каракачони Олимпос со моите два топа. Планините се полни со снег до 80 сантиметри. Борците се изморени. Еден мој десетар ме праша: „Георги каде одиме по овие снегови?“ Му одговорив дека брзаме додека не осамне и се јави авијацијата.

Маските се гладни и почнаа да паѓаат. Борците ги притиска невремето и гладот кои не се издржуваат.

9-14.3.1948

Комлетната моја единица се наоѓа во подножјето на Пиерија кај штабот Олимп со неговите штабни офицери Авгеринос и Коста Палеологу. Овде се

запознав и со групата која пристигна од Тесалија со околу 400 млади момчиња.

Пристигнаа и борци од воденските места и Леринско. Имаше оформено една чета која постојано учествуваше во борбите источно од селото Свикија. Еден батаљон на Палеологу водеше борба со непријателот.

Јас товарив еден 75 милиметарски топ и заседов положба севернозападно од позицијата на нашите партизани. Од пунктот за набљудување гледав како во селото Свикија влечат ранети цивили и војници.

Отворив оган, потрошив 15 гранати. Удрив и до селото на едно ритче. Првпат непријателот дочека артилерски гранати од ДАГ. Од нашата армија во Олимп, по два дена пристига и Флоро командирот со еден топ што другиот ден го сокривме во една подземна колиба западно од реката Алиакмон

13.3.1948

Извршивме реорганизација на мојата единица, земав еден топ со 100 гранати, маски и друго.

Патуваме 12 часа и раното стигнуваме во село Катафиги во западен Олимп. Овде се сретнав со Калков Георги од Вишени мојот прв командир на Вичо 1946 година, кој ми понуди парче леб, ме прегрна и си избриша солзите во очите. Ми рече: „Нема надеж братче. Ќе мора да се вратиме на Вичо“.

14.3.1948

Еден батаљон вечерта изврши напад на патот Сарандапоро, но немаа успех, непријателот доби помош од Кожани.

Дента јас со моите другари цел ден водиме борба. Источно од мојата единица се појави непријателот од гратчето Сервија близу реката Алиакмон.

Овде 15 партизани од батаљонот на Калков умреа од студ. Овде загина и остана на ритчето командантот на батаљонот Калков Георги и други партизани.

Јас имам еден замрзнат борец Мичо Василопоулос кој се предаде во битката за Лехово од редовите на монархофашистичка војска, а изгубив и 4 маски сосе гранати. Оваа борба беше катастрофа за единиците на Олимп, т.е. за 16-та бригада, па бевме принудени да се вратиме назад. Гладни сме и духот падна кај борците.

Јас Фотинос Христос Георги имам одговорност и за 40 млади борци без оружје, со исклучок на оние кои зедоа оружје од нашите мртви. Се враќаме повторно назад, авијацијата ни врти над главите, партизаните се премрзнати. Еден од нив го качив на маската, но умре додека јаваше.

15-20.3.1948

Месноста Олимп. Единиците се повлекуваат по истата патека. Времето е студено. На секои 50 метри има по еден замрзнат, а јас ништо не можам да направам. Храна немаме, имам товарено еден топ што го однесов до едно мало село, каде го сокрив во еден подрум сосе гранати. Но, по два дена еден партизан од Преспа по име Савас Иванис дезертираше во монархофашистичката војска и го предаде скриениот топ.

Подоцна дознав дека тој топ бил пренесен во градот Кожани и ставен во 9-та артилериска грчка дивизија.

Овде се ранети мојот активен водник Пандо Којчев од село Герман и Зијоска Василис.

Стигнавме на друго место кај една падина каде е стационирана една чета со своите ранети и кувари. Јас се стационирав на височинката.

Долета еден авион Галатас. Еден командир Грк пукаше и го погоди авионот. Пилотот се спушти со падобран, но го фатиме жив. Овде имаме мртви од пешадијата во падината. Бомбардираше авијацијата во буките со снег и загинаа доста борци.

18.3.1948

Ноќта пак заминав напред кај патот Сарандапоро со целата пешадиска чета, додека Флорос остана на Пиермата. Стигнавме кај месноста Фурнос, но паднавме на заседа и почна борбата околу 4 часот сабајле.

Овде загинаа две момчиња: Хамбос и Лингас, како и една девојка на 18 години од Тесалија.

Забелешка:

Партизаните ми соопштија дека недалеку во дрвјата имало две ранети партизанки без оружје. Испратив една десетина борци да ги спасат, едната ја спасија, а другата беше тешко ранета. Тогаш го ранија и мојот партизан Хаџиов Димитар од село Горничево. Борба се водеше на сите страни.

Девојката која не можевме да ја спасиме некако се крена на нозе и викна на грчки: „Добар ви час браќа, поздравете го татко ми“.

Во тој момент еден рафал од автомат ја покоси и таа падна во снегот. Беше убава девојка со долга коса која се прошири кога таа падна.

Дента се повлековме и зедовме позиција високо во планината. Вечерта се собравме и запаливме оган во падините за да се одмориме, да се нахраниме, па да тргнеме. Вечерата беше 5 лажици пченкарно брашно. Во еден момент дојдоа кај мене две девојки и ме замолија дали може нешто да ме прашаат? Јас ги прашав: „Дали сте јадени“? Тие се насмеаја. Мојот курир Коста свари малку брашно со снег во една кутија и седнавме да вечераме четворица со една лажица. По јадењето ги прашав: „Е сега кажете ми што сакате да прашате?“. Една од нив ми рече: „Капетене каков е овој јазик на кој зборуваат партизаните?“

Им реков: „Во северна Грција 70% се Македонци и тоа е нивниот јазик. Ако останете живи и заминете кај вашите татковци на Грамос, таму ќе ми испеете една песна на македонски, се вика Елено моме“.

20.3.1948

Стигнавме во друга падина, каде ги предадов маските, по што ги заклавме сите, а главите ги сокривме за да не се гнасат борците. Овде ги оставив младинците от Тесалија.

Се оформи една комплетна чета на која пак мене ме ставија за командир, а за комесар Логодели Георги. Се одморивме и ноќта тргнавме за да го избегнеме обрачот околу нас. Но, во планината оставиме еден

мртов Мичо Чолаки, кој почина од студ, заедно со двајца младинци без оружје.

21.3.1948

Рано пристигнавме на една мала планина каде заземавме позиција од две страни. Зад мене е штабот на Олимпос Химарос и командантот на 16-та бригада Костас Палеологу заедно со други одговорни од Атина.

Борбата почна раното. Јас сум на првата линија со три германски пушкомитралези. Муниција имам, но наредив да не се троши многу.

Се менуваа офанзиви и контра-офанзиви. Непријателот се повлече, но продолжи повремено да стрела. Времето е ладно, се појави и авионот Галатас нѐ виде и фрли една граната со чад како сигнал. Стигнаа уште три авиони кои вртеа и стрелаа врз мојата позиција. Имам загинати и ранети. Скокнав да видам што прави Логодели со другите десетини, тој ме виде и викна: „Георги пази се, доаѓаат и други авиони“.

Јас се сокрив зад една карпа, но ме забележаа и фрлија една граната, која почна пред мене да чади во снегот, давајќи им знак на другите авиони за нашата позиција. Се обидов да ја угаснам, но не успеав.

Повторно слушнав глас: „Георги пази се!“. Слушнав како авионите повторно пикираат. Скокнав зад карпата, но во тој момент еден друг авион ме погоди со еден куршум во десната нога под коленото. Некако успеав да се сокријам зад буката каде веднаш стигна еден медицински другар и ме преврза.

Овде имав петмина ранети и тоа Sутис, Влахос, Лефтерис, Лиакопоулос и јас Христовски Фотинос.

Имаме и двајца загинати (чии имиња не сум ги запишал во дневникот). Се стемни, па ние се повлековме. Мртвите ги оставивме на ридот, а сите ранети се прибравме кај штабот.

Пристигна и комесарот Логодели кој исто така имаше загинат во неговиот реон.

Јас се доближив до командантите Коста и Химарос и слушнав дека сакаат да ги остават сите тешко ранети тука на место. Вечерта се повлековме.

Дојде војската и ги оддели Македонците од Грците прашувајќи од кое место се тешко ранетите Славомакедонци.

Забелешка:

Едно Македонче го прашаа од каде е, а тој им одговори дека е од Тесалија. Му рекле да се тргне настрана. Тој ноќта побегнал и нè информира дека стрелале некои командири и некои Македонци .

Вечерта стигнавме на патот Сарандапоро. Само што го поминав, сум се онесвестил, а пред тоа сум рекол: „Земете ја чантата, но оставете ми го пиштолот“.

Во бунило сум викал „Улица Трговска 136. Улица Трговска 136“... Тоа беше улицата во Битола каде живееше мојата жена со двете мали ќерки кои уште на 20 Мај 1946 година ги префрлив во Битола. Човек кога умира си ги спомнува најмилите. Борците вртеле околу мене и никој не ме гибал. Тоа беа моите борци Христо Матев од село Лаген, Леринско, Христо Биолчев од село Нерет, Спасе од Преспа и Андреас Ставропоулс од Кожени.

Утредента дојде еден активист од Атина по име Фокас Петрос и им рече: „Оставете го ранетиот и

бегајте. Доаѓаат тенкови.“ Јас му го познав гласот и му реков: „Фокас, јас сум Фотинос“.

Тој веднаш се симна од магарето и ми даде парче леб. Потоа ми го отстапи магарето и ни рече да бегаме на планината Амарбеј каде ќе бидеме пречекани од Ипоиланти.

Така заврши овој трагичен поход на Олимп за кој генерал Маркос подоцна објави книга. Од 80 борци со кои влегов во Олимп, само 34 останаа живи, сите гладни и болни.

Имињата на некои од убиените се: 1) Атанасис, 2) Лигас, 3) Хампос, 4) Папанаум, 5) Ламбадас Костас, 6) Скондас Христос, 7) Димитриос Чолаки.

Имињата на некои од ранетите се: 1) Пандо Јоанис, 2) Закас Атанасиос, 3) Хаџис Димитриос, 4) Савас Јоанис, 5) Аргирис Илиас, 6) Христовски Георгиос (Фотинос, јас), 7)Влахос Димитриос, 8) Здупис Лефтерис, 9) Лазарос Стериадис, 10) Јоанис Диакопулос, 11) Гривас, 12) Алекос Папаниколау, 13) Христос Матис, 14) Пандо Кајчев, 15) Параскевопоулос Георги.

Имињата на некои од заробените се: 1)Чукас Андреас, 2) Кулис Христос, 3) Константинидис Костас, 4) Каралазос Борис, 5) Карањколас Панделис, 6) Фотис Санопулос, 7) Никопулос Димитриос, 8) Ворсукис Георгиос, 9) Ставрос Карафилидис, 10) Гианис Павлидис, 11) Сотиропулос Александро, 12) Лингас Константинис, 13) Канарис, 14) Михалидис Иванис.

Во борбите дезертираа следните борци: 1) Савас Јоанис, 2) Андручос, 3) Дектидис Димитиос, 4) Хоџафотис Иоанис, 5) Делијанис, 6) Делиос Томас.

Умреа од студ: 1) Ројбанис Димитриос 2) Циталис Јоанис 3) Морба Георгис

28-31.3.1948

Сите живи и ранети се наоѓаме во село Кипургио. Имаме и болни и ни даваат лесна храна, затоа што се пазиме да не умреме од прејадување. Стигнаа и лекари од Грамос.

Авиони го бомбардираат селото и околните планини.

Го напуштивме селото Кипургио и стигнавме во село Спилеон. Јас се движам со голем труд и маки. Таму се сретнав со моите борци од 1946 година од Вичо.

Некои се радуваа, на некои им се навлажнија очите и си ги бришеа солзите. Дознаа за нашите загуби на Олимп и за нивниот прв командир Георги Калков од Вишени.

Некој се шегуваа со мене, велејќи ми дека јас како командир од бел коњ сум се симнал на сиво голо магаре. Ристо Мотев од Лаген и Ристо Биолчев рекоа: „Ние ќе му најдеме од коњ од Леринско, овде во Ипиро само волци вијат.“

Ноќта ја минавме во ова село.

30.3.1948

Раното се преместивме во една зашумена планина, ридот го чуваат нашите војници од 16-та бригада.

На падината сум и јас со мојот курир Коста.

По 12 часот се појави авијацијата, стрелаат, фрлат гранати. Овде ранија еден раководител од ЦК на КПГ од Атина. Дојде еден болничар и го зеде моето голо магаре за де го префрли ранетиот преку планина. Кога го видов, скокнав со пиштолот во рака за да му го земам магарето. Но, во тој момент курирот ми ја фати раката. Ранетиот Грк не сакаше да се качи на магарето и го побара коњот на Коста Палеологу.

По пет дена стигнавме во болницата близу албанската граница. Во меѓувреме се запознавме и станавме добри пријатели. Следниот ден престојувавме во селата Спилеон Џака, Елатопетра-Прозвором.

1.4.1948

Тргнуваме од село Прозвором, пристигнуваме во село Доцико. Овде се сретнав со мои млади партизани од моето село Турје и тоа: 1) Ило Стојков 2) Лазор Карамичов, 3) Павле Манчов, 4) Васил Узунов 5) Сотир Коле Котев.

Следниот ден тргнувам со коњ (магарето го оставив) и вечерта стигнавме во село Хриен. Овде најдов мои соселани кои ме информираа за загинувањето на Павле Ристо Попов.

Сабајлето тргнавме сите ранети и пристигнавме во централната болница во село Ѓанохори.

Овде се сретнавме со артилерискиот командир Георги Гапков од село Вмбел. Се преслековме во болнички алишта. Овде најдов многу мои борци ранети од борбите на Грамос. Јас бев сместен во куќата на Сотир во една соба специјално за офицери. Имаше и еден добар хирург земен од град Науса.

Од 7.4.1948 до 23.5.1948 сум на лекување во централната болница. Не ми направија операција. Доаѓаат мои борци на кои им бев комесар и командир за да ме видат.

Еден ден излегов надвор со патерицата. Две девојки Гркинки ме видоа и дотрчаа кај мене. Тоа беа двете девојки од Олимп. Викнаа: „Еве го командант Фотинос!“ Ме прегрнаа и ме бакнуваа. Другите наоколу не знаеја зошто. Тогаш дојде еден Грк партизан кој беше татко на едната девојка, ме прегрна и низ солзи ми рече: „Ми го спаси детето“. Во шега ги прашав дали ја научија песната: Елено, моме?

Дојдоа да ме видат и мои соселани и тоа: Васил Новачков, Лазор Павлов Сотирин, Васил Бојин, Павле на Георги Темов, Павле Божинов, Пандо Ефтов, Христо Ефтов и Сотир Котев.

На 12.4.1948 ми направија операција и извадија железно парче, но коската беше малку повредена. Температурата ми падна.

Овие денови дознав и за загинувањето на мојот прв братучед Митре Марков, кој во 1947 год. дезетираше од монархофашистичката армија.

На 4.5.1948 во болницата пристигна политичкиот комесар на Штабот на ДАГ.

Овие денови се наруши воздушниот простор од монархофашистичката авијација со Албанија, а болницата беше близу до албанската граница.

Пристинга еден хирург од Тесалија по име Коловос Стефанос.

16.5.1948

Недела е, одржавме состанок во болницата со дневен ред:

-Ситуацијата во Грција и граѓанската војна по поддршката од САД и говорот на Труман.

-Предлогот од Советскиот сојуз до грчката влада да прекратат убиствата на Чалдарис. На состанокот се присутни: Костас Пурнарас, Карадимос Орестис, Костас Димитрис, Сумадис, Псалидас Димитриос и Папас Панагиотис.

На 23.5.1948 Стигнав во село Пефкофито каде се одморив. Имам и други борци со мене. Другиот ден пристигнавме во село Кипсели. Борците ме пречекаа со радост. Меѓу нив е и мојот другар мајор од грчката армија артилерија во Кожани од 1937 до 1939. Се собравме сите артилерци. Зборуваше Коста, зборував и јас. Им раскажав за загинувањето на моите борци на Олимп. Некои мои стари соборци Македонци од Вичо, ме гушкаа и плачеа за своите другари и соселани. Им објаснив и за смртта на командирот Георги Калков на Вичо.

24-31.5.1948

Стигнав во месноста Кипсели, каде се сретнав со моите борци и командантот Јисуфидис Костас. Се запознав и со други офицери, артилерци новодојдени од стара Грција

Добивме и други германски топчиња 75 мм. Се оформи една артилериска единица со назив 220, Дојдоа и дописници од Атина демократи и прогресивни. Имаме наш весник – билтен. Прочитавме за борбите на Вичо и

во Тракија, како и за исфрлувањето на еден товарен воз со оружје кај градовите Драма и Серес.

29.5.1948

Се наоѓаме во месноста Ликорахи. Се појавија осум авиони, кои бомбардираа и стрелаа на сите страни. Ние немаме никаква одбрана, имаме ранети и загинати од нашите и од пешадиските единици.

Следниот ден дојде еден авијатичар Мичо кој дезертира од грчката авијација во Солун.

31.5.1948

Ја сменивме позицијата во планината Ликорахи. Извршивме реорганизација во која јас ја преземам функцијата комесар на една батерија и офицер за стрелба со топовите.

Командир беше мајорот Кичос, поранешен грчки офицер од монархофашистичката војска, кој ни донесе неколку прирачници за стрелање (оваа книга уште ја имам).

Забелешка:

Грчкиот артилериски мајор Христос Стефанопоулос Кичос дезертира од монархофашистичката армија од Атина. Имаше врска и со Англичаните. Беше многу способен офицер, образован и експерт за тригонометрија и виша математика. Дезертирал од Атина не согласувајќи се со грчката диктатура. Имал некој стрико, на татко му брат, комунист.

1 - 17.6.1948

Артилериските единици и штабот се наоѓаме близу месноста кај село Кипсели. Одржавме состанок за реорганизација на артилеријата. Присутни се Коста Јосифидис, Стефанопулос Христос, Карафотиу Васил, Христовски Георги, Пејков Коле, Андручос Одисеа и други. Состојбата е критична, борби се водат насекаде околу Грамос .

Авијацијата непрекинато ни е над главите, имаме недостиг на тешко оружје. Ја прочитавме изјавата на Генерал Маркос со предлог за прекин на граѓанската војна. Има жртви на двете страни. Непријателот остава многу мртви војници на бојното поле. Нашите партизани им ги собират документите и ги испраќаат на нашата радиостаница во Грамос, преку која се читаат имињата на загинатите војници за да слушнат и нивните родители.

Дојдоа нови борци Грци кои се распоредуваат по пешадиските единици, но како што нè информираа уште по првиот судир со војската, организирано дезертирале 85 нови борци и го предале оружјето. Тоа беше голем удар за нас.

За ова дозна и генерал Маркос и издаде наредба, сите нови борци да не се испраќаат веднаш на првата борбена линија.

Среде дезертерите имало и некои реакционери, кои го организирале ова предавство.

14.6.1948

Се наоѓаме на истото место Кипсели. Овде е и Јосифидис Коста командат на артилеријата и уште еден. Јас сум ставен на располагање на штабот.

Раната од десната нога ми е излекувана, но тешко се движам.

Нашиот весник нè известува за борбите во Леринско и Кајмакчалан, како и за солидарноста и помошта што ја даваат другите социјалистички земји на грчкиот народ и неговата борба.

17.6.1948

Уште сме во Кипсели. Читаме во нашиот весник за борбите во Леринско, Вичо и Клештина. Непријателот надоаѓа од Нестрам, почнува нова офанзива, авијацијата го бомбардира селото Пефкорито.

Јас со една мала единица артилерци се преместуваме и стигнуваме во месноста Круша. Тука има еден вод артилерци со 75 мм ридски топови на чело со командир Стратос. Пред нас се одвива тешка борба. Нашите единиците упорно ги држат позиците.

18.6.1948

Почна големата офанзива, јас сум командир на една пешадиска единица. Страто има само два германски топа 75 мм. Ние се наоѓаме на местото Круша.

Непријателот ја држи височината на Орлија. Се одвива тешка борба. Се вклучуваат авијацијата и артилеријата и ја бомбардираат месноста Копанче. Овде гори планината од бензинските бомби. Имаме тешко и лесно ранети и ги префрлуваме до воената болница. Нè известија дека по патот некои починале. Вечерта се преместив со 25 борци и поставив заседа во една падина ниско од месноста Пирго.

19-20.6.1948

Заземавме позиција близу до планината Орлија. Половина од планината ја држиме ние, а другата половина непријателот. Овде дојде Коле Пејов командир на артилерија. Отворивме оган со 4 топа. Почна жестока борба, но не се повлековме и останавме до сабајлето. Дента фронтот се смири за извесно време, а ние бевме вкопани и чекавме муниција, гранати за топовите.

Од 21-30.6.1948 се наоѓавме во месноста Портес, јас сум лево од батаљонот на Архилеа. Непријателот постојано отвара оган со артилерија, времето е врнежливо, авијацијата не се појавува.

Околу 2 часот презедовме офанзива со Ахилеа и еден мој вод со Гиатас Димитриос и десетарите Арванитис Христос и Сарандис Кириадопулос. Непријателот се повлече, запленивме еден пушкомитралез, еден минофрлач од англиско производство и друго оружје со муниција. Имаме ранети. Следниот ден времето се разведри, па непријателот отвори оган со сите средства. Авијацијата постојано бомбадира, но имаме само еден ранет.

Вечерта добив наредба да се повлечам со моите 45 артилерци. Тргнавме за Алевица, но преспавме во селото Пефкорито.

23.6.1948

Раното тргнавме од селото Пефкорито и минавме низ селото Гианохори. Стигнавме на планината Алевица. Зедов положба лево од Ахилеа. Испратив курир до Ахилеа и се соединив со една чета на

Колокотрони. Подоцна пристигна и командант Страто со два ридски топа 75 мм. Се маскиравме сите и чекавме да дојде непријателот.

24.6.1948

Рано почна офанзивата на непријателот. Ние се браниме со сите средства, но само со лесно оружје, бидејќи немаме минофрлачи. Јас сум близу до артилеријата на Страто, но тој не отвара оган, таква наредба има, исто и пешадијата со пушкомитралезите остана во мирување. Вечерта извршивме контра офанзива со сите наши единици. Непријателот се повлече само од едно ритче, но ние не го заседовме, туку се вративме на истата позиција. Раното авијацијата го бомбардираше тоа ритче, но таму немаше ниту еден наш борец.

25.6.1948

Непријателот од раното почна да бомбардира врз нашата позиција, имаме ранети и загинати. Овде загина еден мој борец по име Ампарцис Константинос од село Личишча. Кај месноста Копанче се одвива голема борба со артилерија, авијација, специјали единици ЛОК, верни на кралската војска.

Вечерта читавме весник од Демократската Армија. Видовме дека во борбите учествувала Осмата дивизија со 70 илјади одбрани војници, 8 бригади и околу 100 топови. Имаме доста ранети и загинати партизани од сите единици, кои ноќта беа пренесени во болниците на албанската граница.

26.6.1948

Раното направив обиколка кај сите мои партизани. Тие се жалеа на недостиг на храна, а меѓу нив имаше и болни. Бев и кај мојот другар артилерец Страто кој ми кажа дека немало гранати.

Околу 3 часот почна голема офанзива на јужниот дел на Алевица и војската успеа да заземе едно ритче од стратешка важност за набљудување. Овде имавме доста и ранети и загинати партизани од пешадијата. Овде херојски загинаа двајца мои другари од одредот на Вичо од 1946-1947 год и тоа: Саридис Атанас од село Руља и Спиро Преспакос. Во весник го прочитавме говорот на Молотов од ЦК на СССР во врска со Германското прашање (источна Германија).

27 - 30.6.1948 Борбите продолжуваат. Добивме и оружје за артилеријата. Читаме во билтенот за тешките борби што се водат во Грамос, Горуша, Ајлија, Коница, Гревена. Во позадината на мојот реон е мирно. Се готвиме сите единици да го пречекаме непријателот. Ископавме нови одбранбени линии и направивме скривници од дрва.

Храната пристигна навреме и борците ме почитуваат. Дојде и мојот комесар Андручос Одисеа.

Авијацијата го бомбардира селото Ливадотопи. Куќите се разрушени, но селото е празно.

Читаме писма на заробените војници до нивните родители. Очајни се заради братоубиствената војна.

На 29.6.1948 бев повикан во штабот на бригадата со мајорот Коле. Одржавме краток состанок за состојбата на фронтот. Нашата радио станица се слуша

во цела Грција. Информира за загинатите војници од кои се одземени личните карти и документи. Се создава паника во цела Грција.

На 30.6.1948 добив покана да се јавам во Штабот на Грамос кај Гјанули (Гианоули), каде ме информираа дека ќе пристигнат нови минофрлачи од руско производство. Командантот знаеше дека јас сум дојден од Југославија и дека имам вежбано со тешко оружје артилерија и тоа токму со минофрлач од руско производство.

Забелешка:

Овие денови имам доста ранети борци, но немам записи во дневникот.

1.7.1948

Се наоѓаме на планината Елевица со една чета составена од артилерци и некои пешадиски партизани. Јас (Фотинос) Христос Георги сум командир, а Одисеа Андручо е комесар. Информирани сме дека непријателот се подготвува од сите страни на Грамос за голема офанзива.

Грција доби помош од Америка 100 милиони долари. Труман ѝ дава на Грција и нов тип авиони.

Првиот ден почнаа да бомбардираат со артилерија и авијација во нашиот реон. Непријателските авиони пикираа на првата линија каде беа моите борци, но имам само двајца ранети. Тешки борби се водат кај месноста Копанче. Гори планината од бензиските бомби.

2.7.1948

Се наоѓаме на истото место. Раното комесарот замина кај штабот. Артилеријата и авијацијата бијат во целиот реон, а ние имаме недостиг на оружје и тоа гранати, ѓулиња и муниција.

Радио станицата нè информира за борбите во другите реони. Дознавме за повлекувањето на нашите единици и заземањето на месноста Профити Илија од страна на непријателот, но вечерта нашите единици извршија контраофанзива и повторно го исфрливме непријателот од Профити Илија.

3.7.1948

Се наоѓаме на истото место. Непријателот применува големо количество артилерија, планината Алевица гори од бомби и гранати.

Читав билтен од нашиот штаб дека на бојното поле непријателот оставал ранети и загинати војници.

Радио станицата чита имиња на убиените војници и нивните градови и села. Нашите се држат добро. Навечер направивме собир за да ги информирме нашите партизани.

Пристигна и комесарот на дивизијата и ни кажа дека имал разговор со Костас Пурнарас од ЦК на КПГ во врска со недоразбирањата со Југославија.

Овде сретнав и едно наше младо момче од село Турје по име Христо Пандо Ефтов на кое и татко му е партизан Пандо Ефтов кој учествуваше во битката кај Гревена како десетар, каде беше ранет, но остана жив.

4 - 8.7.1948

Се наоѓаме на истото место Алевица. Тешки борби се водат во целиот реон. Јас сум добро маскиран со мојата чета. Бункерите се цврсти, а преку ноќта ние раководителите ги посетуваме. Борците се задоволни и добри. Нашиот билтен нè информира за евакуацијата на нашите деца Македончиња во Југославија.

Тешки борби се водат зад нас во месноста Горуша и Клефти и имаме доста жртви и ранети.

Весниците пишуваат дека грчката влада довела воени офицери од западна Германија.

Нашиот билтен информира за исфрлување од употреба на електро-станицата во градот Патрас.

На 8.7.1948 добив наредба да ја оставам четата и да се јавам во штабот на артилеријата кај командантот Коста Јосифидис.

9.7.1948

Се наоѓам во село Мировлити, овде наоѓам и други артилерци, мои познати борци. Раното авијацијата изврши извиднички летови. Јас зедов 10 минофрлачи од италијанско производство со домет од 4,1 до 4,2 км. Јас Фотинос сум командир на ова одделение, а комесар е Одисеа Андручо.

Овде се сретнав со командантот (артилериски капетан) и Стефанопулос Христос, кој ме информира за оштетените топови 75 мм од германско производство на командирот Стратос.

Билтенот ни соопшти за доаѓањето на американскиот потпредседател Хариман.

Забелешка:

Како што се дозна по повлекувањето на ДАГ командирот Стратос намерно ги оштетил неговите топови и побегнал во градот Гревена каде веднаш бил примен во штабот на монархофашистичкаа војска.

10.7.1948

Раното почна офанзивата на непријателот со авијација, артилерија, минофрлачи и бензиски бомби. Гори планината Горуша, имам ранети и загинати.

Ја менувам позицијата со моите минофрлачи, стигнувам на прва линија помегу Котили и Кипселис. Наредувам маскирање на минофрлачите. Воспоставив телефонска врска со командантот Косто Јосифидис и со мајорот Барба Кичос.

Вечерта отворив ураганski оган со десет минофрлачи.

Пешадијата тргна во контраофанзива. Монархофашистичката војска почна панично да бега, оставајќи ранети и мртви војници зад себе.

Дојдоа нашите борци и го собраа фрленото и оставено оружје.

Во билтенот прочитавме за штрајк во банкарските работници во Грција. Читаме и дека во „Правда“ од СССР е објавен демант на веста за офанзивата на грчката армија според која ние сме биле „бандити“ и целосно сме биле уништени.

11 - 15.7.1948

Се наоѓаме на истите места Котили-Кипсели, се подготвуваме за одбрана, непријателот не отвара постојано оган, но авијацијата бомбардира и фрла

бензински бомби. Овде се соединивме и со артилеријата со командирот Пејков Коле од село Бапчор која имаше два топа 75 мм од германско производство, но имавме недостиг на топовски и минофрлачки гранати. Храната е редовна.

На 13.7.1948 непријателот почна офанзива од сите страни на Грамос, но ние не се повлекуваме. Тешки борби се одиграа кај Кипсели. Се појавија и дезертери од нашите редови. Одржуваме состаноци, даваме објаснувања за целата ситуација во социјалистичките земји и за префрлувањето на децата во Југославија.

Редовно добиваме весници и сме информирани за борбите на ДАГ во другите реони на Грција.

15 - 25.7.1948 Се наоѓаме на истото место Кипсели. Тешки борби се водат. Непријателот користи бензиски бомби, гори планината. Ние се бориме со сите средства, имаме недостиг на муниција и доста ранети.

Вечерта се снабдевме со муниција и гранати и веднаш презедовме контраофанзива.

Војниците панично бегаа, оставајќи на бојното поле убиени и тешко ранети. Испративме една десетина партизани да им ги земаат документите од штабот и радио станицата која ја оставија.

Читаме весници од ДАГ за ранувањето на секретарот на Комунистичката партија на Италија Тољати.

24 -25. 7. 1948 Тешки борби се водат на Кипсели. јас и Пејко Георги сме на првата линија. Телефонски се

поврзавме и дејствувавме координирано со четири топа 75 мм од германско производство и 6 италијански минофрлачи со домет 4,2 км. Имавме добар успех.

Вечерта дезертираше нашиот телефонист од село Желево, па врската се прекина. Дезертираа и партизани од пешадијата. Одржавме состанок со Алервас Гјанули Стати и други штабни раководители.

Читаме билтен за борбите на Пелопонес, Стереа Елада, Тракија и Македонија. Добивме извештај за дезертерствата во бригадата на командант Алеврата главно среде повратниците од Булкес.

26-31.7.1948

Се наоѓаме на истиот реон, јас како командир и комесарот Одисеа. Имаме оштетени еден минофрлач. Бевме бомбардирани од шест авиони со бензиски бомби, имам ранети тројца партизани. Постојано сме информирани од штабот за ситуацијата со борбите на Грамос. Во билтенот прочитав дека прашањето за Берлин Русите го решиле со тоа што ги затвориле границите со Западна Германија. Прочитав и за изјавата на централниот Комитет КПЈ за несогласувањето со Сталин и СССР, за штрајкови во Америка и друго.

1-3.8.1948

Првиот ден се наоѓам во штабот на артилеријата на командантот Коста Јосифидис. Одржавме состанок сите раководители и извршивме мала реорганизација. Борби се водат на истото место. Следниот ден се преместив попладне во месноста Гупата. Дадов објаснувања во врска со пленумот на партијата. Тешки борби се водат во месноста Волија Фурка Тамбури.

Авијацијата ја бомбардира нашата позиција и блиските пешадиски единици.

5 -15.8.1948

Се наоѓаме на истото место Гупата, тешки борби се водат на нашиот реон, имаме недостиг на муниција, гранати за топовите и минофрлачи кои ги чекаме да пристигнат од СССР преку Југославија. Пак извршивме реорганизација, стигнаа другари и од штабот на артилеријата. Добивме осум минофрлачи од италијанско производство со 4.2 км дострел, доста прецизно оружје. Командир сум јас, а комесар Одисеа.

На 6.8.1948

Се повлековме и зазедоваме позиција на планината Горуша. Непријателската артилерија отвара оган по моите борци. Јас се наоѓам на пунктот за набљудување, а пред мене е нашата пешадија со тешки митралези.

Околу 6 часот вечерта отворив минофрлачки оган на три илјади метри. Се создаде паника кај непријателот. Нè забележаа и отвориј оган со артилеријата. Имам ранети, меѓу нив и Арванитов Христо од Преспа, Паскалис Панајоти и други. Читам билтен за успехот на нашите единици на ДАГ. Во Серес и Драма бил исфрлен возот од шините.

На 9.8.1948 Бев поканет во штабот во артилеријата кај Коста Јосифидис (артилериски капетан во Грчката армија од 1935 до 1940 год.).

Одржавме состанок, ме информираа за состојбата околу снабдување на тешко оружје, топови и

гранати. Осумдесет вагони со оружје биле задржани на на унгарско-југословенската граница, заедно со минофрлачи 105 мм. Се вратив од штабот и дојдов кај месноста во реонот Алевица.

Забелешка:

Овде дознав дека се уништени 2 топа 75 мм. по дезертерствата во Гревена.

10.8.1948

Непријателот изврши офанзива со сите средства, артилерија и авијација и ја зазема планината Алевица источно од селото Ливадотопи.

Нашите пешадиски единици заседоа позиција западно од селото, разделени сме само со една мала река. Јас се стационирав со осум минофрлачи од италијанско производство.

Се маскиравме во буките, дадов наредба сите да се маскираат далеку од прва линија. Одржувам телефонска врска со штабот на артилеријата и пешадијата. Дојдоа кај мене и командантите Јосифидис, Митарба Илија и други. Ме информираа дека командантот Гјанули се повлекол и дека непријателот е близу зад нас. Некои наши пешадски единици влегле на албанска територија.

Јас се лоцирав кај пунктот за набљудување, заедно со телефонот близу до пешадскиот батаљон на Ахилеа. Имам 500 гранати за италијанските минофрлачи.

Коста Јосифидис детално ме информира за целата ситуација на Грамос и ми кажа дека веројатно ќе се повлечеме кон исток кај Малимади, Вичо.

Забелешка:

За овој неуспех и за повлекувањето на командантот Гјанули, тој беше осуден и стрелан од привремената влада и секретарот на ЦК Захаријадис.

13-14.8.1948

Стационирани сме на местото Аливадотопи. Борците се вкопуваат во ровови и поставуваат заштитни камења. Но, на таа страна нема никакво движење. Јас со курирот Петре сум на предната страна кај батаљонот на Стади и Ахилеа со тешкото оружје. Командирот на батеријата избега со еден расипан топ, поради што се расформираа некои единици од артилеријата.

15.8.1948

Се наоѓам на првата линија во батаљонот на Ахилеа во еден бункер со мојот курир Коста. Рано почна да бие непријателот со артилерија во нашиот реон, а се појави и авијацијата. Ние мируваме и не отвараме оган.

Околу еден часот мојот курир ми донесе храна и се подготвувавме да ручаме. Коста влезе во бункерот и ме замоли и јас да влезам, но јас го одбив. Во тој миг почна да бие артилеријата, јас скокнав и влегов кај Коста во бункерот. Токму тогаш една граната го погоди моето тенџере ги уништи целата храна и вода, но ние двајцата останавме неповредени.

16.8.1948

Уште од раното непријателот напаѓа од Алевица по патеката за село Ливадотопи. Стигна и пешадијата која се криеше зад куќите. Ние сме сите на истото место.

Му телефонирав на водникот Димитриади и на комесарот Одисеа да го скријат добитокот зад планините.

Ги подготвивме минофрлачите за отворање оган кога јас ќе наредам. Само внимаваме да не се прегреат цефките. Имам двоглед и гледав како се движи непријателот. Во еден момент курирот ме извести дека на телефонот ме бара командантот Јосифидис Коста, кој ми кажа да почекам да влезат сите во селото, па тогаш да отвориме оган.

Тогаш нашата пешадија отвори оган со тешките пушкомитралези. Непријателот ја помина реката и продолжи да се движи нагоре кон батаљонот.

Дадов наредба сите 8 минофрлачи да отворат оган, но да внимаваат да не им се прегреат цевките. Им реков да остават само 150 гранати.

Тогаш отвори оган и непријателската артилерија. Авијацијата ни кружеше над главите, но непријателот почна да се повлекува во лево. Се појави и пешадијата и тие отворија оган. Продолжив да бијам по позициите на непријателот. Командантот по телефон ми рече: „Браво Фотине удри додека имаш гранати“.

Непријателот продолжи да напредува зад нашите позиции. Гиаволис се повлече и таму се одигра тешки борби.

Вечерта се вратив во кај базата, сите борци беа добро. Имам и две девојки кои се научија да дејствуваат со минофрлачите: Аспасија Зога и Елисавета Пападопулу, обете Гркинки.

17.8.1948

Борби се водат кај местото Пефко. Непријателот дејствува и кај Ахелона близу албанската граница.

Ми телефонираа Ахилеа и Јосифидис Коста. Лево од мене имало два минофрлачи од пешадијата. Зедов и јас два со гранати и организирав контранапад.

Војската изврши офанзива за да ја заземе Ахелона од југ и од запад. Отворив и јас оган со минофрлачите од италијанско производство со домет од 4.2 км. Се создаде паника во монархофашистичката војска. Почнаа да бегаат и да се засолнуваат во шумата, но јас продолжив и таму да стрелам.

Тие бегаа и се криеја во шумата источно од Алевица, но јас и таму ги бомбадирав со минофрлачите, па тие повторно се повлекоа. Тогаш ме забележаа и отворија артилериски оган по мене, но не ме погодија. Се вратив кај другите мои 6 минофрлачи. Ми телефонира командантот Јосифидис и ми рече: „Браво Фотине имаше голем успех со тие прецизни италијански минофрлачи“.

18.8.1948

Непријателот дејствува десно по нашите единици. Овде е и батаљонот на Ахилеа, се водат тешки борби. Добив наредба да отворам оган со минофрлачите, но да внимавам да не останам без муниција. Северно од мене се затвори границата, а нашето снабдување преку Албанија е опасно. Попладне бевме бомбардирани од артилеријата и имаме двајца ранети: куварот и мојот курир Васил.

19.8.1948

Непријателот повторно презеде офанзива во нашиот правец. Отворивме оган со сите средства, нашата пешадија херојски се држи, но имаме ранети и загинати. Пристигаа Ахилеа, Коста Јосифидис, Барба Илија и други раководни лица. Ме информира за состојбата дека Гјанули се повлекол на албанската граница.

Ја прегледаа мојата војската. Им ги дадов моите маски за пренос на ранетите, а загинатите ги погребавме со насолзени очи.

Борците се очајни. На небото има само авијација. Командатите заминаа и ме замолија да внимаваме со гранатите за минофрлачите. Вечерта се товарив и зазедов нова позиција источно од 52 положба.

20.8.1948

Се наоѓам на второто западно одбранбено место. Нашата пешадија не отстапува. Лево од мене непријателот успеа да се пробие. Воспоставив врска со Коста Јосифидис артилерискиот командант и го прашав што да правам. Тој ми рече да удриме додека имаме гранати и дека ќе ни испратат храна. Одржав краток состанок. Имаше две млади девојки кои ме гледаа со насолзени очи. Им објаснив дека непријателот сака да нѐ заобиколи.

Околу 4 часот дојде курирот и ми донесе наредба од штабот да удриме со сите минофрлачи додека имаме гранати, а потоа да ги извадиме диоптрите за мерење агол и да се повлечеме кај Ахелоно вечерта оти патот бил отворен.

Забелешка:

Кога добив наредба да ги оставам осумте минофрлачи на бојното поле, ги собрав сите борци и им објаснив каква е ситуацијата, дека непријателот го стега обрачот од сите страни, но дека пограничното место Ахелоно е слободно и таму се нашите партизани. Им реков дека ноќта ќе се пробиеме и им наредив да го земаат само лесното оружје, пушко-митралези и сè што можат. Комесарот Одисеа зеде една десетина и отиде кај борците за да се поздрави. Отидов и јас. Овде моите две девојки почнаа да плачат, ме прегрнаа и двете и ме замолија да не ги оставам и одам во друга единица. Тоа беа Елисавета Пападопулу и Аспасија Зоја. Не знам како завршија нивните маки и дали останаа живи.

21-25.8.1948

Ноќта го пробивме обрачот на месноста Ахелоно, Батаљонот на Ахилеа се стационира близу албанската граница. Нашите партизани влегоа во костурскиот реон близу селото Калевишча. Јас бев последен.

Одевме еден по еден, но нè забележаа и војската од Алевица почна да стрела по нас. Во еден момент јас скокнав во една јама и си го повредив глуждот. Одвај се извлеков близу албанската граница источно од село Калевишча. Кога се раздени, ме видоа од монархофашистичката војска и отворија артилерски оган во полето по мене. Се засолнив во една нива, а подоцна дојде мојот комесар Одисеа кој ме извлече со коњот и ме пренесоа во село Брезница. Овде ми го наместија глуждот, но останав до 25.8.1948 во куќата на Ристо Панов со еден мој другар Ставро Паскали.

26 - 31.8.1948

Заминав од село Брежница и стигнав во преспанските села Микролимни, Лик, Буковик и Оровник. Таму беше и штабот на артилеријата со командантот Коста Јосифидис.

Се сретнав со моите другари офицери Георги Калков од село Вмбел и со Васил Карафотиас. Одржавме состанок за ситуацијата во нашата војска.

Добивме противтенковски топови 75 мм. Јосифидис знаеше дека до 1945 год. јас бев командант на батерија од руски топови во Струмица и во Штип. Стигнаа и топови со мал пречник 37 мм. од германско производство.

На 30.8.1948 заминав на албанската граница со една група артилерци. Добивме маски и коњи за пренос на топовите и друго оружје. Се стационираме во месноста Микролимни. По некој ден се вративме кај штабот. Не сум добар со ногата и имам болки. Читам билтени од ДАГ за борбите во Трикала, Пелопонес, Драма и други реони.

1 - 10.9.1948

Се наоѓаме околу 25 артилерци кај Микролимни, имаме маски за товарање на лесните топови и оружје. Овде се сретнав со мои познати другари. Вечерта се товариме со коли и коњи за да заземиме позиција против непријателот. Се сврзав со артилерискиот штаб од каде ме информираа дека непријателот презел офанзива од Лерин и од Костуско кај селото Косинец. Една батерија 75 мм. Топови тргна за Бигла да ја

пречека војската од Лерин. Билтенот нè информира за борбите во источна Грција кај Драма.

Овде формиравме и противавионска единица со четири топчиња 20 мм. кои лесно се товареа и се пренесуваа на првата борбена линија.

4.9.1948

Ме поканија во штабот кај Коста Јосифидис командантот на артилерија, каде ме задржаа неколку дена поради повредата на ногата. Има доста артилерци кои ги обучувам и подготвувам за првата борбена линија.

Во билтенот прочитавме за смрта на советскиот раководител Жданов, за неговиот погреб, за говорот на Сталин и други раководители.

5.9.1948

Тргнуваме и стигнуваме со товари во коли и со топовите до Смрдеш. Борби се водат кај Косинец Малимади. Се организира една пешадиска бригада со командат Алеврас, еден батаљон на Папас и други единици и се прават подготовки за контраофанзива. Се оформи и противтенковска единица 37 мм. со командир Иланидис. Јас со тешките топови се преместив кај Бесвина со задача да ги пречекам непријателските тенкови од Костур - Габреш.

7.9.1948

Ја менувам позицијата и стигнувам кај Вмбелските планини со противтенковските топови. Се водат тешки борби на сите страни, а јас добив задача

да го спречам нападот на тенковките единици Брезница-Смрдеш-Албанската граница.

9-9-1948

Непријателот зазема позиција на планината близу Смрдеш Малимади и го контролира патот, додека артилеријата бие на сите тие позиции.

Источно од Вичо на Бигла нашите добро се држат таму стигна нашата артилерија.

10.9.1948 Единиците на Алеврата Бригататос и Папас се пробија северно кај Косинец и удрија на Малимади. Од другата страна панично се повлекува монархофашистичката војска оставајќи загинати и ранети на Малимади. Некои се предадоа, а некои беа заробени. Борбата продолжи и преку денот Малимади падна во рацете на ДАГ со двете села Косинец и Лабаница близу албанската граница.

10 - 20.9.1948

Пристигнав во месноста близу Микролимни каде е штабот на артилеријата. Таму ми предложија да преземам и формирам нова батерија, но топовите уште не се дојдени.

Се префрлив во месноста Нивица. Овде има еден дивизион со ридски топови со кои вежбаме и се готвиме да заземеме нова позиција. Борбите продолжуваат во целиот реон.

Зебелешка:

По повлекувањето од Грамос Демократската армија имаше големи загуби на тешко оружје,

артилерија, минофрлачи и друго. Оваа територија беше поволна за непријателот, лесно можеше да се префрли тешко оружје од Лерин во Костур и на други места. Ние се најдовме во тешка состојба со кадри и артилерци, па затоа јас се меував од една во друга батерија во разни места.

Потсетувам дека од 1937 до 1939 година служев во 9-та артилериска дивизија, а од 1940 до 1941 година служев во противвоздушната артилериска единица во Атина, додека од 1944 до 1946 година служев во Југославија во артилериската единица на 41 дивизија. Во Југославија ние офицерите се обучувавме во Струмица, Штип, Врање и Скопје и тоа во вечерни училишта со предавања од артилериски српски и советски инструктори. Таму добив звање Командир-капетан-артилерије од Југословенската армија и од ДАГ.

14-9-1848

Се наоѓаме на истата позиција, времето е магловито. Одржав состанок со други раководители артилерци: Пејков Коле, Маргас и други и вршиме мала реорганизација. Стигнаа и други противтенковски топови 75 мм.

Во билтенот читам за борбите на Малимади Вичо, каде една цела дивизија се растури. Таму заробивме 35 војници и запленивме 43 мали минофрлачи и 150 пушкомитралези. Кај непријателот се создаде паника и остави загинати и ранети.

17.9.1948

Бев поканет на штабот на артилеријата, овде направивме план за организирање противавионска

одбрана. Немаме артилериски кадри, а има и недостаток на превозни средства,

Тешко се снабдуваме од странство, состојбата е критична посебно за тешко оружје и муниција .

20 - 25.9.1948

Три дена вежбаме со противтенковските топови 75 мм. Два топа испративме на Бигла каде заминав и јас и се сврзавме со штабот каде беа Пандо Војната, Маргас Георги Гапков од Вмбел (кој беше артилериски командир во грчката армија 1937-1940). Таму предадовме два топа, по што јас се вратив во Преспа каде формиравме друга батерија со 4 топа. Потоа заминав за Малимади и се стационирав над селото Јеропиги. Се вкопавме во ровови и направивме бункери. Не сме далеку од непријателската артилерија.

28 - 30.9.1948

Зад нас се наоѓа тешка батерија 105 мм од руски хаубици предводена од Пагонас Маратопоулос.

1 - 10.10.1948. На 1.10 1948 пристигна мојот комесар Одисеа Андручос и ја презема функцијата командант на мојата противтенковска батарија. Попладне заминав кај тешките топови 105 мм. во планината над Смрдеш-Кристалопиги. Таму стигнаа и други офицери раководители.

Планираме да удриме со една тешка батарија по непријателот кај селото Тиквени кого го забележавме по оганот кога стрелаше.

Нашата 105 батарија е зад планината на 1.224 метри височина. Од таму отворивме оган и гледавме

каде паѓаат нашите гранати. Во паника непријателот следниот ден се премести на друго место и од таму удари по нашите топови, но немаме жртви. Во весник читавме за говорот на Вишински во СССР за положбата во Грција и предлогот за запирање на Граѓанската војна.

Се вратив кај моите другари. Одисеа ме информира за предлогот на командантот на 107 бригада и недостатокот на 4 топа за одбрана.

Разговарам со Коста Јосифидис кој ми испрати уште два топа 75 мм и три 37 мм лесно подвижни со маските. Направив нов распоред со шест топа 75 мм кои заседоа позиција од Дмбенските планини до албанската граница.

7-10.10.1948

На првата линија дојдоа од Главниот штаб на ДАГ Каранџас Алеврата и Михаил Карамитчиев и се видовме сите. Михаил ме претстави на Каранџас мене и го запозна со мојата активност од сите војни од 1940, па наваму. Ручаа кај пешадијата.

Михаил ме информира за состојбата во ДАГ со Захаријадис, ситуацијата во Југославија, стрелањето на Гјанули и друго. Се поздравивме и се прегрнавме и ме замоли да ги чувам нашите борци.

11.10.1948

Непријателот презеде офанзива на планините близу Косинец и зазема едно ритче на нашата пешадија. Еден мој противтенковски топ 37 мм. е десно од селото и отвори оган против еден камион и го погоди. Камионот остана на место, но нè забележа еден тенк од десната

страна и удри на бункерот при што го рани десетарот Поповски Никола од Воденско.

Попладне нашата пешадија презеде контраофанзива од која непријателот панично се повлече, а ние заседовме нова позиција.

Вечерта го префрлиме и камионот во Преспа. Заменивме еден топ што имаше дефект со друг и се позиционираме на друго место близу Косинец.

12 - 20.10.1948

Во нашиот реон е мирно. По неколку пати авијацијата прави извиднички акции. Јас одам од позициите на сите топови поединечно и им држам обука за стрелба. Бункерите се маскирани и ги поправаме преку ноќта.

Непријателот ја зазеде височината на планината Алевица. Секое наше движење се гледа. Кај некои топови носиме храна само навечер и наутро.

Испратив една десетина кај селото Косинец. Таму беше оставен еден блиндиран расипан камион од монархофашистичката војска. Го префрливме во село Смрдеш, а од тука во Преспа, каде му се направи ремонт. Секој ден читаме весници и борците се добро информирани.

На 14.10.1948 читавме за говорот на Вишински од СССР со предлог до западните влади за помош на Грција.

На 16.10.1948 извршив мал ремонт на некои мои топови 75 мм. Го замолив Коста Јосифидис да ги замениме со други. Читам весник од ДАГ дека сум промовиран од Штабот на артилеријата во артилериски

поручник. (По повклекувањето во Албанија ДАГ ме промовира во Артилериски капетан).

17.10.1948

Добив 12 млади борци, некои на возраст од 16 години. Дваесет дена ги држам кај мене и вежбаме со сите средства за стрелање пушкомитралези, артилерија, но и заштита од непријателот и сл.

21 - 31.10.1948 Направивме измени на одбрабената линија. Добивме уште еден противтенковски топ и го сместивме близу штабот на 107 бригада.

И од страна на непријателот се заземат некои пониски места близу патот Костурско-Малимади.

Времето е бистро и сите ние артилерци кои сме на првата борбена линија копаме дополнителни одбранбени ровови во зиг-заг форма.

Непријателот е добро информиран, па постојано летаат авиони кои стрелаат врз нашата линија.

Постојано сум во контакт со Алеврата командирот на 107 бригада и со батаљонот на Папас на првата линија.

Нашите весници постојано нѐ информираат за ситуацијата во Грција, за говорот на Генерал Маркос и друго. Одбележуваме годишнина од привремената влада. Една вечер се јавив кај Васил Карафотиа кој имаше една батарија топови од германско производство. Направивме план за одбрана на нашиот реон.

Непријателот почна да подготвува нова офанзива. Кај планината Фалцата, се расположи тешка

батерија против нас. Секој ден ние се пазиме од непријателот. Батеријата почна да дејствува, но немаме жртви, освен што некои маски се изгубија во планината.

1-11.11.1948

Уште сме во истиот реон, вежбаме и се вкопуваме. Ситуацијате е затегната, непријателот нѐ бомбардира со артилеријата. Авионите постојано се над нас и вршат летови и до Преспа.

Читаме весник за борбите на Халкидики и околу Драма, каде биле заробени 112 војници сосе оружје.

Го слушаме на радио говорот на Вишински. Борците копаат ровови и прават бункери. Времето е студено. Немаме огрев на првата линија, освен во бункерите. Собираме черги за покривање од селата. Имаме и болни и ги пренесуваме во болницата во Преспа.

12 - 30.11.1948

Нема никакви промени. Тешка е состојбата со партизаните. Многу е студено. Читаме за оставката на претседателот Софули.

13.11.1948

Се водат тешки борби на Шестевската бука. Испратив еден противтенковски топ 75 мм. Отидов да видам што се случува на тој терен и овде бев ранет во десната рака од артилериска граната. (Подоцна во СССР ги оперирав двата прста). Се вратив преку Брезница со едниот топ и таму ја преврзав раката, но останав два дена во медицинскиот пункт во Смрдеш. Мојот комесар беше повикан во Преспа во штабот. Тој

зеде уште еден топ 75 мм. што го заменивме на албанската граница.

Читаме весник за борбите во Ипиро каде биле заробени 68 војници од монархофашистичката војска.

Продолжуваме со вкопување на одбранбените линии и бункери со дрвен покрив. Ги дадов моите маски да носат дрвја од планината преку ноќта.

Пристигнаа и пет девојки за да помогнат на нашите единици да копаат и да донесат дрвја преку ноќта. Тие беа: Султана Мичу од Черешница, Антула Кирова Кумоничева, Афродити Дамијану, Хрисанти Мангу и Олга Панагиоти.

Ситуацијата е тешка, снегот ја покри секоја точка. Моите другари од штабот дознаа дека сум ранет и сакаа да ме преместат во штабот додека да оздравеам, но јас не се согласив бидејќи раната не беше опасна.

29.11.1948

Добив список од штабот и одликување како признание за тешките борби на Грамос. Весниците пишуваа за француската влада, за положбата во Грција и друго.

1 - 31-12-1948 Се наоѓаме на истото место Малимади. Времето е променливо, периодично нѐ бие артилеријата. Авијацијата постојано е над нашиот реон и ги набљудува нашите одбранбени подготовки и измени во снеговитиот реон.

На 7.12.1948 бев повикан во штабот на артелеријата во Преспа кај командантот Јосифидис Костас, каде бев информиран за состојбата во Грција.

Го сменија мојот комесар Одисеа Андручос, а на неговото место оваа функција ја презеде Меланидис Илијас (Грк). Јас останав неколку дена во штабот во Преспа. Одржавме состанок со сите офицери артилерци и предавање за артилериско стрелање.

На 10.12.1948 се наоѓам кај месноста Безница со една противтенковска батерија. Вежбаме два дена и ги обучавам артилерците. (Сите дознале дека сум бил во Југословенската војска како командир на противтенковски топови).

Отворив оган против бункерите со артилерија 75 мм. близу селото Смрдеш каде истрелавме 30 гранати. Таму се видов со многу мои другари соборци од 1946 год. Читаме весник за говорот на американскиот претседател Труман и за помошта на грчката влада од 100 милиони долари, како и за оставката на некој раководители од грчката влада.

12.12.1948

Повторно одам на истото место Малимади. Сега сум сега комесар на противтенковска единица (6 топа 75 мм. и 3 топа 37 мм.). Командир е Миланидис. Одржавме состанок со десетарите и војниците на артилеријата.

Тешка е состојбата на борците, времето е студено, без оган во бункерите е тешко, постојано бие непријателската артилерија.

Билтенот нè информира за борбите во стара Грција, Во борбите во Кардица биле заробени 80 војници од монархофашистичката војска.

23.12.1948

Одбележуваме прва годишнина од нашата привремена влада на ДАГ. Пристигнаа други борци артилерци и се дооформуваат нови противтенковски единици со 37 мм. топови.

25.12.1948

Го славиме Божик. Испраќаме борци во селата Габреш и Брезница. Натоваруваме храна за добитокот, покривки веленца и черги за борците. Ноќта пренесуваме и дрва греење во бункерите. Времето е студено.

30.12.1948

Се појави една кола од страна на монархофашистичката војска во правец од село Тиквени. Отворивме оган со противтенковско лесно оружје 37 мм. Во паника побегнаа, а потоа отвориј оган со артилеријата врз моите позици и пешадијата. Имаме двајца лесно ранети. Испратив два топа 37 мм. како помош на нашата пешадија во борбите кај Буковик-Шестевка бука, Костурско

Забелешка:

Оваа 1948 год. беше тешка особено за нашата артилерија. Имаме недостаг на оружје, гранати и артилерија.

Штабот нè информира дека 85 вагони биле стопирани на чехословачката граница.

1.1.1949

Ја дочекавме Нова година над селото Косинец. Одржавме состанок со командирите и слободните борци од артилеријата. Времето е остро и студено. Отидов и јас кај батаљонот каде се сретнав со мајорот Папас од 107 бригада. Попладне заминав со коњот и стигнав во село Желевец. Таму беа преселени сите мои соселани од село Турје (Турје и Нерет беа граница на фронтот со монархофашистичката војска).

Отидов во семејството на Павле Неделко Котев и ги информирав за околностите во кои загина нивниот син Сотир. Се сретнав и со тетка ми Петра (сестра на мојата мајка). Таму ноќевав, а утредента рано се видов и со други раководители од ДАГ: Тане од село Котори, Велаки и други.

Забелешка:

Тетка ми Петра ме информира за пограничниот случај што ѝ се случил нејзе и на нејзината другарка кога решиле да ја поминат границата со Југославија за да си ги видат децата. Жените биле фатени од нашите будни патриоти и вратени кај нашите граничари. На прашањето кој им рекол да бегаат, таа одговорила: „Фотинос (Христовски Георги), кој е син на мојата сестра.“ Така ги ослободиле. Но сега ме барале мене за да ме фатат и стрелаат како југословенски агент.

Но, кога дискутирале во штабот на таа тема се нашол таму и командирот Пандо Војната, кој се спротивставил на изјавите против мене и им рекол дека сум на Грамос во болницата.

3 - 10.1.1949

Се вратив на истото место Малимади и ги проверив сите мои борци на првата линија. Времето е студено, состојбата е тешка. Го посетив и командирот К. Алеврас од 107 бригада, кој ме информира за состојбата во нашиот реон.

Непријателот почна да се концентрира со намера да удри на нашите единици. Ме замолија мене да ги земам шесте жени доброволки, да ги засолнам и да направиме бункери како заштита од артилеријата на монархофашистичката војска.

8 - 9.1.1949

Одржуваме вежби со лесните топови, т.е стреламе со 37 мм. гранати (ѓулиња) засолнети зад планините за да не нè забележи непријателот.

10.1.1949

Испраќаме два топа со пешадијата да удрат на едно ритче окупирано од монархофашистичката војска близу селото Дмбени. Удривме, но немавме успех. Непријателот нè забележа и отвори оган со артилеријата. Беа ранети двајца наши пешадијци.

11-15.1.1949

Се наоѓам во истиот реон, состојбата е иста. Времето ни пречи. Извршивме замена на еден топ 75 мм. поради дефект во цевката.

13.1.1849

Вечерта испратив еден топ 37 мм. со една пешадиска чета. Удривме на непријателот близу Гиани

Кефали, но немавме успех и повторно имаме ранети, па се повлекоме на старите позиции.

15-31.1.1949

Се наоѓаме на исто место. Времето е променливо со сонце и магла. Постојано одржуваме контакт со Алеврас командирот и Папас командатот на батаљонот. Авијацијата постојано кружи над нашите единици. Артилеријата стрела по нашите одбранбени линии, но немаме жртви. Ние со Меланиди постојано сме со водниците и десетарите.

Овие денови добивме и телефонска врска со бригадата и батаљонот. Читаме во весникот и во билтенот за борбите во Науса, каде биле уништени тенкови и камиони и запленети 16 американски пушкомитралези, 3 топа и други воени материјали.

21.1.1949

Во борбите во град Карпениси бил соборен еден американски авион разузнавач.

24.1.1949

На истата територија Карпениси бил фатен пилот Американец кој се спуштил со падобран откако му го урнале авионот. Нашиот весник објавува податоци за неговата истрага. Се правдал дека немал намера да снима, но нашите го стрелале. Читаме во весникот за предлогот на Обединетите Нации за прекин на Граѓанската војна во Грција. Тешка е ситуацијата на борците на првата линија. Времето е студено, тешко се движат, правиме некои замени, ги засолнуваме борците ноќе зад планините и таму тие се греат.

Забелешка:

На 29.1.1949 Ноќта чуваа стража на првата линија над село Косинец еден мој војник артилерец и една девојка од пешадијата. Еден каплар од пешадијата и двајца војници ги затекнале прегрнати зад едно дрво и веднаш ги сменија. Следниот ден предлагаа да му судиме на мојот војник и да го стреламе.

Јас не се согласив, го повлеков од првата линија и со едно писмо го испратив во штабот на артилеријата во Преспа.

Тој војник Николакис на возраст од 18 години ја преживеа војната и во 1958 год. дојде во СССР во Ташкент со жена му и две мали деца.

Ме виде на еден грчко-македонски собир и почна да вика: „Еве го! Еве го Фотинос!“. Ме прегрна и заплака од радост што сум останал жив. Жена му Гркинка се смееше и ми кажа дека мажот ѝ постојано ме спомнувал. Го прашав пред жена му: „Добро, што правевте тогаш со девојката?“, а тој ми одговори: „Ништо не правевме, само се прегрнувавме оти ни студеше“.

1-15.2.1949

Се наоѓаме на истото место со 107 бригада на Алервас и првиот батаљон Папас (Папата). Одржуваме постојани контакти со штабовите на артилеријата и пешадијата. Времето е студено и бројот на болните се зголемува. Ноќта носиме дрва и покривки од селата источно од нас Смрдеш и Брезница и други.

Весниците нѐ информират за состојбата со Југославија. Границата ја затвориле, па сум многу разочаран бидејќи таму е целото мое семејство: татко,

мајка, три браќа, жена ми со двете ќерки од кои едната уште не ја имав видено.

Мојата сопруга на 20 мај 1946 година ја зедов од село Турје, а јас на 4 септември 1946 год. заминав во ДАГ. Тешко ми е, но нема друго решение, не можам да ги оставам моите борци Македонци и Грци. Читаме и за прашањето на Смит до Сталин и одговорот, како и за офанзивите и успехот на кинеската армија и друго.

8.2.1949

Источно од селото Косинец стигнаа два топа 105 мм. тешко оружје и отворија оган по непријателските позиции. Непријателот ја забележа нашата позиција и изврши контра удар по нашите хаубици 105 мм. од руско производство.

Гранатите паѓаа близу моите позадински доброволци, но немаме жртви. Нашата артилерија има само двајца ранети. Вечерта дојде комесарот од дивизијата Димос Кофтарис. Читаме во весникот за борбите во Карпениси.

10.2.1949

Испратив една група од 15 мои војници и еден водник да се запознаат со противтенковските топови кај планината Писедери (Псодери) над село Арменско, Леринско.

11.2.1949

Извршив обиколка кај сите мои противтенковски топови со мојот курир Славе од Баница, но бевме забележани и непријателот отвори артилериски оган по

нас. Бргу се засолнивме и останавме обајцата неповредени.

Вечерта билтенот нè информира за борбите во Лерин. Три илјади партизани од ДАГ го нападнале Лерин. На почетокот имале добар успех, но непријателот бил добро информиран од нашите радио врски кои биле прислушкувани, па оваа борба завршила без успех со голем број жртви среде нашите единици.

Во мојот реон Малимади е мирно, освен по некое бомбардирање со авијацијата и артилеријата.

16 - 20.2.1949

Ја читаме информацијата за Петтиот пленум на КПГ. Весниците нè иформират за борбите во Лерин, за жртвите и за неуспехот на нашиот напад. Во реката леринска многу жени и девојки Македонки доброволно учествувале во пренесувањето на ранетите. Доста борци дезертирале во Југославија. Таму загинал Ване Трендов од село Кономлати кој беше Командир на чета во ЈНА 1944-1946.

18.2.1949

Борби и судири има во целиот реон на Вичо и Малимади. Во нашиот реон се појави едно комби кај планината Фалцата со некои офицери внатре. Еден наш противтенковски топ 75 мм. отвори оган, но не го погоди, и избега назад по нашите истрели. Непријателската артилерија ја бомбардира нашата позиција. Весниците пишуваат дека двајца Американци со авион се спуштиле на Леринскиот аеродром

20 – 30.2.1949

Два дена се наоѓам кај моите тешки топови 75 мм. Имаме политички состаноци и обука. Авионите фрлат летоци со пропаганден материјал. Се појави непријателска колона кај месноста во село Тиквени. Нашата артилерија отвори оган со тешките топови 105 мм. од Малимади. Колоната се засолни зад планината.

22.2.1949

Раното тргнав сам со еден коњ за Преспа кај штабот на артилеријата. Поминав низ селото Брезница, каде се сретнав со многу мои другари борци од позадината. Пристигнав во село Желево, каде се сретнав со моите соселани кои беа евакуирани од село Турје со тетка ми Петра, стрина ми Боризица, тетинот Павле и други. Се сретнав и со Тодор од Котори, кој беше одговорен за позадината. Вечерта стигнав во Микролимни кај штабот на артилеријата.

Таму се видов со командирите Георги Ганков од село Вмбел, Коле Пејков од село Бапчор и други. Одржавме состанок на кој Коста Јосифидис нè извести за положбата на нашите одбранбени единици и за сутуацијата во Желево. Повторно се сретнав со моите соселани, кои беа уплашени затоа што децата им ги испратија во социјалистичките држави.

Вечерта стигнав во Брезница каде ноќевав. Утредента рано тргнав и стигнав кај моите единици.

Следниот ден одржавме состанок кај 107 бригада, сите командири и комесари. Состанокот го раководеше Алеврас Костас, кој нè информира за ситуацијата во Грција.

Непријателот добивал воена помош од нови американски авиони и артилерија и концентрирал оклопни и пешадиски единици. Се истоварале авиони на Леринскиот аеродром. Се дискутира да се нападне аеродромот со нашата артилерија, но тоа не е можно затоа што е на голема оддалеченост.

1-15.3.1949

Се наоѓаме на истото место. Времето е студено и врне снег. Дојдоа нови борци во мојата противтенковска батерија. Почнувам со обука на младите борци. Привремено ги држиме до штабот, каде е и медицинската служба во која има седум жени од Преспа за носење на ранетите борци.

Овие денови добивме и лесни противтенковски оклопни топа 20 мм. Се обидовме да ги приспособиме да дејствуваат против авиони.

Често пати нè бомбардират. Тешки авиони летаат ниско, но не успевам да ги погодам, па затоа ги вратив овие топови назад во планините кај штабот на бригадата на Алеврос. Имаме дефекти во тешките 75 мм. топови. Ноќта ги грееме со топла вода.

11.3.1949

Пристига еден вод со два топа 75 мм. од штабот и ги сменивме со двата топа што не функционираат. Како командир на овие два топа беше Кајдис Петрос (Грк) кого го вратив назад за да извршат ремонт на расипаните топови.

Читаме весници за борбите на ДАГ во Карпениси стара Грција и за помошта што ни ја даваат балканските држави, за кризата во грчката влада и друго.

15 - 31.3.1949

Времето е неиздржливо, имам болни, а нема ни лекари ни лекарства. Пристигнаа нови борци од штабот на артилеријата и прашаа за мене. Се разболе и мојот командир Меланидис и го испрати во Преспа.

Зад мене во планините Малимади стигна една артилериска батерија со тешко оружје. Одржавме состанок со сите раководства на нашиот реон. Се критикуваше нашата привремена влада заради расправиите и судирите меѓу раководните кадри Захаријадис и Маркос и други.

Се дискутираше и воспоставување телефонска врска помеѓу бригадата и мојата артилерија.

На 22.3.1949 Го испратив курирот до штабот во Преспа и така добив телефон за мојот реон, т.е. врска помеѓу мојата артилерија и бригадата.

23.3.1949

Добив покана за состанок во штабот на артилеријата кај Јосифидис Костас. Ноќевам во село Орово.

24.3.1949

Пристигнав во село Попли, Преспа каде се сретнав со моите соселани Борис Лазоров и Георги Лазоров. Вечерта стигнав во село Штрково каде се сретнав со многу мои стари партизани. Потоа со камион пристигнав во село Нивици каде исто така се сретнав со со мои соселани, кои ме прашаа што ќе се случи ако се повлечеме? Им реков да се чуваат, да не се обидуваат

да бегаат затоа што ако ги фатат, ќе ги стрелаат. Разговарав и со мојата соселанка Ламбровица Донева, кој го загуби 18 годишниот син во борбите во Науса.

25.3.1949

Вечерта пристигна Генералниот секретар на КПГ Никос Захаријадис од штабот на ДАГ. Ручавме и вечеравме надвор од селото. Дента авијацијата нѐ бомбардира, но немавме жртви. Во 6 часот вечерта се собравме во црквата во село Нивици заедно со сите раководители од штабот на Никос Захаријадис. Овде се сретнав со моите другари Ване, Лефтер од Баница, Вера, Поп Лазаров Лазар и други. Вечерта говорев и јас. Собрани сме околу 500 борци и раководители, а во црквата имаше и звучници. Ме најавија со зборовите: „Другари, сега ке зборува другарот Фотинос.“ Станав и слушнав како некој прокоментира: „Пак ли Грк ќе ни зборува?“.

Јас не одговорив, туку станав и го одржав мојот говор на македонски јазик. Немав ни прибелешки ниту потсетник, го кажав на македонски тоа што го мислев. Имаше присутни делегати и од НР Бугарија и тоа Христо Кљашев внук на Пандо Кљашев и седуммина други меѓу кои Доран Ангелов од Пиринска Македонија, Петричко Крсто Стојчев, Солунка Елена и други делегати На крајот од мојот говор следуваше голем аплауз. Сите ме гледаа со радост. Имаше делегати и од Воденско.

Раното се собравме сите во планините близу селото, каде ручаме и игравме оро.

Овде водев разговор со делегатите од НРБ кои ги испратил Георги Димитров. Кога излеговме од црквата, ми се доближија двајца од нив, ме поздравија и ми

рекоа: „Ви благодариме за говорот на македонски. Но Ве молиме едно нешто ќе Ви кажеме, но да не се рашири меѓу останатите борци. Георги Димитров не се согласува со вашиот Генерален секретар Захаријадис. Не требаше да ја почнете оваа граѓанска војна бидејќи нема кој да ви помогне. Русите не се мешаат, па сега ова е зона на Англичаните и Американците, т.е. на Грција. Ве молиме чувајте ги Македонците, а вие ќе се повлечете во социјалистичките држави. Уште на состанокот на Јалта Сталин, Черчил и Рузвелт се договорија Грција да остане во зоната на Англо-Американците. Овој конгрес на НОФ беше успешен, но тоа ќе трае кратко време.

27 - 31.3.1949

Сабајле се собравме 70 кадри на ДАГ Македонци. Овде е и секретарот КПГ Захаријадис. Председател е Пандо Војнов потполковник на ДАГ и командант на дивизиата Вичо. Прв пат одржуваме ваков состанок на Комунистичката Организација на Егејска Македонија. Говореше Захаријадис кој постави нови задачи на овој состанок, а беа избрани и нови тела.

Овој состанок и во весникот на ДАГ беше оценет како искличително успешен за нашето национално малцинство во Грција. Грчката влада збесна и во весниците во цела Грција го оквалификуваа како предавство на Захаријадис. Вечерта стигнав во село Желево каде ја поминав ноќта.

28.3.1949 Тргнувам од селото Желево, ме водат турјани мои роднини меѓу кои и тетка Петра на мајка ми сестра, стрина ми и други. Околу 12 часот стигнав на

Малимади кај штабот на бригадата. Овде ги сретнав сите раководители од нашите единици на Малимади. Читаме во нашиот весник за успехот на Пленумот и конгресот на ДАГ и ККМ. Вечерта стигнав кај моите единици и ги известив борците за признавањето на КЕМ (Комунистичка партија на Егејска Македонија) и друго. Ја продолжувам обиколката по целата одбранбена линија. Ноќта одржувам состанок со борците од првата линија. Времето е малку подобро. Го добивме и нашиот весник за успехот на собранието со Захаријадис, предлозите на Труман за помош на Грчката влада и друго.

1.4.1949

Времето е добро, борците се расположени, храна имаме редовно, копаме нови ровови во зиг-заг форма и ги покриваме со три реда дрвен и камен покрив. Попладне се појавија непријателски авиони кои го нарушија албанскиот воздушен простор. Војската и противоздушната артилерија отвори оган близу границата. Отворивме и ние со 20 мм. по авијацијата кај селото Лабаница. Билтенот нè информира за борбите во Тесалија и помошта на Труман на Грчката армија.

До 10.4.1949 вршиме подготовка на нашите пешадиски и противтенковски единици. Овој ден падна снег, но не е опасно. Поканети сме во бригадниот штаб кај командатот Алеврас, каде сме информирани дека непријателот се подготвувал за офанзива.

Се објави паролата: „Непријателот на Вичо нема да помине“. Тоа беше една фантазија, една заблуда на Захаријадис. Во кавгите помеѓу Генерал Маркос и Захаријадис учествувале со разговори и некои од

нашите раководители Михаил Керамитчиев, Митровски Паскал, Поп-Лазаров, Лазо комесарот во артилериската дивизија и други.

На 15.4.1949 непријателот рано отвори оган со артилеријата по моите позиции. Отворија оган и нашите со тешките хаубици 105 мм. со командирот Гапков Георги од Вмбел.

Пристигна и Вангел Којчев од Баница и дискутираме за паролите на Захаријадис. Околу два часот ме бомбардира артилеријата и го рани мојот војник Мочос Андонис кого го испративме во болницата во Преспа.

16.30.4.1949

Продолжуваме со изградба на бункерите во секое место каде се стационирани топовите. Често пати непријателот отвара оган со артилеријата. Одржуваме телефонска врска со бригадата и со батаљонот.

Пристигна нов комесар на батаљонот на Папас, т.е. Генади Томевски (Македонец). Воспоставивме врска и добро соработуваме. Често пати вршам обиколка по борците со топовите на првата линија.

На 20.4.1949 се качуваме по планината со мојот курир Славе од Баница. Нè забележа непријателот и отвори оган со артилеријата. Една граната падна помеѓу двајцата, но ние скокнавме во еден канал и останавме неповредени.

Овие денови добив писмо од мојата сопруга со една слика со неа и двете ќерки Марија и Вера.

На 23.4.1949 Повторно се јави една непријателска кола по патот во насока кај Косинеце. Отворивме оган со еден топ 75 мм., но не ја погодивме. Во знак на одмазда непријателот со артилерија отвори оган по нас, но немавме жртви.

Нашиот весник информира за Конгресот во Прага, каде присуствувале Вера Фотева и Павле Раковски членови на Штабот на ДАГ.

24.4.1949

Повторно тргнувам за штабот на артилеријата во Преспа кај Јосифидис Коста, Маргас и другите, а вечерта се вратив и ноќевав во Желево. Се сретнав со моите турјани роднини и го одбележавме Велигден. Овде е тетин Павле со семејството облечени во црно. Ме прегрнаа и плачеа за загубата на најстариот син Лазор Пејов. Овде е и сопругата со двете ќерки на паднатиот борец.

Забелешка:

Горенаведените артилериски офицери од поранешната грчка армија: потполковник Јосифидис Костас и мајорот Маргас Димитар ја преживеаја војната и се најдоа во СССР.

Во март 1951 год. таму бев повикан од една комисија од грчки и советски офицери за да одлучат дали може да заминам во воените школи како артилериски офицер. Пред комисијата некој прочита дека сум работел како офецер на Тито и затоа немам право да студирам.

Тогаш стана Костас, удри со тупаница на масата и почна да вика: „Каква е оваа изјава? Јас Георги го

познавам уште од 1937 година кога беше подофицер во Кожани. Беше артилерец уште во 1940-1941 година за време на Грчко-италијанската војна. Потоа бил артилерец во Југословенската армија, па беше артилерец и во ДАГ. Од каде вакви клевети против него? Засрамете се!“

Тогаш еден советски офицер ме праша кога сум бил во Југословенската војска, а јас му одговорив дека тоа беше од 1944 до 1946 година. Тој ме советуваше да поднесам жалба до советските органи и до секретарот на КПГ Захаријадис. Така и направив. По жалбата бев испратен да студирам 4 години Техникум машински и 6 години Машински институт. Така се стекнав со две дипломи: техничар и инженер.

На 27.4.1949 се вратив во моите единици. Одржав состанок со сите борци во реонот кои беа на првата линија. Читаме во весник за успехот на Кинеската армија.

1 - 15.5.1949 Празник 1-ви Мај. На целата линија на фронтот борците се расположени. Преземаме мерки за внимателност. Артилеријата на непријалот периодично отвора оган по моите позиции.

Над нас кружи извидничкиот авион (галатас) врз кого отворив оган со 20 мм. противавионски топчиња.

Го посетив штабот на бригадата и на батаљонот. Состојбата е критична, непријателот концетрира големи сили на фронтот од сите страни.

Овие денови се појави и министерот на владата ДАГ Парцолидис, а тука е и Паскал Митровски. Направиме заедно обиколка кај некои мои

противтенковски топови. Разговаравме за нашата одбранбеност и заштита на борците. Источно од нашата линија е стационирана една батерија со хаубици на командантот Ѓапков Георги (Македонец од село Вмбел).

5.5.1949

Раното заминав за штабот на артилеријата на Малимади. Одржавме состанок што го раководеше Стратос командир на дивизијата. Стана збор за некои дезертерства од нашите борци во Југославија и во грчката војска.

6.5.1949

Времето е чисто и околу 12 часот се појавија три авиони кои ги бомбардираа позициите над Косинец. Таму падна една бомба и отепа двајца партизани, а еден рани токму во времето кога земаа ручек пред бункерите. Ранетиот веднаш го испративме во Преспа, а загинатите ги погребаа борците од пешадијата на батаљонот.

7.5.1949

Вечерта стигнаа диверзанти со товарени бомби за минирање на патот. Овде секое утро војската испраќаше 15-20 војници со лесно оружје кои внимаваа да не ги нападнеме.

Диверзантите наши успешно се вратија и следниот ден околу 9 часот слушнавме експлозии од бомбите. Разбравме дека непријателот имал мртви и ранети. Пристигаа и 16 млади Македонци од социјалистичките земји меѓу нив и Георги Гуржанов од село Стенско. Веднаш ги распоредивме на првата

линија по тешките топови. Ги презедовме сите мерки на внимателност за тие млади борци, со кои постојано сум во контакт и им помагам за сè, рачно оружје, пушкомитралези, сите видови топови, заштита од артилеските гранати, стрелање со нашите противтенковски топови и друго.

Забелешка:

Овие 16 мои млади војници ја преживеаја војната и се школуваа во социјалистичките држави. Сега повеќето од нив се во Југославија (Македонија).

16 - 31.5.1949

Се наоѓаме на истото место и интензивно се подготвуваме да го пречекаме непријателот. Пристигнаа уште два топа 75 мм. како замена за расипаните.

Командирот Маланидис Илија се занимава со вежбање и обука особено со младите. Тој немаше служено војска во Грција, но беше добар и смел. Често пати беше испраќан со пешадијата и двата топа 37 мм. со кои изведуваше напади против непријателските бункери.

Забелешка:

Еден таков топ се пренесуваше со две маски, а потоа се растовараше и влечеше до местото на дејство.

18.5.1949

Поканет сум во главниот штаб во Преспа кај Коста Јосифидис и други. Дискутиравме за состојбата на нашите одбранбени линии кај Малимадис.

Непријателот напаѓа на источниот фронт Вичо-Рунгел кај моето село Турје каде се води тешка борба со четата на нашата хероина Цвета од Мокрени. Таму тешко ја ранија и по неколку дена почина.

Забелешка:

Во салата на Историскиот музеј има моја слика од 1946 година. Напред сум јас Христовски Георги Фотинос, десно од мене е Пандо Војната командир, лево од Пандо е Цвета со автоматот тогаш на возраст од 18 години, зад нас се построени 130 партизани борци од кои малкумина ја преживеаја војната.

23.5.1949

Стигнаа уште 12 млади борци, но имаме проблем како да се распределат. Жално беше да се гледаат тие деца на возраст од 16-17 години кои немаа фатено пушка.

Телефонирав во бригадата кај командатот Алеврас за да се советувам. Тој ми предложи да ги држам зад планината да копаат ровови, да прават бункери и да носат дрвја со маските. Ми рече и да ги ставам како замена за некои болни борци од првата борбена линија.

Тешки борби се водат на Грамос, нашите единици ја заземат месноста Патомата, а непријателот се повлекува оставајќи мртви и ранети. Нашиот весник информира за заробени 78 војници и запленето оружје и муниција. Читаме и за Германското прашање, состојбата во Грција и друго.

Забелешка:

Како што ме информираа моите другари во борбите на Вичо Патомата и Леринската битка херојски загинале:

1.Апостолов Васил од село Крушоради, Леринско
2.Трајков Коле од село Крушоради, Леринско
3.Богоев Стефо од село Статица, Костурско
4.Јанчов Насе од село Трсје, Костурско
5.Андреова Катина Цвета родена 1928 во село Мокрени, Костурско
6.Ване Трендов, командир на чета од село Кономлати

1-15.6.1949

Состојбата во нашиот реон зад пешадијата во планините Малимади е доста напната. Пристигна една батерија со ридски хаубици и домет до 10 км. Командант на оваа батерија е поранешниот грчки артилерец Зервас.

На 2.6.1949 Бев поканет кај командантотот на 107 бригада Алеврас кому требаше да му испратам топови 37 мм. Решив сам да одам. Таму сретнав и други командири артилерци меѓу нив и Страто Георги Гапков.

Планираме да удриме на една мала височинка јужно од село Дмбени, недалеку од селото Тиквени, Костурско. Ноќта стигнавме на првата линија. Јас бев напред со командирот на четата и командирот на батаљонот Генади.

Се доближив на 600-700 метри од бункерот на непријателот, а тука беше и нашата пешадија. Отворив оган со топовите, а непријателот во паника почна да бега. Недолго потоа непријателот презеде контра-

офанзива, па нашата пешадија почна да се повлекува. Отвори оган со нашите топови Стратос, но гранатите паднаа над нас. Немавме успех и дадов наредба јас и командантот на четата веднаш да се повлечеме. Овде имавме двајца загинати и петмина ранети борци со кои се префрлие во позадината.

Следниот ден бевме повикани во штабот на бригадата сите командири и комесари. Се критикуваше неуспехот на тој напад. Особено беа критикувани артилерците на ридските топови 75 мм. Бевме известени и за движењето на непријателот од сите страни во нашиот реон

8.6.1949

Се наоѓам во Главниот штаб на дивизијата во Преспа. Овде се сретнав со командантот на дивизијата мојот бивши командант на Третиот партизански одред на Вичо, Пандо Војната. Овде пристига и главниот секретар на КПГ Никос Захаријадис со членовите од привремената влада меѓу кои Мичос Влaндас и други.

Нè информираа за состојбата во Грција, за американската помош и разногласијата во социјалистичките земји.

Читав билтен за борбите во Пелопонис и Тесалија. Се вратив и поминав низ селото Желево. Таму ме видеа моите соселани, ме прегрнуваа и ме прашуваа да им кажам што да праваат и каде да одат. Над село Турје се водат тешки борби, ранетите минуваат низ село Желево. Дознавме и за стреланите од нашето село во Лерин.

14 - 15.6.1949

Примив 4 минофрлачи од италијанско производство кои ги стационираvме во мојот реон и се под моја команда. Овие минофрлачи се најдобри и најпрецини и имаат домет до 4.2, па и повеќе километри.

16.6.1949

Рано се појавија извидничките авиони во нашиот реон. Нарушена е албанската граница. Авијацијата беше пречекана со албанската противавионската артилерија, но не забележавме некој успех од страна на Албанците.

Добивме информации за борбите на Бигла, Вичо и Поленатa.

18.6.1949

Рано непријателот отвори оган со топови кај местото Косинец и го урна мостот со 37 мм. топ. По првиот удар борците се префрлија во подземните ровови во зиг-заг форма, кои беа покриени со дрвја, камења и земја. Овде беа тројца борци и не беа повредени. Вечерта ги повлеков и ги преместив на друго резервно место.

22.6.1949

Дезертира еден партизан од нашите пешадијци и следниот ден ноќта викаше по нас од непријателските редови: „Предајте се патриоти, џабе се борите! Не плашете се, никој нема ништо да ви направи!“

23.6.1949

Непријателската артилерија отвори оган близу мојот бункер при што загинаа тројца борци, кои таму ги погребавме. Непријателот неколку пати прецизно гаѓаше. Сигурно дезертерот од пешадијата им ги кажа нашите позиции и времето кога се дава ручекот на нашите единици. Продолжуваме со замена на расипаните топови. Менуваме позиции и се маскираме, но непријателот е многу близу. Авијацијата ги бомбадира нашите кувари. За малку ќе загинев и јас кога една граната падна на 5 метри од мене, но за среќа не експлодира. Постојано земам весници од нашите штабови и читам за привремената влада. Борците се информирани и за состојбата во Грција, за затворите, за несогласувањата во владата и друго.

1 - 16.7.1949

Се наоѓаме на истото место Малимади на првата линија. Ситуацијата е сложена, непријателот се подготвува за напад на нашиот реон. Ние се подготвуваме со сите средства да го дочекаме.

Авијацијата е постојано во нашиот реон. Често пати се нарушува и границата помегу Грција Албанија.

Добивам дополнително тешко противтенковско оружје, тешки и лесни минофрлачи и друго.

2.7.1949

Во билтенот прочитавме за смртта на претседателот НР Бугарија Георги Димитров (роден на 18.6.1882 год.).

Одржавме состанок со борците ноќта заедно со неколку борци од бункерите. Читаме во весник дека

Генералниот секретар КПГ ги обвинува Илија Димовски Гоче и Михаил Карамитчиев како нечесни фракционери и националисти. Читаме и за состојбата во Југославија, затворањето на границите и друго.

Од првата линија на патот од Тиквени кон Фалцата се појави џип со двајца офицери и шофер. Отворивме оган со топот 75 мм., но не го погодивме. Како одговор непријателот отвори артилериски оган по моите топови, но немаме жртви. Овие денови повторно е нарушена албанската граница од страна на авијацијата. Албанците отворија силен противвоздушен оган.

16 - 31.7.1949

Немаме некои посебни измени и се подготвуваме за одбрана. Батаљонот на Папас испрати мала единица и диверзанти во Костурското поле со цел да се минираат околните патишта и блиските места.

Нашата артилерија дејствува од планините кај бригадниот штаб. Овде се и командантот Јосифидис Костас, артилерецот Стратос, Маргас и др.

Близу селото Тиквени, Костурско нашата тешка артилерија успешно ги бомбардира позициите на непријателот поради што тие ја сменија позицијата и се стационираа зад Фалцата од каде постојано нѐ бомбадираат.

Затегната е ситуацијата и на источниот фронт кај Леринско, Вичо, Полената, Кукул-Турје и други места.

Добивме информација за евакуација на пограничните села и за нови дезертерирања од наша страна.

Овие денови се случи еден инцидент. Една наша девојка нашите командири ја испратија да се предаде кај патот од Косинец. Таа излезе и почна да вика на грчки: „Се предавам!“ Излегоа двајца непријателски војници, но нашите пукаа по нив со пушкомитралези и ги ликвидираа. Потоа непријателот отвори ураганski артилериски оган против нас.

1.8.1949

Рано тргнав со коњот и пристигав во Преспа во село Роби. Таму се одржа конференција на КОЕМ (Коматики органоси Егејска Македонија).

На овој состанок се дискутираше за ситуацијата во Грција, за подготовките на непријателот за напад на нашиот реон, за евакуацијата на населението и друго.

Присутни беа сите комесари и командири на пешадијата и артилеријата како и од политичките организаци на позадината. Овде се запознав со многу борци.

На 3.8.1949 вечерта пристигнав во Желево каде одржав состанок со моите селани од Турје, кои ги информирав за ситуацијата на фронтот и друго.

Забелешка:

Во село Желево ги фатија од село Турје Стасе на Мите Ангелев и Сотир на Петре Бојни, кои ги судеа во Лерин и ги стрелаа.

Се вратив назад минувајки низ село Брезница, каде се сретнав со моите другари Ристо Жапона командир на чета и Уранија Пировска, одговорна за позадина.

5.8.1949

Одржавме состанок со Штабот на бригадата Алеврас Папас, Јоанидис Генадис, Меланиди и други. Состојбата е тешка, се распределивме по реони. Непријателот е концентриран со дополнителна артилерија. Вечерта стигнав кај моите единици од првата линија. Направивме детална анализа со командирите десетари и водници. Им реков дека во случај на судир со тенковските единици, треба да се изврши евакуација на ранетите зад планината. Наредив да не се евакуираат за време на повлекувањето на тешкото оружје.

10.8.1949

На источниот фронт почна офанзивата на монархофашистичката војска. Нашите единици херојски се борат во планините Вичо, Кукул-Турје, Поленатa Рунзел, Псодери и други реони близу југословенската граница.

Населението од селата се евакуира од блиските села. Во мојот реон дејствува непријателска артилерија. Авијацијата ни е постојано над главата, авионите ја нарушуваат албанската граница. Албанската противоздушна одбрана отвора оган. Состојбата е тешка. Ноќта на првата линија дојде командантот Алеврас. Моите борци се во опасност. Во Костурското поле се појавиле и тенкови и друго тешко оружје.

11.8.1949

Непријателот успеа да влезе во село Габреш. Командирот Пандо Војната презеде контраофанзива на планината Лисиче кај село Трна Ошчима. Тешки борби

се водат. Се појавија моторизирани единици од костурскиот пат.

Во нашиот реон дејствуваат артилерија и авијација. Јас сум во тешка состојба. На поништите позиции имам 4 топа 75 мм. Дење не можам да се движам. Се случија нови дезертирања од нашата пешадија. Одржувам телефонска врска со бригадата со командант Алеврос. Со командатот на батаљонот сме на едно ритче. Ситуацијата е сложена.

12.8.1949

Денес беше решавачки ден. Рано се појави авијацијата. Непријателската артилерија отвори оган по целиот реон. Возвратија и нашите артилерци со тешките топови, но без многу успех.

Се појавија првите три тенка маскирани со гранки од дрва. Отворија оган по нашата пешадија во месноста Агиос Атанасис (Свети Танас). Една десетина од мојот правец се повлече и се засолни десно во падините. Се повлекоа и моите артилерци со еден топ 37 мм.

Непријателската пешадија напредува и бијат од сите страни. Вториот топ 75 мм. со противтенковска муниција не отвори оган. Јас сум во пунктот за набљудување со командантот на батаљонот Папас. Тешка ситуација надвисна над нашите единици.

Испратив еден курир да види што се случува со командирот на четата кај десната страна, но го ранија и го префрлија назад. Испратив друг курир по име Славе од Баница, но и него го ранија. На 300 метри од мене е стациониран мојот топ 75 мм., па решив самиот да одам. Папас командатот не ме пушташе, но јас сакав да знам што е со моите борци. Отидов кај борците кои беа

скриени во рововите. Сите тројца беа живи, а и топот си беше во исправна состојба, само предниот дел на бункерот беше разрушен. Наредив да извадиме 16 гранати. Тенкот се гледаше како стрела по пешадијата, Почнавме да дејствуваме со нашиот противтенковски топ. Пет маскирани тенкови се повлекоа, а се повлече и непријателската војска. Наредив сите тројца да се сокријат во бункерот. Тие борци беа: Фоти Робев од Ајтос, еден от Науса и еден од костурските села. Сите ја преживеаја војната и заедно се повлековме во Албанија. Се вратив кај пунктот за набљудување, но ме забележа артилеријата и почна да стрела по мене и по моите борци. Отворив оган со италијанските минофрлачи кои имаа домет до 4 км. Непријателската војска се повлече кај планината Фалцата. Настана затишје, непријателот немаше успех и се повлече.

Забелешка:

Кога се повлековме во Албанија на 15.9.1949 од страна на Алеврас и Јосифидис Коста, командант на артилеријата ДАГ се поведе дискусија за оваа одбрана со нашите топови и моите акции. Бев промовиран во Капетан на артилерија (дотогаш бев Поручник на артилерија).

14.8.1949

Презедовме нова офанзива од наша страна. Непријателот се движи во правец кај пограничното село Лабаница (Агиос Димитиас). Близу до селото имам еден топ 75 мм., а поназад уште два топа 37 мм. Отворив оган со минофрлачи и противтенковски топови, но без успех.

Непријателот напредува во два правци, еден право по границата, а другиот десно во падините меѓу село Косинец и Лабаница.

Дадов наредба со курирот да се минираат или уништат топовите и да се повлечат борците во правец кај бригадата. Се договорив со Папас да одам назад пред бригадата каде имав еден топ 75 мм. и еден десно 37 мм. кои не беа оштетени, а тој да командува со минофрлачите додека да се појави Меланидис.

Додека стигнав кај бригадата непријателот стигна над Лабаница и почна да се движи во правец кон албанската граница. Со мене имав три млади борци од кој и Георги Гуржанов (сега во Скопје). Отворив оган со 75 мм. топ и удрив по непријателот пред да се качи над границата. Непријателот е во паника. Испратив курир до 37 мм. топ со наредба да отворат оган по пешадијата. Друг курир испратив да им соопшти на борците кај другиот топ 37 мм. дека зад падината кон нив се движи војската и можат да ги заробат, но додека стигна мојот курир војската го зароби топот и тројцата партизани. Ги гледав седнати со мојот двоглед.

Отворив оган со топот 75 мм. пред бункерот, војската се повлече назад, а моите заробени борци побегнаа и скокнаа во каналот. Сите тројца и курирот се спасија.

Во 5 часот добивме наредба да се минира и да се се остави тешкото оружје и да се премине на албанска територија. Нѐ информираа дека непријателот влегол во селата Ошчима и Руља и преку реката Бистрица, од Габреш се движел за Брезница. Во село Бесвина се водела тешки борба.

Од нашата страна непријателот ја освои планината на албанската граница. Минувам меѓу Смрдеш и село Вмбел, а против нас бие грчката артилерија и гранати паѓаат близу патот на албанската граница.

Овде еден албански офицер побара да разговара со наши офицери. Се јавив јас. Ме праша каде се стационирани грчките топови. Јас имав топографска карта и му покажав, а тој нареди да се отвори оган со тешка артилерија руски хаубици. Ние продолживме во Албанското поле.

Извршив контрола и видов дека ми фалат тројца борци, но подоцна тие се појавија. Се одмараме во едно село, ги повикав моите борци кои беа заробени и ги прашав што им рекле војниците. Еден од нив ми одговори: „Ништо посебно, само ни рекоа: Не плашете се, нема да ве стреламе. И ние не сакаме да се убиваме меѓу себе“.

15.8.1949

Раното тргнавме и стигнавме близу едно македонско село на албанска теритирија. Борците се расположени и убаво се нахранија. Дојдоа албански офицери и војници, се поздравивме и почнавме еден по еден да го оставаме оружјето и да се разоружуваме. Јас се доближив кај еден албански командир и го замолив да ми го остави пиштолот. Тој се согласи, но ми рече да го сокријам за да не ме видат другите.

16.8.1949

Продолжуваме и стигнуваме близу Билишта на една планина, каде се одмараме. Борците се добри, но

не се задоволни од нашето планско повлекување. Веќе не веруваат во паролите на Генералниот секретар Захаријадис дека непријателот на Вичо никогаш нема да помине. Дознавме и за жртвите што ДАГ ги даде на преминот во Преспанското Езеро за Албанија.

17.8.1949

Близу сме до југословенската граница. Се одмараме, се храниме, но не знаеме каде ќе одиме. Ноќта многу наши борци ја преминаа границата и влегоа во Југославија. Во 12 часот одржавме состанок во штабот на артилеријата и пешадијата. Мене ме назначија за командир на една чета, а за комесар Куркутас Петридис Димитиос. Четата се оформи со околу 120 борци, но без оружје.

Забелешка:

Вечерта моите борци запалија оган и печеа месо. Во тој миг еден мој партизан ме извести дека некој ме барал и сакал да ме види. Тоа беше стрико ми Борис на татко ми брат, борец од 1947 година и инвалид. Ме праша дали го имам пиштолот, а откако му одговорив потврдно, тој ми рече: „Ајде да бегаме во Југославија, таму се твојата жена и двете ќерки.“ На ова му одговорив: „Стрико не можам, наскоро повторно одиме на Грамос. Ти оди и чувај се. Јас три години војувам со овие борци и жал ми е да ги оставам во најтешките моменти“.

Стрико ми ме послуша, но и тој остана до крајот. Од Албанија замина за Полска, од таму во Бугарија, а потоа и во Австралија.

18.8.1949

Тргнуваме од Албанија. На границата повторно се вооружуваме и влегуваме во селото Плгади. Таму зедов тешко оружје 4 минофрлачи и 4 пушкомитралези. Се сретнав со моите другари: Пецо командир на батаљонот, Коле Пејков командир на тешките руски минофрлачи 105 мм. и други борци.

Повторно се оформи комплетно мојата единица. Имам и добиток и тргнувам на првата борбена линија.

19.8.1949

Се наоѓам во село Пилкади на Грамос близу штабот. Артилеријата и авијацијата постојано се над нас. Тешки борби се водат и кај планината Чарнсо. Во Пилкади одржав состанок со штабните раководители, кои ми ја објасниј состојбата. Чекаме да пристигнат од Хасија нашите единици.

20.8.1949

Се наоѓам со мојата чета во село Асимохо. Овде сум комплет со 130 борци. Имам и војници кои се предадоа од монархофашистичката војска.

Добив задача да заземам позиција близу селата Врбени и Прсогени. Требаше да ја браниме таа територија источно од планината Каменик Голио каде беше стациониран Пецо.

Попладне бевме забележани од непријателската артилерија од град Коница која удри по нашиот реон, но немаме жртви.

Вечерта ги собрав сите десетари и војници и им кажав за добиената задача, за положбата на нашите единици и друго. Ги испратив да земаат алат, лопати

копачи, секири и друго за вкопување и маскирање на мојата чета.

21.8.1949

Раното од главниот штаб на Грамос дојдоа команданти и извршивме контрола за моето стационирање во овој реон. Ме информираа за состојбите во овој рајон, дека непријателот се движи од сите страни, од Коница и од Черно Грамос и дека состојбата е тешка.

Еден од штабот ми посочи колку е тешка мојата задача: „Од сите страни ќе те нападнат. Чувај ги борците. И ние не можеме да издржиме. Северно на Грамос има голема сила“.

Вечерта источно од Грамос командирот Пејков Коле отвори оган со тешките минофрлачи 105 мм.

22.8.1949

Раното дојде курир од Главниот штаб кој ме информира за состојбата во целиот реон. Во градот Костур дошол и грчкиот крал со една американска комисија и Главниот штаб на грчката армија. Јас ги информирав борците и раководители на мојата единица за состојбите на Грамос. Вечерта испратив луѓе во Главниот штаб да донесат храна и друго.

23.8.1949

Раното извршивме пробно стрелање со минофрлачите. Непријателската артилерија го бомбадира батаљонот на Пецо.

Ние мируваме. Се укопавме по целата наша линија. На некои борци здравјето им е нарушено, а јас се трудев да им се помогне. Еден борец ме праша од каде сум. Му одговорив дека сум од Македонија. Тој ме праша зошто се викам Фотинос, а јас му објаснив и му реков дека тоа име ми го ставија моите борци во 1946 год. Му реков да се успокои и да не се плаши.

24.8.1949

Борбите продолжуваат на целиот Грамос. Секаде кружат артилерија и авијација. Нè информират за евакуацијата на Главниот штаб на ДАГ, каде имало и претставници од привремената влада на Генерал Маркос. Јас добив дополнително оружје и муниција. Кај мојата позиција само периодично паѓаат зад нас гранати од артилеријата.

25-8-1949

Почна офанзивата на источниот Грамос. Три офанзиви се одбиени од нашите единици. Западно од мене бомбардира артилерија, а се појавија и нови тип авиони од американско производство.

Имаме ранети и загинати. Северно од нас Главниот штаб го минира останатото оружје. Грмат планините од експлозии, состојбата е тешка. Ноќта шетам по целата линија, давам кураж на борците. Источно од нас се гледа каде е непријателот. Постои опасност од опсада на нашата единица.

26.8.1949

Уште сме на истото место. Од нашата страна нема ништо, само артилеријата од Коница го бие

батаљонот на Пецо, па некои гранати паѓаат до Пирсогени близу моето десно крило. На источниот дел на Грамос кај местото Чарно се води тешка борба. Овде прават офанзива две дивизии од монархофашистичката армија.

Таму пристигнал и кралот на Грција Павлос. Непријателот го зазеде Чарно и ги заробиле нашите ранети. Имаме и загинати херои. Во оваа борба учествуваше и мојот стрико Борис, но остана жив. Носел ранети и се засолнил западно од Чарно. Непријателот презеде офанзива и кај меесноста Христофор, но беше одбиен од нашите единици на Главниот штаб.

27.8.1949

Рано се појави авијацијата која го бомбардира источниот дел на Грамос. Тешки борби се водат на источниот дел на Грамос. Се менуваат офанзиви и контраофанзиви, но непријателот нема успех. Ранетите се префрлуваат во Албанија.

Офанзивата продолжува и на западниот дел кај батаљонот на Пецо. Овде се појавија и нов тип американски авиони, кои пикираат вертикално.

Состојбата во целиот реон е критична, но на мојата позиција е мирно. Постојано сум во контакт со борците, се плашам некои од нив да не дезертираат и ги предадат моите единици на непријателот.

28.8.1949

Североисточно на Грамос се водат тешки борби. Горат планините од артилеријата и авијацијата. Нашите борци херојски се борат за секој метар.

Попладне се слушаат експлозии, горат нашите складови. Штабот ја премина албанската граница. Јас немам врска со никого, но кај мене и натаму е мирно, само по некоја граната паѓа зад мене.

Вечерта нашите единици кај селото Плкади се повлекоа и заседоа една мала височинка.

Ноќта испратив една десетина до штабот да видат што се случува. Донесоа храна и ме информираа да преземам мерки на внимателнст бидејќи кон мене наближувал непријателот од исток.

29.8.1949

Последната битка на ДАГ на Грамос. Раното се појави авијацијата од североисток и северозапад и го бомбардира батаљонот на Пецо над Каменик Голъо планина.

Јас ноќта направив некои измени и сега мојот реон беше поширок кон лево и кон десно. Испратив и стража над селото Прсогани, се плашев да не ме нападне непријателот од бочната страна над селото.

Околу 12 часот се појавија 12 авиони и почнаа да ги бомбардираат позициите на Пецо. Погодија еден бункер каде загинаа седум борци. Овде загина Пецо Ромев од село Горничево, борец уште од 1946 год. Беше командир на вод во Третиот партизански одред. Овде останаа телата и на неговите шесмина другари. Околу 13 часот источно од мене напредуваше една цела грчка бригада, по патеката во насока кон селото Оксија. По пешадијата доаѓаше и артилеријата со четири ридски топови.

Ни стана јасно дека непријателот сака живи да нè зароби. Лево и десно од нас се водеа последните борби.

Се растоварија непријателските топови под дрвата. Јас користам еден стар двоглед кој беше расипан. Го испратив мојот курир да им пренесе на командирите никој да не отвора оган без мое одобрение.

Нашите забележаа војник како се крие во ѕидовите на село Врбени. Го заробија и повикаа да го стреламе, но јас не дозволив. Им реков дека можеби тоа е наш човек кој намерно ни го испраќаат да го стреламе за да ја откриеме со пукањето нашата позиција.

Околу 5 часот пристигна еден курир и ми даде писмо од еден аѓутант скриен во бункерот на албанската граница во кое бев известен дека непријателот е во мојата зона на домет на минофрлачите и дека треба да отворам оган. Му одговорив дека ако тој сака да командува со минофрлачите нека дојде на првата борбена линија.

Северно од мене се водат тешки борби. Нашите војски се повлекуваат од Грамос. Ситуацијата е опасна. Од Коница непријателот масовно напредува. Еден час пред да се стемни дојде друг курир со писмена наредба веднаш да го оставиме тешкото оружје и што е можно побргу да влеземе во Албанија.

Настапија тешки мигови за мене и за моите борци. Јас сум во средината на борците од кои 70% се Македонци некои од нив уште од 1946 год. Размислувам како да ги спасам од оваа ситуација. Лево од мене еден војник Грк на 45-50 год. гледа во непријателот и се тресе од страв, неконтролирано се движи лево десно. Еден мој борец ми предложи: „Стрелај го, ќе нè предаде со неговото движење!“ Јас реков „Не!“. Дојдов до војникот и го замолив да не се

движи така и да не се плаши затоа што ќе се повлечеме. Тој остана жив и кога дојдовме во Албанија, ме прегрна и плачеше од радост. Ми рече: „Вие сте добар човек.“



Мала мапа направена со молив

29.8.1949

Давам наредба до сите командири десетари да го остават тешкото оружје и на растојание од 50 метри да се собереме кај буката. Им реков да внимаваат затоа што сме обиколени од десната страна.

Почнавме да се движиме. Непријателот отвори оган со артилеријата од село Оксија кон село Врбени.

Почна да се стемнува, батаљонот на Пецо се повлече и тргна кон Албанија (точка А од мапата). Бие артилеријата од Коница. Таму има една патека по која човек може да се движи и да сврти за Албанија. Се доближивме близу буката (точка В од мапата), каде наредив на еден водник со околу 20 борци да удри по непријателот со автомати и пушки.

Тие отворија оган во темната ноќ, што создаде паника кај монархофашистичката војска. Го заземавме ритчето (точка D од мапата). Во тој момент видовме една црвена ракета која летна високо и падна кај точка А на мапата.

Артилеријата од Коница престана да дејствува. Јас дадов наредба да тргнеме по патеката (границата) и да свртиме десно во Албанија.

Пристигнаа првите борци близу планината Голъо Каменик. Таму еден офицер (Грк, адвокат) по име Епители со петмина свои борци ги прашал: „Чија е оваа единица?“ Моите борци му одговориле: „На Фотинос.“, а тој им рекол: „Веднаш нека дојде овде за да ги спречи да влезат на албанска територија!“

Видов дека колоната застана, веднаш отрчав напред бидејќи ми беше страв да не отвори оган артилеријата од Коница и да нѐ испотепа сите на оваа падина. Дојдов кај штабниот аѓутант и го прашав зошто ја запре колоната?. Тој ми одговори: „Собери си ги борците и тргнете во офанзива за да се освои Каменик Голъо“. Го гледам и се чудам. Писмен адвокат, но нема поим од борба на фронт. Го прашав каде е Пецо, а тој ми одговори дека загинал со уште шест другари во бункер. Му реков: „Бегај и ти одовде затоа што непријателот е зад мене и напредува. Јас имам

писмена наредба од штабот да го оставам тешкото оружје и да се повлечам во Албанија.“

На 10 метри од бункерот дојде еден албански офицер и ме праша што се случува со нашите единици? Му објаснив дека имаме наредба да се повлечеме во Албанија. Тој ми рече: „Добро, влегувајте и веднаш качувајте се преку другата планина“.

Грчката артилерија продолжи да бие зад оваа планина. Пукаа и со пушкомитрелези и фрлаа црвени ракети вертикално.

Стигнавме на една албанска ливада и се построивме. Моите борци почнаа да ме прегрнуваат и да се радуваат затоа што останавме живи. Дојде и Гркот кој се тресеше и кого нашите сакаа да го стрелат, плачеше од радост. Тој ми кажа дека и син му бил партизан. Се пребројвме и видовме дека само еден партизан ни фалеше. Тој беше војник во монархофашистичката војска, но во мај 1949 дезертираше од војската и ми го донесе двогледот.

30.8.1949

Раното се блокира целиот фронт. Ние до пладне останавме во една долина на албанска територија. Тргнавме по еден пат, јас имам еден коњ кој ми го најдоа моите борци.

По патот ме стигна еден мој колега Македонец штабни офицер и ме праша каде е моето семејство. Му реков дека е во Југославија.

Дознавме дека на 27 август 1949 година паднал и Грамос, последното упориште на партизаните. На 28 август 1949 грчката војска ги блокирала двата најважни патишта за Албанија: Стариа и Барука. На 30 август

околу 5 часот раното паднало и последното место што го држеа партизаните Каменик со осум илјади борци, кои успеале да преминат во Албанија пред да се затворат засекогаш границите. И така остана на бојното поле телото на командант Пецо Ромев Македонец от село Горничево, Леринско. До него останаа распарчени уште шест борци од американската бомба.

31.8.1949

Се наоѓаме на албанска територија во вториот камп за одмор. Овде сретнав многу мои другари од 18 бригада Македонци и Грци. Вечерта тргнавме во друго одморалиште. Албанците ни даваа добра храна. Јас сум командир на истата чета, партизаните се расположени и задоволни што останаа живи.

1.9.1949

Тргнуваме од ова одморалиште и вечерта пристигнуваме на трето место. Се стационираvме близу едно село. Времето е малку врнежливо. Селаните примија некои наши борци, запалија оган. Борците пеат, се веселат и се одмараат. Кај мене дојде еден раководител од штабот (му го заборавив името) и ме праша од каде сум и каде сум служел војник. Му раскажав сѐ за моето дејствување, а тој ми рече: „Сите во штабот се задоволни од тебе затоа што ги спаси борците.“

2 - 5.9.1949

Раното тргнаме сите единици во два правци, јас бев со коњот што го зедовме во подножјето на Грамос на албанска територија. Пристигнавме на четврто

одморалиште близу две села. Таму дојдоа коли од брза помош, затоа што имаме болни борци. Албанците ги префрлија ранетите со камиони.

6 - 7.9.1949

Се наоѓаме на еден воен пункт и овде се реформиравме. Јас сум назначен за штабен командант (епителис), се сретнав со многу офицери раководители од сите родови војска: артилерија, пешадија, диверзанти и други. Читаме и весник од кој дознавме за нашите жртви од жестоките борби, кои загинаа на Чарно, Грамос, Каменик Голио и други места.

8-16.9.1949

Дојдовме во Елбасан и се сместивме близу реката. Овде сретнав Руси работници и инженери кои бараа нафта.

Добивме нови алишта и организиравме камп со шатори. Направивме нова реорганизација на пешадијата и артилеријата. Јас презедов една артилериска батерија (без оружје) како командир, а командат на дивизијата е Карафотиа Васил.

Дојдоа борци и од други единици. Имаме и медицинска сестра. Добивме информации од нашиот штаб за состојбата во Грција дека сè уште имало борби во стара Грција.

17 - 29.9.1949

Се наоѓаме во истиот гарнизон во Елбасан, каде се одмараме. Имаме и болни борци. Болните и ранетите се испраќаат во други кампови. Вежбаме фискултура, одржуваме состаноци, читаме весници за состојбата во

Грција, за поддршката на грчката влада од Труман, за американската економска помош и за судењата во Атина и Солун против членовите на ДАГ.

30.9.1949

Одржавме собир на сите борци. Овде е и секретарот на КПГ Никос Захаријадис. Ја одбележуваме осмата годишнина на ЕАМ. Читаме „Правда“ од СССР за тестирањето на атомска бомба и за помали судири во Грција со остатокот од нашите единици.

1-6.10.1949

Се наоѓам на истото место како командир на Втора батерија, а командант на дивизијата е Васил Карафотиас. Во весник читаме за конгресот на мирот (ОНЕ), за изјавата на Вишински од СССР, за проблемот во Грција и предлогот за смирување на партиите, за судењата во Унгарија, за состојбата во Југославија...

7-10.10.1949

Се наоѓаме на истото место, каде читаме весници. Одржавме состанок со раководните органи на штабот. Овие денови се критикуваат Паскали, Митровски, Минатос и други. Има предлози од штабот за унапредување на некои офицери од ДАГ. Од артилеријата имаше шесмина командири меѓу кои и јас од поручник да бидам промовиран во капетан. Списокот беше испратен од привремената влада и секретарот Захаријадис.

11-15.10.1949

Се наоѓаме во исто место Елбасан покрај реката. Постојано имаме контакт со албански офицери. Борците се добри. Се зборува за преместување на нашите единици. Воените инвалиди се отстранети од единиците, па сега останавме една батерија од 80 борци измешани со пешадијата.

16 - 17.10.1949

Се подготвуваме да го напуштиме Елбасан. Некои се радуваат, некои плачат, но никој не знае каде одиме. Земавме нови алишта - шинели и долна облека, а жените војнички панталони. Се сретнав со санитарките кои учествуваа во пренесувањето на ранетите. Плачеа и ме прашуваа каде ќе одиме? Лена од Папли ме праша зошто не сум заминал кај моето семејство во Југославија (татко, мајка, три браќа и жена со две девојчиња)?

Околу 5 часот тргнавме построени, а потоа некои пеш, а некои со камиони, стигнавме на пристаништето.

Видовме советски товарен брод „Владивосток“, каде се качивме по скалите 4 по 4 борци. „Бистрие, бистрие!“ (Бргу! Бргу!) викаа руските војници. Влеговме во долните простории околу 3 до 4 илјади борци во еден брод. Борците ме прашаа каде одиме? Им одговорив дека не знам.

18 - 22.10.1949

Раното тргнавме од пристаништето. Времето е чисто, морето е мирно, а борците постојано ме прашуваат каде одиме. Им одговарам дека не знам. Ни

даваа сува храна, а за болникавите борци се грижеа советските доктори, кои често слегуваа кај нас.

Ноќта излегуваме и ги гледаме светлата од градовите во Средоземното Море. Еден мој борец имаше еден албански весник со сликата на Сталин. Ја исече и ја закачи на скелето вертикално. Еден офицер ја виде и ни рече: „Тргнете ја таа, јас ќе ви донесам друга.“ И донесе портрет од бродот.

23-24.10.1949

Пловиме близу грчко-турската граница близу островите Хиос, Тасос и други. Некои борци се разболеа и повраќаа од бродот. Вода има малку, а ние сме доста партизани. Со нас беа и членови од нашето раководство Химарос, Јосифидис Коста, Маргас и други. Постојано се во контакт со мене, дознаа дека знам по малку руски, учев во Југославија.

Пристигаме во теснецот Дарданели кај Истанбул во Турција. Бродот застана, влегоа тројца руски офицери и нашите раководители и прашаа дали има некој кој знае руски. Одговорив дека јас знам. Ми рекоа да одберам тројца здрави мажи за да го затвориме капакот над нас. Ни рекоа никој да не излегува надвор додека да се изврши контрола од Турците. Ни рекоа дека контролата нема да трае долго и пак ни рекоа да останеме мирни. Не поминаа ни 30 минути слушнавме како над нас одат луѓе. Го проверија и обиколија бродот, но во долниот дел никој не влезе. Како што дознавме Русите им рекле дека таму има пченица. Во еден момент јас го подигнав капакот за да го видам градот, но над капакот стоеше еден Русин кој ми рече да се вратам назад.

25.10.1949

Го поминавме теснецот Дарданели. Откако заврши контролата Русинот го отвори капакот на нас, но ни рече никој да не излегува надвор. Потоа излеговме од градот и влеговме во Црно Море. Се отворија капаците и сите борци се качија на палубата.

Ноќта врнеше дожд и имаше вода. Борците почнаа да црпат од таа вода, но Русите ни рекоа да не ја пиеме бидејќи е загадена од металите. Ни рекоа дека наскоро ќе добиеме чиста вода.

Влеговме во руските води. Се појавија два брода кои растоварија храна, вода и друго.

Од долната просторија извлекоа еден починат партизан. Се собравме сите да му оддадеме почит. Химарос ни рече да ги симнеме капите. Русите го завија во едно ќебе. Бродот свирна трипати и го фрлија во водата. На сите ни се насолзија очите. Го немам запишано неговото име.

26 -27.10.1949

Пловиме по Црно Море. Стигнавме во пристаништето на град Поти. Овде бевме пречекани од офицери, војници, медицински сестри и други советски граѓани. Нè построија 30 по 30 борци, се појавија и преведувачи, офицери кои знаеја грчки.

Еден руски мајор ме праша на грчки, дали има некој што знае руски јазик? Му одговорив дека јас знам по малку. Тогаш тој ми даде триесет мои борци и три медицински сестри.

Влеговме во една голема хала, се построивме пак 30 по 30. Русинот ни рече: „Слекувајте се голи како

од мајка родени, горните алишта оставете ги како што сте построени т.е. шинел, палто, панталони чевли, оставете ги и документите. Не плашете се, нема да изгубите ништо“.

Горните алишта ги ставија во машини за перење, а долните во купишта ги фрлаа надвор од халата. Дојдоа медицински сестри и ни рекоа да ги кренеме рацете, па почнаа да нѐ прскаат по целото голо тело. Ние се срамуваме, но и се смееме. Еден мој војник ми рече: „Фотине, колку убави се овие сестри.“

Ни дадоа нови долни алишта, гаќи, мајци, чорапи, кошули... Влеговме да се искапиме. Се облековме во долните алишта, а потоа отидовме до местото каде бевме построени и таму ги облековме и горните алишта. Повторно ја построив мојата група и со Русинот влеговме во ресторанот, каде ручавме, се напивме вотка, пиво и друго.

Веднаш по ручекот влеговме во друга голема хала каде гледавме филм за битката за Сталинград. Потоа со Русинот ја поведов мојата група кон еден воз. Влеговме по 40 – 45 луѓе во еден вагон. Таму беше средено за спиење, а имаше и музички инструменти.

Вагоните се наполнија и тргнавме, но овде имаше несреќен случај. Возот прегази еден наш партизан. Излеговме и ние да видиме. Собрани беа доста советски офицери. Ги разбрав што зборуваа. Еден викаше: „Тешко нам ако дознаат во Централниот Комитет за овој случај. Ќе нѐ затворат заради одговорност. Толку години војувал, а овде да загине“.

28 - 31.10.1949

Минуваме по разни градови и индустриски центри. Минавме низ Урал и Касписките Море, како и во градовите Батуми и Баку. Таму повторно нè качија на бродови и стигнавме во Ашхабад во Туркменска ССР, а потоа и во Бухара, Самаркан и на крајот во центарот на градот Ташкент.

1 - 3.11.1949

Сместени сме во градот Ташкент. Народот нè пречека гостопримливо.

4.11.1949

Стигнавме во градот Чирчик и се сместивме во артилерската касарна, изморени и болни. На некои им се отворија раните, па беа повикани лекари специјалисти од воената болница. Јас бев назначен за преведувач. Овде имаше 350-400 борци. Храната беше добра, но некои борци не сакаа да јадат. Јас не можам да се одморам, секаде трчам да помогнам.

Еден ден дојдоа и воени пилот за да нè видат. Еден ме праша од каде знам руски? Му одговоров дека од 1944 до 1946 служев во Југословенската војска каде ние артилерците учевме руски во вечерно училиште. Тогаш тој извади еден германски фотоапарат и ми го подари. Му реков дека немам пари да му го платам, а тој ми одговори: „Не треба пари, земи го. Ти го заслужуваш.“ Ми кажа дека го зел од германски војник кого го заробил.

- Крај на дневникот -

Почитувани другари,

Се извинувам ако некаде грешев. Го средував дневникот сега кога сум на возраст од над 70 години. Вие сами знаете какви маки и страдања доживеа нашиот егејски Македонски народ во тој оган. Пред неколку дена се врати ќерка ми Марика од Австралија. Таму имам три браќа родени во 1933, 1936 и 1941 година. Таму починаа мајка ми и татко ми.

Во март 1948 година ги префрлив во Југославија, а во 1954 заминаа за Австралија.

Таму имам и две сестри на мајка ми и тие се живи. Имам таму и брат на татко ми на возраст од 78 години. И тој беше борец од 1947-1949 год., а сега е инвалид.

Јас сум роден во село Турје, Леринско, кое сега не постои, напуштено е и волците вијат таму, но чешмата сè уште има вода. Не можам да си ги видам моите останати соселани кои живеат евакуирани близу Леринското поле.

Завршувам и се поклонувам пред сите мои млади борци кои го положија својот живот за нашиот народ. Јас не правам разлика помеѓу Македонец и Грк. Сите ги спомнувам со солзи во очите.

Во 1941 година бев војник во противвоздушана единица во Атина. Требаше да најдам цивилна облека. Една жена ми рече: „Ела војниче кај мене дома“. Ме качи на втори кат и ми даде да го облечам костумот на нејзиниот син, кој херојски загинал на албанска територија од Италијанците. Кога излегов облечен во неговите алишта, таа падна во несвест. И мене ми потекоа солзи.

Се прибрав со семејството во 1955 год. Во СССР, фала му на Бога бевме добри. Сите работеа, но јас не

бев добар и четири пати бев операран, двапати од бубрезите, а двапати од раните.

Во 1966 година се вратив од СССР во Скопје. За два месеца добив стан и се вработив во МЗТ како главен технолог во монтажи ФАМ. Моите две ќерки завршија медицински факултет и сега се докторки.

9.3.1988 година

ДОДАТОК

Трет партизански одред на ДАГ за територијата на Вичо:

1 Пандо Вајновски командир на одред, Македонец
2 Георги Христовски комесар на одред, Македонец
3 Стилианос Кеврекидис интендат, Грк
4 Константиниди Флотос помошник интендат, Грк
5 Христос Моисидис, десетар, Грк
6 Теодорос Марантидис Грк
7 Михали Тилкериби кувар, Грк
8 Кипрос Нурибис секретар на одредот, Грк
9 Анастасиос Стилиадис курир на Пандо, Грк загина во Преспа.
10 Андреа Николов курир на Фотинос, Македонец загина на Вичо
11 Трифун Мичов борец Македонец
12 Атасинопулос Андреас курир, Грк
13 Христо Николовски диверзант, Македонец

Прв Вод:

1 Ламбро Гакидов (Цавела) водник, Македонец
2 Лазарос Лоидис курир на водот, Грк
3 Малиос Томас десетар, Грк
4 Коста Марков војник, Македонец
5 Поп Ванчо Панајот војник, Македонец
6 Васов Васили војник, Македонец
7 Коле Гогов Македонец, загина во Гревена во 1947
8 Георгиос Амбарцис војник,Македонец, загина на Грамос
9 Ахилеас Зафирис војник, Грк загина на Грамос

10 Пандо Саров војник, Македонец загина во Лерин 1949
11 Михали Стасинопулос војник Македонец
12 Дамианос Стилиадис војник Македонец
13 Ставре Попилиев десетар Македонец
14 Пандо Секулов војник Македонец
15 Зики Теодора војник Гркина од Белкамен
16 Цикас Константинос војник Грк
17 Лазор Попванчев војник Македонец
18 Пандо Анастасов војник Македонец
19 Вулиотис Анастасис војник Грк
20 Христо Поповски војник Македонец
21 Ефстатиос Стаsогелос војник Грк
22 Георги Атанасов војник, Македонец загина на Грамос во 1948
23 Ване Рамовски војник, Македонец загина на Грамос во 1948
24 Наке Накевски војник Македонец загина во Малимади 1948

Втор вод:

1	Атанасиос Акрирас	командир	Грк
2	Каратолев Ламбро	комесар	Македонец
3	Хукис Хараламбос	десетар	Грк
4	Милосус Христос	војник	Македонец
5	Муриос Димитер	војник	Грк
6	Андреова Катина-Цвета	војник	Македонка
7	Трингас Петрос	војник	Грк
8	Серафим Лазенис	војник	Грк
9	Стефановски Ристо	војник	Македонец
10	Насе Карапетков	војник	Македонец загина на Грамос
11	Митошев Ване	војник	Македонец загинат
12	Митре Богов	војник	Македонец загина на Грамос во 1948
13	Трајан Урдов	војник	Македонец загина на Грамос во 1948
14	Александридис Сотириос	десетар	Грк
15	Христофорос Цорлакибис	војник	Грк
16	Евламбиос Геврекис	војник	Грк
17	Поп Христов Атанас	воник	Македонец
18	Поп Димитров Васил	војник	Македонец
19	Наке Накевски	војник	Македонец загина на Малимади во 1948
20	Петре Ристанчев	војник	Македонец загина на Грамос
21	Вангел Цицулов	војник	Македонец загина на Грамос
22	Венчаров Лаза	војник	Македонец загина на Синјачко
23	Утовски Нуме	војник	Македонец

загина во Мечово
24 Гиамов Спиро војник Македонец
загина во Мечово

Пешадиска чета формирана на 24.6.1947 на Грамос кај штабот на Гианулис во батаљонот на Илијадис од ДАГ:

1 Кацимас Ефтимиос Харис командир
2 Георги Христовски Фотинос комесар
3 Атанас Петревски курир, загина на 10.6.1947 Пиргос
4 Мичо Василевски курир, загина на 5.6.1947 Пиргос
5 Димитер Гиатас командир загина на 17.6.1947 Пиргос
6 Арванито Христо комесар на вод
7 Митре Константинов десетар
8 Парис Евангелов војник
9 Павлидис Томас курир на вод
10 Киро Константинов - Томе војник од село Костанофито загина на планина Хару 15.7.1947
11 Николаос Кицидис Јордани војник од село Коромилија, загина на 15.7.1947 кај Пиргос
12 Фоти Михаилов Георги војник село Орово загина на 16.7.1947 кај Пиргос
13 Никос Гогос Тимио војник од село Личишчи загина во Гревена
14 Георгиос Амбарвис Коста војник од Личишчи загина на Грамос во 1948
15 Сарандис Кириазопоулос десетар
16 Стериос Галопулос војник
17 Андонис Папастериадис војник од село Аспроклисе загина на Грамос
18 Григори Дамианов војник загина на Грамос

19 Атанас Мангов војник загина кај Скалохори
20 Георги Ксоридис војник загина на Вичо кај Прекопана
21 Атанас Саревски војник загина на Грамос во 1948
22 Коста Југов војник од село Коломнати заробен и заклан со нож на Грамос
23 Тане Грибов војник од село Коломнати заробен и заклан со нож на Грамос
24 Липо Поповски војник од село Коломнати заробен и заклан со нож на Грамос
25 Андреас Пападопулос десетар
26 Гогос Никос војник
27 Саридис Наум Петрос војник
28 Зафирис Ахилеас војник
29 Лазо Вангелов војник од село Трново загина на Грамос во 1947
30 Георги Бендеров војник село Трново загина на Грамос
31 Ахилеас Зафирис војник
32 Василиос Љуминакис војник
33 Аспасија Зага партизанка
34 Никос Гзанопулос војник село Калистратио Загина на 15.7.1947 на Грамос
35 Нибоглев Спасе од татко Христо, војник од село Ошчима, загина на Грамос на 12.7.1947
36 Ристо Димовски Пандо командир на вод од село Ошчима, загина на 13.7.1947
37 Ираклис Замбонидис, војник загина на Грамос
38 Васев Васил Дамјан војник
39 Поп Вангев Панојот комесар на вод
40 Саров Атанас војник, загина на Грамос во 1948
41 Христос Христопулос војник

42 Панделис Цавела војник
43 Филип Поповски војник од село Трна
загина на Грамос во 1947
44 Ламбро Дучетов војник од село Трна
загина во Гревена
45 Доне Попов војник, загина на Грамос
46 Мите Ничов војник, загина во Науса
47 Насе Јанчов војник од село Трсје, загина на Бигла
48 Коце Пандов војник од село Трсје, загина на Грамос
49 Вангелис Пападопулос војник, загина во село Пориа
50 Скакас Паскали десетар, загина во с. Аспрогиа
51 Христо Здравков војник. загина во с. Габреш
52 Пандо Лолев Јован војник с. Желево.
загина на. Калирахи во 1947
53 Коста Параскевопулос Јорданис војник
Загина на 24.7.1947
54 Георги Георгиев војникод село Статица,
стрелан во Лерин
55 Маниос Неделкос војник остана жив
56 Гапков Илија војник остана жив
57 Ристо Ничов војник село Статица, стрелан во Костур
58 Спиро Преспаков војник загина на Грамос во 1948
59 Доне Димитров војник, загина во Преспа во 1947
60 Вангел Пападопулос десетар
61 Константинос Ставропулос борец
62 Коста Киров војник
63 Зисис Влахос војник
64 Апостолис Влахо војник
65 Спасе Христов војник
66 Трајче Јанкулов војник с. Статица стрелан во Лерин
67 Циле Васил Трајко, војник почина во Прекопана
68 Аристидис Теоипебидис војник

69 Ставре Попов војник од с.Трнаа,
загина во Лерин
70 Ило Дукетов војник с Трнаа, загина на Грамос
71 Јане Попов војник загина во Смрдеш во 1946
72 Георгиос Пападопулос десетар
73 Тсакмакидис Исаак борец
74 Христидис Вразас војник
75 Елисавета Пападопулу војник
76 Петрос Ахтаридис војник
77 Гиафатсас Атанасис војник
78 Зисис Влахос војник
79 Лукас Аргиријадис војник
80 Григориос Драмантсис војник
81 Томас Миропулос војник

Список на загинати борци од село Турје, Леринско:

1 Тодор Неделко Лазоров, грчко-итал. војна 1940- 1941
2 Доне Лазо Стефов, грчко-италијанска војна 1940- 1941
3 Блаже Нико Филев, грчко-италијанска војна 1940- 1941
4 Филип Коле Темов, грчко-италијанска војна 1940- 1941
5 Нуме Стојан Лазоров Елас 1942--1943
6 Васил Коле Кочов Елас 1942--1943
7 Павле КолеДонев НОВ-ЈНА 1944--1946
8 Васил Коле Филевичин НОВ-ЈНА 1944--1946
9 Лазор Павле Константинов ДАГ 1945—1949
10 Лазор Тодор Стојчев
11 Ристо Глигор Калчунов
12 Јован Петре Котев брат на Стојан
13 Стојан Петре Котев брат на Јован
14 Стасе Ламбро Пеов
15 Коле Коста Филипов
16 Сотир Коста Ангелов брат на Лазор

17 Лазор Коста Ангелов брат на Сотир
18 Павле Георги Темов
19 Ило Лазор Петров
20 Митре Трајко Новачков
21 Митре Јован Марков
22 Васил Ристо Узунов
23 Доне Диме Анастасов
24 Стојан Атанас Робев
25 Стјан Филе Божинов
26 Ристо Георги Стојков
27 Ило Димитрија Стојчев
28 Георги Јован Стојчев
29 Стасе Мите Ангелов, стрелан во Лерин со Сотир
30 Сотир Петре Бојан, стрелан во Лерин со Стасе
31 Павле Ристо Попов
32 Божин Божинов (од топовска граната во с. Турје)
33 Елефтериа Атанас Донева (од топовска граната во селоТурје)
34 Цила Павле Лазорова (загина од мина)
35 Георги Ило Манчев почина на фронтот

3.3.1988



Херојот Георги Христовски (1916 – 1993)



Георги Христовски како артилериски командир за време на борбите во егејскиот дел на Македонија

Стара фотографија од село Турје, родното место на Георги Христовски

Остатоци од црквата во село Турје

Георги Христовски (втор од десно со автомат во рацете) сликан со неговите борци во Костурско (11.7.1947)

Од лево на десно: курирот на Георги по име Атанас, Георги Христовски (комесар), Кацимис Харис (командир), курирот на Харис. Обата курири загинале во борбите на Грамос. Фотографијата е од 16.7.1947

Кацимис Харис и Георги Христовски на фронтот (1.7.1947)

Георги Христовски (комесар на Третиот партизански одред) со курирот Коле од с. Вишени (загинат во 1948). Фотографијата е од март 1947 под планината Вичо

Четата на Георги Христовски (1947 год.)

Георги Христовски (во средината) со свои соборци, сликани во Ташкент (СССР) на 7.11.1949

Георги Христовски со сопругата Петра и ќерките Марика (десно) и Вера, сликани во Ташкент

Родителите на Георги Христовски: Ристо и Јана со неговите тројца браќа (од лево на десно): Стојче, Ставре и Сотир (приредувачот на оваа книга)

Георги со сопругата Петра, братот Сотир и мајка им Јана (Скопје, 1973 год.)



Георги Христовски

БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ ЗАПИШАНИ ОД ГЕОРГИ ХРИСТОВСКИ

Роден сум на 31.12.1916 год. во село Турје, Леринско, Егејска Македонија. Потекнувам од пролетерско сиромашно семејство од татко Ристо и мајка Јана.

Селото Турје се наоѓа на 750 метри надморска височина над планините Вичо, Каменик и Поленота. Основно училиште (VI клас) го завршив во село Турје. На 16 години појдов да барам работа по селата на Света Гора, Халкидики.

Од 1937 до 1939 служев во артилериската единица во градот Кожани.

Од 1940 – 1941 година учествував во Грчко-италијанската војна во градот Пиреја кај Атина во англиските војски.

Од 1.3.1943 до 4.9.1946 служев во ЕЛАС, а потоа и во Југословенската армија како подофицер и како офицер капетан.

Од 4.9.1946 до 20.10.1949 бев учесник во ДАГ во Грција на разни функции. Имам воена книшка бр. 117 како артилериски капетан на ДАГ.

Од 4.11.1949 до август 1966 година живеев во СССР. Таму завршив четири години Индустриски техникум и шест години Машински институт со што станав дипломиран машински инженер.

Од 1966 до 1971 год. бев вработен во МЗТ (Металски завод Тито) во фабриката за машино-алатки ФАМ.

ОДЛИКУВАЊА:

1. 1941 година Грчко-италијанска војна, против-воздушна одбрана 88 вигерс од генерал-мајорот Шон Бајтис од Англиската војска.
2. Орден за храброст од ЈНА
3. ДАГ за борбите на Грамос, Гревена, Олимп и други.

Воен инвалид сум од седма група

28.12.1987 год.

ОБРАЌАЊЕ ПО ПОВОД ПОЧИНУВАЊЕТО НА ГЕОРГИ ХРИСТОВСКИ ОД СТРАНА НА НЕГОВИТЕ ПРЕЖИВЕАНИ СОБОРЦИ НА 3.2.1993 ГОД.

РОСНИНА 3-2-1993

Со неизмерна тага и болка се простуваме од нашиот почитуван и сакан соборец и другар ГЕОРЃИ ХРИСТОВСКИ,роден во 1916 год.во легендарното село Турје-леринско Егејска Македонија.

Веста за смртта на нашиот ГЕОРЃИ,длабоко не потресе и во овој миг се уште не можеме да поверуваме,дека престана да чука срцето на нашиот ведар и насмеан командант,соборец и другар,полн со разбирање и секогаш спремен да помогне.

ГЕОРЃИ,човек израснат и задоен со револуционерен слободарски дух,кој сите нишки од животот ги беше вткал во борбата на нашиот народ за својата посакувана слобода и со својата одданост беше спремен да го положи животот за македонското дело.Беше човек кој зрачеше со неисцрпна енергија,како примерен и неустрашив борец во првите редови на одредот"Вичо", одред кој претставуваше еден од никулците на македонската војска за извојување на националната и социјалната слобода на Македонскиот народ.

ГЕОЃИ,во таа најсурова војна на Вичо,на Грамос и на сите фронтови се истакна како воен стратег,како достоен командант,длабоко уверен дека еден ден ќе се остварат вековните желби за слобода на Македонскиот народ.Во таа долгогодишна војна,Георѓи беше неколку пати тешко рануван, но тој храбро и стоички ги поднесуваше кобните последици и живееше се до последниот миг со нарушено здравје.

ГЕОРЃИ,уште како млад се најде во беспаќата,со сета тага и болка за опстанок и достоен живот.Секогаш горд и поносен како Македонец,никогаш не се предаде на суровата судбина,на неумолливите патила што како беа како судбински за Македонскиот народ.Беше решителен и во најтешките услови и затоа никогаш не потклекна,туку беше и остана примерен другар меѓу нас соборците.

Поносни бевме со тебе наш ГЕОРЃИ!Ти беше пример за сите нас,голем и искрен другар,човек со големо срце,човек што го разбираше настрадaниот и напатен човек,а и самиот се бореше за човечките права и достоинство.

Во нашите срца вечно ќе живееш зашто смртта не е крај за благодарност и почитување за се што стори како примерен син на Македонскиот народ,нашите спомени се исполнети со љубов,почит и благодарност.

/

Драги ГЕОРЃИ !

Сите ние твои другари се сеќаваме на тој мачен животен емигрантски пат во далечниот Ташкент,далеку од своите родни огништа.Тагуваме за своите најблиски и за својот дом,а судбината и таму беше немилосрдна со сите нас, фрлајќи не на тие крстопати.Но,Ти и во тие тешки услови го заврши факултетот и се стекна со висока диплома на машински инженер,само со една цел-да се вратиме пак во нашите огништа и еднаш за вечно се ослободиме,но за нас остана само една вечна неостварена желба.

ГЕОРЃИ,Ти и во тие тешки емигрантски услови,беше наш командант и водач.Ти беше човек кој водеше грижа за Македонецот,за човекот,за војникот,за сочувување на нашето единство и идентитет.

Драги ГЕОРЃИ !

Не само што покажа храброст како борец,Ти беше и остана како примерен сопруг и татко,кој со своите високи морални квалитети создаде примерно семејство.Со својата примерна родителска грижа ги посочи твоите деца на патот да станат образовани и угледни луѓе за што денес и тие се гордеат со тебе,со твојот незаборавен лик.

Горди сме што те имавме и со голема болка се делиме од тебе.

Драги ГЕОРЃИ,твојот благороден лик вечно ќе го носиме во нашите срца, Со неизмерна тага и болка сите плачеме што неумоливата смрт те откина од нас,но сите ние со гордост ќе те споменуваме.

Драги Георѓи !

Сакан наш команданте!

Нека Ти е вечна слава !